Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 237, 2 септември 2019 година

септември 2019 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: доц. д-р Кирил Барбареев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област Кардиохирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање редовен професор за наставно-научната област Видови на инструменти – флејта на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за област Дизајнирање на текстил и облекана Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област Дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област Туркологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Фитотерапија” - скрипта од авторите проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров, Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 58

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по фитотерапија” од авторите доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по физиологија“ од авторот доц. д-р Мире Спасов, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 65

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Вовед во лабораториска работа“ од авторот доц. д-р Мире Спасов, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Технологија за заштита на животната средина” од авторот проф. д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Социјална економија (избрани теми)-скрипта” од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Александра Жежова, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 73

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Заштитни материјали и облека” од авторот д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инструментални фармацевтски анализи” - учебник од авторите проф. д-р Рубин Гулабоски, доц. д-р Викторија Максимова и проф. д-р Виолета Иванова Петропулос, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип 77

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата 80

**ПРЕДМЕТ**: Приговор од д-р Марија Соколова против Рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно–научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, објавен во Универзитетски Билтен бр. 236. 81

**ПРЕДМЕТ**: Одговор во врска со приговорот од адвокатот Давор Димитров, ополномоштен од кандидатката д-р Марија Соколова, против Рефератот против Рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно – научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, објавен во Универзитетски Билтен бр. 236. 87

**ПРЕДМЕТ**: Приговор - Подносител: м-р Македонка Б. Додевска против Извештајот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно – научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. 91

**ПРЕДМЕТ**: Одговор во врска со приговорот од кандидатката м-р Македонка Б. Додевска против рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно – научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, објавен во Универзитетски билтен бр. 236. 108

**ПРЕДМЕТ**: Приговор на Рефератот за избор на наставник во наставно научно звање редовен професор за наставно – научна област токсикологија на факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип од проф. д-р Даниела Чапароска. 110

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на приговорот поднесен од проф. д-р Даниела Чапароска заведен под број 2005-125/3 од 23.07.2019 година во врска со заклучокот на Рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област токсикологија (интерна медицина) на Факултетот за медицински науки, објавен во Билтен бр. 236. 112

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАРДИОХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-111/4 од 5.6.2019 година донесена на 223. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиохирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

– Академик д-р Ѓорѓе Радак - редовен професор за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија на Медицински факултет при Универзитетот во Белград, Р.Србија – претседател;
– Д-р Зоран Спировски - редовен професор за наставно-научната област хирургија, специјалист по тораклана и васкуларна хирургија, Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член;
– Д-р Андреја Арсовски – насловен вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија, вработен во ПЗУ „Ремедика“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 23.5.2019 година и во предвидениот рок се пријави: доцент д-р Александар Николиќ, специјалист по кардиоваскуларна хирургија, вработен како шеф на оддел Кардиохирургија во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Доцент д-р Александар Николиќ** е роден на 13.3.1965 година во Врбас, Р.Србија. Во 1979 година се запишува во Средното медицинско училиште во Нови Сад, во 1984 година се запишува на Медицинскиот факултет во Нови Сад, а во 1990 година дипломира со просечна оценка 8,59 и се стекнува со звање доктор по медицина. Во 1991 година се запишува на специјализација по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Нови Сад, а ја завршува во 1995 година на Медицинскиот факултет во Белград со оценка одличен. Во 2000 година ја брани својата магистерска теза со наслов „Uloga homocisteina kao faktora rizika ukoronarnoj okluzivnoj bolesti srca“ на Медицинскиот факултет во Белград, а во 2005 година ја брани својата докторска дисертација со тема под наслов „Procena parametara oksidativnog stresa srčanog mišića i antioksidativne zaštite za vreme operacija na otvorenom srcu“ на Медицинскиот факултет во Белград. Корисник е на неколку стипендии за стручно усовршување меѓу кои Clevel and Clinic Foundation-Cardiac surgery, Ohio USA во 1998 година, San Raffaele Hospital, Milano, Italia во 2000 година, Centre Cardio-Thoraciquede Monaco – Training fellow во 2003 година.

Своето работно искуство го започнува во 1991 година на Клиниката за кардиоваскуларна хирургија во Сремска Каменица, каде што работи до 1995 година. Во 1994 година е избран за асистент приправник на Медицинскиот факултет во Нови Сад на Катедра за кардиохирургија. Во 2003 година е избран за стручен соработник на Институтот

за здравствена заштита на мајки и деца во Србија „Д-р Вукан Ќупиќ“ во Белград во областа на кардиохирургијата. Од 1995 г., па сè до 2006 година е вработен во КВБ „Дедиње“ во Белград. Во 2006 година започнува со работа на Институтот за кардиоваскуларни болести Војводина во Сремска Каменица, како директор на Клиниката за кардиоваскуларна хирургија. Во 2006 година се вработува во Специјална болница „Филип Втори“ во Скопје, каде што работи до 2012 година. Од 2008 до 2017 работи како директор на Центарот за кардиохирургија во Клинички центар Подгорица, Црна Гора. Од 2017 до 2018 година работи во КВБ „Дедиње“ - Белград. Од февруари 2018 г. до денес работи како шеф на оддел Кардиохирургија во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје.

Во 2009 година е избран за доцент на Медицинскиот факултет во Подгорица, Катедра за хирургија.

Во 2009 година е избран за доцент на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Доцент д-р Александар Николиќ е вработен како специјалист по кардиоваскуларна хирургија и шеф на оддел Кардиохирургија во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје.

Негови членства во здруженија се:
- Член на Здружение на кардиоторакални хирурзи Белград;
- Член на Здружение на кардиоваскуларни хирурзи Белград;
- Член на Европското здружение на торакални и кардиоваскуларни хирурзи EBTCS (Fellow of European board of Thoracic and Cardiovascular Surgeons);
- Член на Интернационалното здружение на  кардиоваскуларни хирурзи ISCS;
- Член на Интернационалното здружение на торакални хирурзи ISCS;
- Член на Американското здружение на торакални хирурзи STS.
- Член на Македонско здружение за кардиоваскуларна хирургија.

Поле на интерес и работа на кандидатката доцент д-р Александар Николиќ се:
- Васкуларна хирургија;
- Коронарна хирургија;
- Хируршки третман на исхемична срцева болест;
- Хируршки третман на валвуларна срцева болест;
- Хируршки третман на аорта;
- Минимално инвазивна валвуларна хирургија;
- Трансплантација на срце – бели дробови;
- Хируршки третман на срцева инсуфициенција.

Доцент д-р Александар Николиќ е добитник на награда за постигнат висок успех во текот на студирањето на Медицинскиот факултет во Нови Сад (1991 година).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доцент д-р Александар Николиќ е доктор по медицински науки (документи во прилог);
2. Има просек 8,59 од додипломски студии;
3. Има препорака од работодавец и двајца професори;
4. Има доставено сепарати од сите негови научноистражувачки трудови во соодветната област (законскиот предуслов за избор во насловен вонреден професор се најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на доцент д-р Александар Николиќ публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои доцент д-р Александар Николиќ ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **A.Nikolic** | EuroSCORE as a predictor of extended intensive care unit stay after cardiac surgery, (2014) RAZAVI INT J MED | RAZAVI INT J MED | 11 години (од 2008 година) |
| 2. | Fatic N., Ilic N., Markovic D., **Nikolic A.,** Koncar I., Lazovic R., | Morphologic Predictors of in Hospital Moitality in AcuteType III Aortic Dissection, Angiology and Vascular Surgery ISSN 1027-6661, No.3 2016; | Angiology and Vascular Surgery | 10 години (од 2009) |
| 3. | Fatic N., **Nikolic A.,** Maras D | 3. Cystic Adventitial Disease in Former Athlete, Macedonian Journal of Medical Science, 9. July 2015, ISSN 1734 DOI: https://doi.org/10.3889/oamjms.2015.084 | Macedonian Journal of Medical Science | 8 години (од 2011) |
| 4. | **A. Nikolic,** G. Nikolic | Inicial experience vvith transcatheter aortic valve implantation in Montenegro (2014) Razavi International journal of Medicine, Vol 12, Issue 4, ISSN 2345-6426 | Razavi International journal of Medicine | 8 години (од 2011) |
| 5. | **Nikolic A.,** Mijalkovic D.,Kastratovic D.,Blagojevic D.,Davidovic B.,Spasic M. | Elevated serum urid acic reduce heart damage in patientes undergoing open heart surgery, Acta chirurgica iugoslavica ISSN0354-950x. | Actac hirurgica iugoslavica | 17 години (од 2002 година) |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Доцент д-р Александар Николиќ е член на повеќе здруженија од областа на кардиохирургијата, бил предавач на многубројни симпозиуми и стручни семинари, бил пленарен предавач и на Конгресот на студенти по општа медицина на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Учествувал во работата и организацијата на голем број симпозиуми, семинари, меѓународни конгреси:

– Our expirience in minimally invasive valve surgery advantages and disadvantages, I0lh World Congress World Society of Cardio-Thoracic Surgeons- Ванкувер Канада, 2000 година.

- 1CTS Third World Congress – Салзбург, Австрија, 1993 година.
- Resection of left ventricular aneurysm-our experience with 1 19 patientes'The International Society for Cardiovascular Surgery XXI World Congress - Лисабон, Португалија, 1993 година.
- Early and late thromboembolic complications after implantation of the carbomedics mechanical pi The 43rd Annual Meeting of the Scandinavian Association for Thoracic Surgery The Scandinavian Society 1 Excorporeal Tehnolgy - Копенхаген, Данска, 1994 година.
- Factors that decrease operative risk in triple valve surgery-results in 300pts Mediterranenan Assoc ation of Cardiology and cardiac Sugery 7 th Annual meating- Хамамет, Тунис, 1994 година.
- Myocardial revascularization with internal mammary artery. 1 Congres of Serbian Society of Cardiology – Копаоник, 1992 година.
- Resection of left ventricular aneurysm-our experience with 141 patients, 10lh Anniversary internacional sypo;ium on cardiovascular diseases - Нови Сад, 1994 година.
- Rana ehokardiografska procena bolesnika sa rekonstrukcijom mitralne valvule, XIII Jugoslovenskikongreskardiologa - Нови Сад, 2001 година.
- Tumori srca-ehokardiografska dijagnostika, procena i njen znacaj za hirusko resavanje, XIII Jugoslovenski kongres kardiologa, Нови Сад, 2001 година.
- Indikacije i hiruska tehnika transplantacije srca-pluca, 21. Kongres hirurga Jugoslavije-Белград, 2001 година.
- Rekonstruktivna hirrgija u lecenju obolenja mitralne valvule, I Konkres kardiologa-Република Српска, Бања Лука, 2005 година.
- Asimptomatski bolesnici sa mitralnom insuficijencijom, lV Kongres kardiologa Srbije, Белград, 2006 година.
- Impact of corelation of ischemic mitral valve on left ventricular reverse remodeling, 2'.3rd world Congressof WSCTS – Сплит, Хрватска, 2013 година.
- Left ventricular reverse remc deling after correction of ischemic mitral valve , 8th Euro Asian Bridge annual Meeting, 5th Razavi International cardiovascular surgery conress, 3rd International perfusion Conress - Иран, 2011 година.
- Promena remodelovanja leve komore posle korekcije ish unicne mitralne valvule, III Kongres kardiologa Republike Srpske sa medjunarodnim ucescem - Бања Лука, 2012 година.
- Hirurgija mitralne valvule, VI Kongres kardiologa i angiologa BiH pod pokroviteljstvom ANUBiH i Univerziteta u Tuzli - Тузла, Босна и Херцеговина, 2013 година.
- Petogodisnje iskustvo u lecenju torakalne aorte, Simpozijum savremeni pristupi u lece iju aotre, Akademija nauka i umjetnosti BiH, odeljenje medicinskih nauka - Сараево, Босна и Херцеговина, 2014 година.
- Evolut PRO Team Approach to TAVI Training, Будимпешта, Унгарија, 2018 година.
- 32$^{nd}$ EACTS Annual Meeting- Милано, Италија 2018 година.
- Современо лекување на коронарна болест „Стеноза на каротида“ - Аџибадем Систина, Скопје, 2018 година.
- Меѓународен конгрес „Индивидуални пристап у клардиоваскуларној превенцији и терапији – Белград, 2018 година.
- Minimally Invasive Cardiac Surgery, Clical Immersion – Атина, 2019 година.
- 2019 AATS Mitral Conclave - Њујорк, САД, 2019 година.

Автор и коавтор е на над 15-тина трудови од областа на медицината во домашни и во странски списанија. Коавтор е на три учебници. Одлично го владее англискиот јазик.

Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на доцент д-р Александар Николиќ (публикувани во последните 5 години)

Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:

1. Nikolic A. (2014) EuroSCORE as a predictor of extended intensive care unit stay after cardiac surgery, Razavi International Journal of Medicine;
2. Fatic N., Ilic N., Markovic D., Nikolic A., Koncar I., Lazovic R., Morphologic Predictors of in Hospital Moitality in Acute Type III Aortic Dissection, Angiology and Vascular Surgery Russian Society of Angiolog/ and Vascular Surgery, ISSN 1027-6661, No.3 2016;
3. FaticN., Nikolic A., Maras D., Cystic Adventitial Disease in Former Athlete, Macedonian Journal of Mecical Science, 9. July 2015, ISSN 1734-1922;
4. Nikolic A., Nikolic G. (2014) Inicial experience vvith transcatheter aortic valve implantation in Montenegro, Razavi International journal of Medicine, Vol 12, Issue 4, ISSN 2345-6426;
5. Nikolic A., Mijalkovic D.,Kastratovic D.,Blagojevic D.,Davidovic B.,Spasic M.: Elevated serum urid acic reduce heart damage in patientes undergoing open heart surgery. Acta chirurgica iugoslavicaVolLlll YU ISSN0354-950x.

Б. Трудови што се публикувани во периодот до избор за доцент (овие трудови не се бодуваат бидејќи се бодувани при изборот за доцент)

6. Nikolic,D.Schrahz,N.F lristov,Z.Mitrev, Amplatzer occlusion of paravalvular leak of mitral mechanical prothesis following a reoperation for thrcmhoses mitral mechanical prothesis, lnteractiv cardiovascular and thoracic surgery p g 941 ISSN 1569-9293.
7. Stokic E, Nikolic A, Radak Dj, Effects of orlistat on weight loss, risk factors and global cardiovascular risk in obese patients, Zv7.s-ev/cr (2006) 115.
8. Jovanovic D., Fabri M.,Muzikravic Lj., Nikolic A., Hemostaza kocl krvarenja gornjeg digestivnoi trakta primenom flbrin adhezivne supstance BERIPLAST-l' eksperimentalni endoskopski model, Arch ves of Gastroenteropathology, Vol 8, No 3, str 125 ISSN 0352-082x.
9. N.Radovanovic,B.Mihajlovic,Lj.Petrovic,F.Vuk,S.Nastasic,Z.Jocic,S.Nicin,J. Selestjanski,M.Djordjevic,A Nikolic,M.Popov, The surgical treatment of infective endocarditis.Cardiology 1992, ISSN 0352-9320.
10. Radovanovic,J.Lavac,S.Nicin,Lj.Petrovic,F.Vuk,B.Mihajlovic,S.Nastasic,Z.JocicJj. Selestjanski, A.Nikolic,M.Popov, Miocardial revascularisation with internal mammary artery.Cardiology (1992) ISSN 0352-9320.

В. Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборници од конгреси и конференции

11. Nikolic A., (20I4) Petogodisnje iskustvo u lecenju torakalne aorte, Simpozijum savremeni pristupi u lece iju aotre, Akademija nauka i umjetnosti BiH, odeljenje medicinskih nauka, Sarajevo, BiH, 9. Maj 2014.
12. Nikolic A. Impactofcorelationof ischemic mitral valve on left ventricular reverse remodeling, 2'. rd world Congress of WSCTS, Split, Croatia, 12-15 Sept. 2015.
13. I.Radovic S., Rakocevic N., Bobic Lj., Drekalovic S., Krnjevic M., Matkovic D., Nikolic A., Popovic A., Miocevic M., Anestesia for transcatheter aortic valve implatation (TAVI)-an early experience, Dubrovnik, Croa ia.The Journal of cardiovascular surgery, Vol53, Suppl I, No2.str.36.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи,како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа доцент д-р Александар Николиќ има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Доцент д-р Александар Николиќ е интернационално признат кардиохирург кој има дадено огромен придонес во развојот на кардиохирургијата во Европа. Тој е еден од пионерите во вградување на вештачко срце во Македонија. Д-р Николиќ учествувал на голем број интернационални обуки под менторство на светски познати кардиохирурзи, а учествувал и во обука на голем број млади доктори и специјализанти во Црна Гора, Србија и Македонија. Досега д-р Николиќ има извршено неколку илјади кардиохирушки интервенции. Резултатите од неговата работа се презентирани на голем број интернационални конгреси, симпозиуми и семинари.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, **Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере доцент д-р Александар Николиќ во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиохирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик д-р Ѓорѓе Радак, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Зоран Спировски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Андреја Арсовски, насловен вонреден професор, член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ
на доцент д-р Александар Николиќ

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање доцент | 30 |
| | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВКУПНО | 30 |

| Ред. бр. | НАУЧНИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)(15/10/5 ) | / | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)(9/6/3 )<br>Трудови под реден бр. 1, 4 и 5-прв автор<br>Труд под реден број 3-втор автор<br>Труд под реден број 2-трет автор | 3 x 9 = 27 поени<br>1 x 6 = 6 поени<br>1 x 3 = 3 поени<br>Вкупно: 36 поени | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Труд под реден бр. 11, 12, и 13(ситево странство)<br>ВКУПНО = 6 поени | 3 x 2 = 6 поени | 6 |
| 10 | Член на организациски или научен одбор на научен собир<br>6 x 2 = 12 поени | 6 x 2 поени | 12 |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | |
| 22 | Студиски престој во странство<br>-2 научни престои во странство во Белград, Р Србија и во Подгорица, Црна Гора<br>2 x 8 = 16 поени | 16 поени | |
| | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ВКУПНО | 70 поени | |
| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
| | | во земјава | во странство |
| 6 | А. Николиќ, Пресадување на вештачко срце во Македонија, Конгрес на студенти по општа медицина УГД Штип, мај 2019 (пленарно предавање) | 1 поен | |
| 13 | Учесник во научен проект (3 поени за домашен проект) (максимум во три проекти)<br>еден апликативен проекта дома – Пресадување на вештачко срце | 3 поени | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела<br>Член на 4 тела во областа на кардиохирургијата<br>4 x 5 = 20 поени | 20 поени | |
| | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ – ВКУПНО | 24 поени | |

ВКУПНО: 124 поени

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – ФЛЕЈТА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1402-69/14 од 5.6.2019 година, донесена на 52. седница на Наставно-научниот совет на Музичка академија, одржана на 5.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање редовен професор за наставно-научната област видови инструменти – флејта на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 23.5.2019 година и во предвидениот рок се пријави м-р Златка Митева, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичка академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Златка Митева** е флејтист од младата генерација, родена во 1980 година. По завршувањето на Средното музичко училиште во Штип го продолжува своето образование на Националната музичка академија „Панчо Владигеров” во Софија, кај проф. Лидија Ошавкова, каде што дипломира и магистрира во 2005 година како музичар изведувач.

Својот музички профил Златка Митева го усовршува на многубројни семинари и мајсторски класови кај еминенти светски флејтисти, како Патрик Гала, Жерард Бургоњ, Андраш Адорјан, Марина Новак, Филип Бернолд, Клаудио Ферани и др. Носителка е на музички награди од државни и меѓународни натпревари по флејта и камерна музика, меѓу кои лауреат на меѓународниот натпревар „Петар Коњович” во Белград во 1998 година и добитник на специјална награда по камерна музика на меѓународниот натпревар „Земјата и луѓето” во Софија, Бугарија, во 2002 година.

М-р Златка Митева има бројни настапи на музички фестивали во земјава и во странство: концерт со Македонската филхармонија во Скопје во 1998 година, концерт со Академскиот симфоничен оркестар во Софија, Бугарија, во 2002 година, концертен настап на „Мајски денови” во Русе, Бугарија, солист на фестивалот „Бахови вечери” во Софија, концерти на Штипско културно лето, „Интерфест“ - Битола, концерти со квартет „Flautissimo“ на музичкиот фестивал „Аполонија“ и Европскиот музички фестивал во Софија и во Варна, целовечерни концерти во Ликовниот салон во Велес и Уметничка галерија „Безистен“ во Штип. Со пијанистката Наташа Трбојевиќ остварува успешни концерти во Државната библиотека во Касел, Германија, Музеј „Борис Христов“ во Софија, „MC Gallery“ во Њујорк, на отворање на манифестацијата „Петровденски конаци“ во Кочани, Уметничка галерија „Безистен“ во Штип, во Струмица, Тетово и др. Зазема учество на 9. флејтов фестивал во Загорје обСави, Словенија, учество на 15. флејтова конвенција „FLAUTISSIMO“ во Рим, Италија, 1. Флејтов фестивал за студенти и професори во Загреб, Хрватска.

М-р Златка Митева е член на камерниот состав „ТРИО АКАДЕМИКО“ и заедно со овој состав остварува успешна музичка кариера и концертира на повеќе фестивали низ Македонија: „Св. Софија” во Охрид, Штипско културно лето, Скопско лето, Музеј на Град Скопје, концерти во Куманово, Велес, Кочани, Струмица и Битола, како и на меѓународната сцена: Интерфокс – Осиек во Хрватска, концерти на музичките академии во Белград и во Нови Сад во Р. Србија, на Музичката академија „Франц Лист“ во Печ и во Будимшешта, Унгарија.

Таа е член и на Академското дувачко трио со кое имаат реализирано концерти во

Штип, во „Св. Софија“ - Охрид и во Чешкиот културен центар во Софија, Бугарија. Таа, исто така, настапува и со ансамблот за современа музика на Сојузот на композиторите на Македонија „Контемпора“, со кој има реализирано повеќе концерти.

Во 2017 година издаде ЦД (Музика за флејта и пијано од македонски автори), заедно со пијанистката Наташа Трбојевиќ.

Во моментов, м-р Златка Митева е вонреден професор по флејта на Музичката академија на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

1. Вонреден професор од област во која се избира со завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности или фолклористика;
   – Кандидатката проф. м-р Златка Митева е избрана во звање вонреден професор за наставно-научна уметничката област флејта на Музичката академија на 4.11.2014 година од страна на Наставно-научниот совет на МА во Штип. На Конкурсот таа има приложено оригинални дипломи и тоа: диплома магистер на музичка уметност – музичар изведувач – флејтист, стекната на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р.Бугарија; диплома дипломиран музичар изведувач – флејтист, стекната на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р.Бугарија. Покрај оргиналнате дипломи за магистерски и за дипломски студии, согласно со дополнителниот услов од Конкурсот, кандидатката има приложено нострафицирани дипломи издадени од МОН на РМ, како и еквиваленција на оценките издадени исто така од МОН на РМ.
2. Изведба на осум целовечерни концерти (во земјава или странство)
   – Кандидатката проф. м-р Златка Митева има приложено концертни програми за изведба на 27 целовечерни концерти (во земјава и во странство) и 1 групен настап на концерти во траење до 30 минути. Концертите се реализирани во периодот од јуни 2014 до мај 2019 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД;
3. Под негово менторство се изработени дипломски или магистерски трудови
   – Под менторство на проф. м-р Златка Митева се изработени 4 дипломски и 1 магистерски труд.
4. Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност
   – Проф. м-р Златка Митева покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските и магистерските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметот Флејта.
5. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници
   – Проф. м-р Златка Митева има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници, дипломираните флејтисти и музичари изведувачи од класата по флејта на проф. м-р Златка Митева веќе работат како наставници по флејта во музичките училишта во РСМ.
6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или це де или ДВД
   – Проф. м-р Златка Митева има издадено авторско ЦД (музика за флејта и пијано од македонски автори) со пијанистката Наташа Трбојевиќ;
7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот
   – Проф. м-р Златка Митева има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот;
8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.

– Проф. м-р Златка Митева има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.

***Наставно-образовна дејност***

Од 4 ноември 2014 година проф. м-р Златка Митева е вработена и избрана за вонреден професор за наставно-научната уметничка област флејта на Музичката академија при УГД-Штип. Претходно е избрана како доцент во 2010 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Митева е автор на рецензирана скрипта за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ со наслов „Интерпретациските проблеми на Сонатата за флејта и пијано ‘Ундин’ оп.167 од Карл Рајнеке со анализа на први став“ (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4).

Митева е автор на интерна скрипта - предавање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ по предметот Флејта со оркестарски делници (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 5).

Митева била ментор на 4 дипломци на првиот циклус студии на Факултетот за музичка уметност при УГД (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 14).

Од изборот во 2014 година до денес на Музичката академија при Вокално-инструменталниот оддел таа ги предава предметите Флејта и Камерна музика, (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 25).

Во академските 2014/2015 и 2015/2016 година, Митева предаваше 4 предмети на вториот циклус студии по матичен инструмент при Факултетот за музичка уметност, УГД – Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 27).

Во периодот од 2014 до 2019 година, студентите од класата по флејта на проф. м-р Златка Митева одржаа 10 целовечерни групни и солистички концерти, 1 прва награда на меѓународен натпревар и 1 студент на едногодишен студиски престој во НР Кина наведени подолу:

1. 1.7.2014 - Годишен концерт на студентите од ВИ оддел на Музичката академија при УГД – Штип (класа проф. м-р Златка Митева);
2. 23.12.2014 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од Музичката академија при УГД - Штип (класа проф. м-р Златка Митева);
3. 21.12.2015 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел при Музичка академија - Штип (класа проф. м-р Златка Митева);
4. 20.12.2016 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од Музичката академија при УГД Штип во концертната сала на Музичка академија во Штип (класа проф. м-р Златка Митева);
5. 25.12.2017 - Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (Флејта, кларинет и камерна музика), (класа проф. м-р Златка Митева);
6. 20.12.2018 - Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (Флејта, кларинет и камерна музика), (класа проф. м-р Златка Митева);
7. 27.4.2019 – Концертен настап на студентите од класата на проф. м-р Златка Митева на 1. фестивал за флејта во Загреб, Хрватска;
8. 20.5.2019 - Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Кочани (класа проф. м-р Златка Митева);
9. 21.5.2019 - Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип (класа проф. м-р Златка Митева);
10. 22.5.2019 - Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Велес (класа проф. м-р Златка Митева);

11. Во април 2018 г., наставно-образовната дејност на Митева беше крунисана со награда на нејзината студентка Тамара Лазарова, која доби прва награда на меѓународниот натпревар „Полихимнија“ во Скопје;
12. Од периодот септември 2018 до јули 2019 студентката Тамара Лазарова од класата на проф. м-р Златка Митева доби стидендија за едногодишен студиски престој на Универзитетот во Хангшоу, Р. Кина.

*Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности*

Од доставената документација, во периодот по изборот на м-р Златка Митева во претходното звање доцент во мај 2014 година до денес, во признати домашни и странски концертни сали има вкупно 27 целовечерни концерти од кои 17 целовечерни концерти во земјава, 10 целовечерни концерти во странство, 10 концерти на студентите од класата на проф. м-р Златка Митева, 2 концертни настапи од 20 минути, 1 настап со камерен групен концерт. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

***Целовечерен солистички - камерен концерт***
***Во земјава:***

1. 16.5.2014 г. –Целовечерен камерен концерт на „Трио академико“, НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип (поддржан од Министерство за култура на Р.Македонија);
2. 20.5.2014 г. –Целовечерен камерен концерт на „Трио академико“, НУЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово – во рамки на фестивалот „МОДОАРС“ (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
3. 21.5.2014 – Меморијален концерт во Уметничка галерија „Безистен“ – Штип;
4. 7.7.2014 г. –Целовечерен концерт на „Трио академико“ на Скопско лето – Уметничка галерија „Даут Пашин амам“ - Скопје (поддржан од Министерство за култура на Р.Македонија);
5. 26.11.2014 г. –Целовечерен камерен концерт на „Трио академико“ во НУЦК Битола (поддржан од Министерство за култура на Р.Македонија);
6. 23.5.2015 - Концерт на ансамблот „Кон темпора“ во рамки на програмата „Современи европски композитори“ (Златка Митева – флејта);
7. 27.5.2015 - Концерт на дувачко академско трио на Музичката академија во Штип (Златка Митева – флејта, Владимир Лазаревски – обоа, Бранко Павловски – кларинет);
8. 15.6.2015 – Камерен концерт на Златка Митева – флејта, Наташа Трбојевиќ – пијано и Димитар Кожухаров, НУЦК „Ацо Шопов“ – Штип (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
9. 18.6.2015. – Камерен концерт на Златка Митева – флејта, НаташаТрбојевиќ – пијано и Димитар Кожухаров, Ликовен салон - Велес, во рамки на манифестацијата „Велес град на културата за 2015“ (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
10. 7.11. 2016 – Концерт на „Трио академико“ (Златка Митева - флејта и Бранко Павловски - кларинет, НаташаТрбојевиќ - пијано) на „Концерт по повод 135 години од раѓањето на Бела Барток“ во концертната сала на Музичка академија при УГД во Штип.
11. 14.11.2016 – Концерт на „Трио академико“ (Златка Митева - флејта и Бранко Павловски - кларинет, Наташа Трбојевиќ - пијано). Концерт по повод 135-годишнината од раѓањето на Бела Барток“ во Музеј на Град Скопје.
12. 20.12.2017 - Концерт на ансамблот „Кон темпора“ во Штип (Златка Митева – флејта).
13. 3.4.2018 - Концерт на ансамблот за современа музика „Кон темпора“ на фестивалот „41. ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА“ (Златка Митева – флејта).

14. 12.5.2018 - Концерт на „ТРИО АКАДЕМИКО“ на одбележување на Денот на Европа 2018.
15. 5.7.2018 - Целовечерен концерт „Музика за флејта и пијано - Вечер на македонски автори“, Златка Митева – флејта, Наташа Трбојевиќ - пијано (свечено отворање на манифестацијата „Петровденски конаци 2018 год.“ во НУЦК „Бели мугри“ во Кочани).
16. 4.12.2018 - Целовечерен концерт „Бисери на мизичката литература“ Златка Митева – флејта, Наташа Трбојевиќ - пијано во Музичко училиште „Боро Џони“ во Струмица.
17. 5.12.2018 - Целовечерен концерт „Бисери на музичката литература“ на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец“ во Тетово.

***Во странство:***

1. 1.6.2015 - Концерт на Дувачко академско трио во Чешкиот културен центар во Софија, Бугарија (Златка Митева – флејта, Владимир Лазаревски – обоа, Бранко Павловски – кларинет);
2. 26.5.2016 - Концерт на „Трио академико“ во концертната сала „Даворин Јенко“ во Белград - Р.Србија.(Златка Митева – флејта, Бранко Павловски – кларинет, Наташа Трбојевиќ – пијано)
3. 27.5.2016 - Концерт на „Трио академико“ во концертната сала на Музичката академија при Факултетот за уметности во Осиек, Хрватска (Златка Митева – флејта, Бранко Павловски – кларинет, Наташа Трбојевиќ – пијано);
4. 10.5.2017 - Концерт на „Трио академико“ на Меѓународниот фестивал на класична музика „Intervox“ во Музеј на Славонија во Осиек, Хрватска (Златка Митева – флејта, Бранко Павловски – кларинет, Наташа Трбојевиќ – пијано);
5. 11.5.2017 - Концерт на „Трио академико“ на Уметничката академија во Нови Сад, Р.Србија.(Златка Митева – флејта, Бранко Павловски – кларинет, Наташа Трбојевиќ – пијано);
6. 26.10.2017 - Вечер на македонски автори - Концерт на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ во Музејот на „Борис Христов“ во Софија, Р.Бугарија.
7. 8.11.2017 - Концерт на „Трио академико“ на Уметничката академија „Франц Лист“ во Печ, Р.Унгарија - ZMI Liszt Ferenc Hangversenyterem, Pécs, Zsolnay Kulturális Negyed.
8. (Златка Митева – флејта, Бранко Павловски – кларинет, Наташа Трбојевиќ – пијано);
9. 16.6.2018 - Концерт „Aime-moi“ на Златка Митева – флејта, Наташа Трбојевиќ – пијано во Касел - Германија.
10. 29.9.2018 - Концерт за флејта и пијано од македонски композитори на Златка Митева - флејта и Наташа Трбојевиќ – пијано во Gallery MC во Њујорк - САД.
11. 27.4.2019 – Целовечерен концерт на Златка Митева – флејта и Наташа Трбојевиќ – пијано на 1. фестивал за флејта во Загреб, Хрватска.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

1. Во 2018 година дуото Митева – Трбојевиќ го издаде своето авторско ЦД. На ова ЦД Митева и Трбојевиќ изведоа дела за флејта и пијано од македонски композитори од постарата и помладата генерација: Стојков, Бранголица, Зографски, Џамбазов, Велковска-Трајановска,Гавриловски и др.
2. Во 2018 година проф. м-р Златка Митева беше дел од снимањето на авторското ЦД „...am I a falcon, a stormoranunendingsong?“ на композиторката Јана Андреевска, во издание на Сојузот на композиторите на Македонија (СОКОМ) и Музичко-издавачкиот центар од Скопје.
3. Од 2014 до 2019 година проф. м-р Златка Митева е редовен член на ННС на Музичката академија, член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце

Делчев“ во Штип, шеф на Катедрата за дувачки инструменти на Музичката академија во Штип, редовен член на комисиите за приемни испити и завршни испити по предметот Флејта, Обоа, Кларинет, Камерна музика на Вокално-инструменталниот оддел на додипломските и постдипломските студии. Таа е дел и од тимот кој ги изработува студиските програми за матичен инструмент на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област инструмент флејта на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Златка Митева, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област флејта на Музичката академија, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ воШтип.

Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности, преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, **Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот м-р Златка Митева да биде избрана во звање редовен професор за наставно-научната област флејта на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип** и одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на м-р Златка Митева во звање редовен професор за наставно-научната област флејта на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лидија Ошавкова, редовен професор, претседател, с.р,**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, редовен професор, член, с.р.**
**М-р Ѓеорги Мицанов, редовен професор, член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | ВКУПНО | 1 | 40 | | | 40 |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br>27 целовечерни концерти (17 концерти во земјава и 10 концерти во странство) | 17x3 | 51 | 10x6 | 60 | 111 |
| 21. | Награди-признанија за научни/ уметнички постигнувања, сценско-музички награди<br>(Прва награда на меѓународниот натпревар „Полихимнија„ во Скопје | 1x5 | 5 | | | 5 |
| | ВКУПНО | | 56 | | 60 | 116 |
| | | | | | | |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојнадејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Издаден компакт диск ЦД | 1x6 | 6 | | | 6 |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела (член на Универзитетски сенат на УГД - Штип од мај, 2019) | 1x5 | 5 | | | 5 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (шеф на Катедрата за дувачки инструменти, комисија за приемни испити по флејта, обоа, кларинет, комисии за завршни испити по флејта, обоа, камерна музика, камерна музика на ВИ оддел, комисија за постдипломски студии по флејта) | 4x2 | 8 | | | 8 |
| | ВКУПНО | | | | | 19 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 175 |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2302-90/8 од 14.8.2019 година донесена на 93. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 14.8.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 9.7.2019 година и во предвидениот рок се пријави доц. м-р Јордан Ефремов.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

*Биографски податоци*

**М-р Јордан Ефремов** е роден на 16.3.1966 година во Штип, Р. Македонија, каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1990 година, во областа сликарство, со насока Модно креирање и се здобива со право на стручен назив: дипломиран сликар со модно креирање. Во областа сликарство дипломира во класата на реномираниот сликар и професор Душан Перчинков, додека во областа модно креирање кај професорката Зорица Тодорова-Младеновиќ. Во периодот од 1993 до 1994 година, со дополнително редовно посетување на два семестри, се стекнува со уверение за положени испити од педагошката насока на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Магистрира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во областа сликарство под менторство на проф. м-р Антони Мазневски на тема со наслов „Ликовна биопрогресија“, на 28 мај 2010 год., со просечна оценка 8,83 и се стекнува со академски статус магистер по ликовни уметности од областа сликарство.

Од 1.9.1989 до 1.9.1993 година работи како наставник по предметот Ликовна култура со дизајн и историја на уметност во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.9.1993 до 1.9.2000 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во Основното училиште „Кирил и Методиј“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.9.2000 до 1.9.2009 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со дизајн историја на уметност во средните општински училишта: СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип, Р. Македонија; СОУ „Јане Сандански“ во Штип, Р. Македонија; СОУ „Никола Нехтенин“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.9.2009 до 1.12.2011 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во основното училиште „Ванчо Прќе“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.12.2011 година работи како референт во Центарот за односи со јавноста, во Одделот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија.

Од 3.2.2015 година е избран за универзитетски доцент од наставно- научната област дизајнирање на текстил и облека, на студиската програма Текстил дизајн и менаџмент на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Законски условикои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Со Одлука бр.2302-40/7 од 3.2.2015 година кандидатот м-р Јордан Ефремов е избран за доцент од наставно-научна и уметничка област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факулет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Магистер на соодветната научно-уметничка област
   Кандидатот има научно-уметнички степен магистер на ликовни уметности од научно-уметничка област во која се избира - дизајнирања на текстил и облека.
3. Најмалку пет признати меѓународни уметнички и стручни претставувања во земјава или во странство во последните пет години и објавени научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание или место на претставување на трудот | Години на излегување на списанието или година на претставување на трудот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and Jordeva, Sonja and and Dimitrijeva Kuzmanoska Vangja (2019) | Tipology of personalities in fashion | Tekstilna industrija, pp. 271 - 280. ISSN 978-86-900426-1-6 | 2019 |
| 2. | Jordeva, Sonja and Golomeova Longurova Sashka and Kertakova Marija and Mojsov Kiro and Efremov Jordan (2019) | Takstile and sustainable insulating material for buildings | Tekstilna industrija, 67 (2). pp. 20-28. ISSN 0040-2389 | 2019 |
| 3. | Kertakova, Marija and Risteski, Sanja and Dimitrijeva, Vanga and Efremov, Jordan (2019) | Fashion as a social phenomenon-socio-psychological mechanisms of impact. Contemporary trends and innovation in the textile industry | Tekstilna industrija, pp. 70-78. ISSN 978-86-900426-1-6 | 2019 |
| 4. | Jordan Efremov – Јордан Ефремов | Biokinetic dream 2 – Биокинетичен сон 2 | Osten International Biennial of Drawing Skopje, Остен интернационално биенале на цртеж Скопје | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Jordan Efremov – Јордан Ефремов | Biokinetic crucifixion – Биокинетичко распетие | International Miniature Exhibition “Pictures of many people” – R. Bulgaria, Меѓународната ликовна изложба „Картина от мнозина“ во Р. Бугарија. | 2018 |
| 6 | Jordan Efremov – Јордан Ефремов | Bioprogression - Биопрогресија | International exhibition in the monastery of St. Georgia, - ZavidnicaNis – R. Serbia, Интернационална изложба во манастирот Св. Ѓеорѓија, - Завиднице кајНиш, Р. Србија | 2016 |
| 7 | Jordan Efremov – Јордан Ефремов | BiokineticVinus – Биокинетичка Венера | International Exhibition titled “Goodness multiplies by division”, Belgrade Интернационална изложба со наслов „Доброта се множи дељењем„ Белград | 2016 |
| 8 | Jordan Efremov – Јордан Ефремов | Biokinetic Predetermination – Биокинетичка предодреденост | Osten International Biennial of Drawing Skopje Остен интернационално биенале на цртеж, Скопје | 2016 |

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот Јордан Ефремов поседува долгогодишно педагошко искуство. Како наставник по предмети од областа на ликовната култура, уметност, дизајн и ликовно образование тој е вклучен во наставно-образовна дејност уште во 1989 година.

   Евалуација на трудот: Движењето на турската литература е поделено на неколку широки периоди. Постарата литература го опфаќа периодот од селџуците (900-1300) и османлискиот период (1300-1922). Раниот период на отоманската литература, до 16 век, бил под влијание на персиските идеи. Во 1520 година почнуваат арапските идеи да доминираат. Движењето на турската литература е често дел од политичките движења, посебно појавувањето на турскиот патриотизам. Овој публицитет се фокусира на влијанието на Западот, особено на францускиот концепт на национализам во турската литература - Младата турска револуција, посебно Првата светска војна и турската војна за независност и реформацијата на Мустафа Кемал Ататурк. Сите овие случувања длабоко ќе влијаат на современата турска литература. „Нова турска литература" е жанр на литература развиен и трансформиран паралелно со западните ефекти.

7. Gurel, Zeki, Celik, Mahmut (2018) Nâmik Kemâl'İn Hayati Sanati ve Eserleri Üzerine. International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X

   Евалуација на трудот: Во овој труд авторот дава општ преглед за творештвото на Намик Кемал. Намик Кемал е една од најобоените фигури во периодот што во турската политичка историја се нарекува „Tanzimat Devri" или (Ера на реформи), а подоцна се нарекува „Ера на турската литература за истражување". Тој беше поет, новинар, писател и политичар, кој најмногу влијаеше врз неговите наследници. Исто така, тој се нарекува „поет на татковината" во турската литература. Балканот има посебно место во неговиот живот, бидејќи неговата мајка е родена во Бугарија (дедо му бил на должности во Бугарија), а тој се жени со ќерката на кади Мустафа Рагип Ефенди од Ниш. Особено во некои негови дела сме сведоци и на бурните времиња што се случувале во Балканот.

8. Koteva, Ivana, Celik, Mahmut, İvanova, Vesna (2018) Poetic creation of Ilhami Emin published in Macedonian language. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X

   Евалуација на трудот: Цел на истражување на авторите е да го дознаат литературниот пат на Илхами Емин, како и неговото поетското творештво објавено на македонски јазик. За таа цел истражувањето започнува од литературните извори кои ни нудат податоци за неговиот почеток и развојниот пат на литературната сцена. Потоа пристапува кон неговата

прва книга „Животот пее и плаче“, издадена во 1955 год., па движејќи се нанапред, сè до збирката поезија „Ѓултепе“ (2010) ги забележува мотивите кои ги исполнуваат овие дела. Секое следно дело е продолжение на претходното, секое е со наслов и мирис на розата, која симболизира љубов, мирис и почит. А мотивите во нив постојано се надополнуваат и испреплетуваат.

9. Jusufi, Imer, Celik, Mahmut, Liman, Fatime (2018) The development of the contemporary Turkish literature in Macedonia. International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X

Евалуација на трудот: Во овој труд авторот дава еден историски преглед на турската литература во Р. Македонија. Повлекувањето на отоманската држава од Македонија имаше негативен ефект врз турската литература и култура. Во периодот од 1918 до 1941 година Турците успеале да издадат единаесет весници, како што се: „Водич“, „Уввет“, „Право“, „Хакиолу“, „Социјалистичка Фекри“, „Ново време“, „Единство“, „Седа-ју Милет“, „Светлина“ и „Вистински пат“. Сепак, многу весници беа укинати од режимот. Весникот „Права“ беше укинат по вкупно 956 броеви отпечатени до 11 декември 1924 година. Во времето на владеење со Македонија - кое по окупацијата од Германците им беше предадено на Бугарите - дејноста во областа на објавување и организирање на Турците, чиј национален идентитет не беше признат, доаѓа во целосен застој. По Втората светска војна, Федеративна Југославија се базираше на нондинамиката, заснована на неколкуте културни права што им беа признати на малцинствата, во 1944 г.

10. Koteva, Ivana, Celik, Mahmut (2018) The road of the development of the Turkish literature in the Republic of Macedonia. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X

Евалуација на трудот: Истражувањето што го направиле авторите за првите почетоци и развојниот пат на турската книжевност во Р. Македонија, како и нејзините претставници, резултираше со овој научен труд. Богатите литературни извори им овозможија чекор по чекор да го следат нејзиниот развој, односно да посведочат низ какви падови и подеми поминала истата движејќи се кон врвот. Не се помалку оскудни и информациите за основоположниците на турската книжевност во Македонија, т.е. за луѓето кои несебично и храбро се бореле за успехот на својата книжевност, при што забележуваме дека секоја следна, пожедна за книжевност генерација, храбро чекори и ги зацврстува нејзините темели. Истите тие луѓе се горди основоположници, претставници и промоватори на турската книжевност на нашиве простори.

11. Celik, Mahmut, Ibraımı, Alirami, Jusufi, Imer (2017) “Doktor Amcanin Yaninda” The Story By Avni Abdullah Tells The Importance And Teachings Of The Grandmather In The Family. Knowledge - International Journal. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Актуелноста за истражување на литературните видови и родови во денешно време е со сè поголем интензитет. Основната цел на ова истражување е со помош на детална и сеопфатна текстуална анализа на објавените раскази да се нагласи и спореди разновидноста на искажаните способности на авторите во искажувањето на нивните уметнички вредности во расказите, со што може да се одреди неспорното место на традицијата на расказите во турската литература во Македонија. Како куси епски форми, расказите, воедно претставуваат предизвик за истражување на епските карактеритики како посебен книжевен жанр. Во трудот е анализиран еден расказ во кој се нагласуваат значењето и важноста на семејството и на неговите членови – мајката, таткото, бабата и дедото.

12. Dimova, Violeta, Celik, Mahmut, Koteva, Ivana (2017) Turkish words and their presence in the daily speaking in the population of southeastern Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20.6. pp. 2879-2883. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Овој труд е всушност идеен истражувачки проект преку кој кандидатот сака да покаже на кој начин и што ќе истражува во рамките на проектната задача по предметот Техники на научноистражувачката работа на втор циклус на студии на Филолошкиот факултет во Штип, на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Предмет е застапеноста на турцизмите во говорот на населението од југоисточна Македонија. За таа цел истражувањето го започнува од градот Радовиш, а истражувања прават и во Струмица и Валандово. Од голема важност, како и предност на ова истражување е фактот дека и во

самиот град и во околните села живее население од турска националност.

13. Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2017) The Bektashi Sect, under the Light of Sari Saltuk Legends, in Albania. Bal-Tam Türklük Bilgisi. ISSN 1452-2179

    Евалуација на трудот: Сари Салтук е истакната личност за Балканот, особено за Албанците. Во 13 век Сари Салтук довел до исламизација и турцизација на исламот во Балканот и тој ја освоил наклонетоста на хуманитарните активности преку човечките религии. На ист начин Накшибенди, Мавлави, Кадири, Рифаи и особено бекташи сектите се прошириле меѓу месното население и градовите што ги граделе. Албанскиот народ смета дека за проширување на редот на Бекташи во Албанија, значајна улога играле легендите на Сари Салтук.

14. Celik, Mahmut, Liman, Fatime (2017) Being a poetess in the Oriental-Turkish culture. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X

    Евалуација на трудот: „Иако се природно посоодветни и повеќе склони кон уметноста, зошто жените создадоа многу помалку уметнички дела во споредба со мажите?“ прашува авторот на трудот. Со векови жените биле во можност да ги искажат своите внатрешни чувства во поезијата. Името на првата поетеса во турската литература се појави во ерата на анатолиските селџуци. Името на оваа поетеса која има писмо и поема составена од седум-стихови и сочувани до денес е Ергуван Хатун. Првата поетеса во книжевноста на турската дива е Зејнеп Хатун.

15. Celik, Mahmut, Yusufi, Imer (2017) Contemporary Turkish literature in Macedonia. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X

    Евалуација на трудот: Иако имиграцијата во 1953 година имаше негативно влијание врз македонската турска литература, постоењето на нова генерација писатели како што се Авни Енџи, Фахри Али, Суат Енгулли, Ирфан Белур, Есат Бајрам и Сабит Јусуф се некои од претставниците кои давале надеж за идните генаерации во Македонија. Од 1956 до 1975 е период на потрага. Турската поезија се оддалечува од служење на политички цели, новите теми на писателите се љубовта кон човекот и природата. Затоа, овие години се исто така години на развој на турската поезија во Македонија.

16. Celik, Mahmut, Koteva, Ivana (2017) Thematic analysis in the works of Yunus Emre. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X

    Евалуација на трудот: Во овој труд авторот прави тематска анализа на делата на истакнатиот поет во турската суфиска литература Јунус Емре. Јунус Емре (1238-1320), еден од основачите на љубовната поезија, претставува најеминентна фигура во целокупната турска книжевност. Прва асоцијација на Јунус Емре е љубота и толеранцијата. Ниту во неговите идеи ниту во неговите поезии нема место за крутост, омраза и кавга. Јунус Емре во својата поезија посебно ја истакнува важноста на човекот. Овој најзначен поет на тасавуфската книжевност во својата поезија ја прикажува својата љубов кон Бога.

17. Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2017) The story of story in modern Turkish literature in Macedonia. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X

    Евалуација на трудот: Македонија е една од државите формирана по распадот на Југославија во минатиот век. За време на постоењето на Југославија не се разликува литературниот живот на турските писатели од Косово и Македонија. Новите генерации на турските писатели во Македонија од оние кои почнаа да пишуваат поезија продолжија да пишуваат во наративен стил. Во овој труд авторот прво се осврнува на прозата односно на приказната, потоа и за развојот на раскажување приказни во модерната турска литература во Македонија.

18. Celik, Mahmut, Ibraimi, Alirami (2016) Sabit Yusuf ‘un “Kötü Yürekli Olan Hikâyesinde Aile Kimdir?”. Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, I (2). Pp. 99-107. ISSN 2545-3998

    Евалуација на трудот: Во овој труд „Кој е лош во срце?“ расказот на Сабит Јусуф е нагласена важноста на членовите на семејството да се запознаваат од блиску. Воведниот дел од расказот започнува со тоа што некои луѓе зборуваат лошо и се озборуваат едни со други. Во развојниот дел детето го истражува и го препознава татко му, а како заклучок е опфатена среќата во семејството.

19. Celik, Mahmut, Ibramı, Alirami, Jusufi, Imer (2016) "Babam Öğretmendi" the story by Lütfü Seyfullah tells the importance and teachings of the grandfather in the family. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. pp. 379-385. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Во овој труд расказот „Мојот татко беше учител" на Лутфи Сејфула ја потенцира важноста на членовите на семејството. Воведниот дел од расказот започнува со поздравување и важноста на семејството. Во последниот дел од поглавјето тој зборува за успехот во наставата и учењето помеѓу дедо и внука. Приказната зборува за првиот и вистински учител - дедо и внука. Дедовците се најчудните, најстрпливите и највредните учители пред очите на внуците.

20. Dimova, Violeta, Kirova, Snezana, Celik, Mahmut (2016) Choice of contents of literature in primary and secondary education education – an important element and paradigm in the educational curriculum. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 15 (1). pp. 365-369. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Авторот во овој труд дава опис за развојните процеси во образованието, очигледно е дека акцентот се става прво на воведувањето некои нови техники, стратегии, информатичко-компјутерски технологии, што е добро, но од друга страна, сето ова е само во функција на когнитивните процеси во развојот на детето/ученикот. Тоа се гледа и од позитивната кампања во врска со учењето и колку е важно знаењето преку рекламите во медиумите и особено преку мотото, како што е: Знаењето е сила, знаењето е моќ! Некако се чини дека емотивните/воспитните елементи се запоставуваат, иако некои ќе речат дека самиот збор – образование го „подразбира" воспитанието.

21. Gurel, Nazlı Rana, Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2016) Poems from the Yugoslavian's Poet Fettah Rauf Three Poets n Turkey: Mehmed Âkif-Yahya Kemâl-Necip Fazil. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. pp. 403-411. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Фетах Рауф Ефенди (1910-1963), бил поет и работел како професор во Медда Мадрасах во Скопје. Иако Фетах Рауф Ефенди е добар поет, за жал, неговите песни не се објавени. Сепак некои од неговите песни се сочувани благодарение на неговите ученици. Во овој труд авторот, давајќи еден општ опис за Фетах Рауф, искажува дека тој како турски интелектуалец, научник и поет, својот труд го вложува анализирајќи ги делата на еминентните поети од Р. Турција: Мехмед Акиф Ерсој, Јахја Кемал Бејатли и Неџип Фазил Кисакурек.

22. Celik, Mahmut, Jusufi, Imer, Ibraimi, Alirami (2016) The Wedding Traditions in Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 15.2. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Народните песни во Македонија имаат некои карактеристики, како и народните песни во Турција, сепак тие имаат мали разлики. Тие разлики произлегуваат од посебните социјални животи. За пет века Турците, како и на Балканскиот Полуостров, влијаеле врз животот на народите што доведува до проширување на многу богата култура во Македонија. Литературата, без сомнение, е најважната област на културата. Бидејќи книжевноста ги опфаќа обичаите и традициите на турскиот живот, тоа исто така се одразува и на социјалниот живот.

23. Celik, Mahmut, Dimova, Violeta (2016) First children artists of Turkish language in Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 14.1. pp. 393-398. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Првите творци за деца на турски јазик по Втората светска војна во Република Македонија се со нагласен дидактички карактер, бидејќи во тоа време се чувствуваше голема потреба од такви содржини во тукушто отворените училишта во Македонија. Авторите од првата генерација турски писатели пишувале книги наменети за унапредување на наставниот процес и за воспитување на децата кои ја имаа први шансата да учат на мајчин јазик, по заминувањето на Османлиите од Балканот. Основоположници на турската литература за деца во Република Македонија се: Хусејин Сулејман, Мустафа Карахасан, Шукри Рамо, Неџати Зекирија, Фахри Каја, Махмут Киратли, Сурeја Јусуф и Илхами Емин, а подоцна кон нив се приклучуваат и други раскажувачи, меѓу кои и Реџеп Мурат – Бугарич, Есад Бајрам и Нусрет ДишоУлку, Фахри Али, Авни Енгуллу и др.

24. Celik, Mahmut (2016) Прозното творештво на Нусрет Дишо Улку. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 12 (1). pp. 383-386. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Турската литература во Р. Македонија во својот развој до денес бележи три основни периоди 1. Турската литература во Р. Македонија во текот на османлиското владеење од крајот на XIV до првата деценија на XX век 2. Турската литература од 1912 до декември 1944 г до денес. 3.Турската литература во Р. Македонија - Нусрет Дишо е писател кој спаѓа во третиот период од развојот на турската литература во Македонија.

25. Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2016) The history of Turkish written language taught at University Department of Turkish language and literature in Macedonia with roleplaying (dramatization) method. Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (1). pp. 225-236. ISSN 2545-3998

Евалуација на трудот: Методот (драматизација) е метод што поддржува постојаност на умот во образовните системи. На овој начин се покажа дека турските лекции на универзитетски студенти не само што слушаат, туку се учат и со методот на играње улоги (драматизаја). Во исто време, употребата на овој метод ги зголемува менталните вештини на учениците, социјализацијата и интересот за турското образование.

26. Челик, Махмут и Денкова, Јованка (2015) Ottoman-Turkish diplomatics.In: International scientific journal Knowledge, Vol.10.1, ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/ id/eprint/13941

Евалуација на трудот: Со оглед на тоа што Балканот со векови бил под власт на Османлиската Империја, во балканските земји е доста развиен интересот за османотурската дипломатика. Па така, сѐ повеќе и повеќе растел бројот на преведени османлиски документи. Во преводите се согледуваат и мали пропусти на некои зборови, што е многу нормално, за кои преведувачот има дадено образложение. Дипломатиката како наука се развила во осумдесеттите години на XVII век. Основоположник на оваа интересна, но доста процедурална научна дисциплина која бара многу трпение и внимание, е Французинот Жан Мабиллон. Зборот „дипломатика“ потекнува од грчкиот збор „diploma“ што значи „нешто што е свиткано на две“, „свиткана хартија“.

27. Денкова, Јованка, Челик, Махмут (2015) Mysterious-imaginary world of mirrors in children’s literature. In International scientific journal, Knowledge, Vol. 10.1, ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13940

Евалуација на трудот: Во овој труд се разгледува прашањето за темата на огледалата во книжевноста за деца и млади. Темата на огледалата потекнува од сферата на фантастиката и применета во книжевноста за деца може да предизвика изненадување или страв од непознатото што се појавува зад огледалото. Оваа тема ќе се разгледува во два романи од книжевноста за деца. Меѓутоа, за разлика од Јадранка Владова, Луис Керол во неговото дело преку огледалото претставува еден обратен свет кој функционира според принципот на една шаховска игра. Интересното во романот „Гледалото зад огледалото“, што воедно го разликува овој роман од романот „Алиса од другата страна на огледалото“ од Луис Керол е поврзаноста на огледалото со друг предмет што во „Алиса...“ во светот на огледалото не постои.

28. Dimova, Violeta, Celik, Mahmut (2015) The method of aestetics of comunication in education - On the reception of literary work in teaching. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 11/1. pp. 29-31. ISSN 1857-923X

Евалуација на трудот: Естетиката на комуникацијата, како една релативно нова теориска „полижанровска“ дисциплина се обидува да воспостави интердисциплинарен пристап во третманот на предметот на естетското искуство. Таа своите интерпретативни можности во поглед на нејзиниот делокруг ги црпи од доменот на општата естетика, семиотиката, теоријата на рецепција, комуникологијата, медиологијата, лингвистиката, социологијата на уметноста и други дисциплини, како и од студиите за културата: маркетинг, визуелни комуникации, интерперсонални релации, сферата на индивидуалниот развој и слично, што значи средствата за комуникација се различните знаковни системи.

29. Marolova, Darinka, Celik, Mahmut (2015) About the translation into German of Turkish

expressions found in Macedonian folklore. BAL-TAM Türklük Bilgisi, 23. pp. 291-296. ISSN 1452-2179

Евалуација на трудот: Дијахроничен аспект се јавува во минатото. Поради фактот што тие не одговараат на јазичните норми, тие често се тешки за превод. Овој труд истражува некои дијахронични сорти, архаични зборови со турско потекло, присутни во македонскиот фолклор, во споредба со преводите на овие појави на германски јазик. Анализата се изведува на избрани книжевни текстови од македонскиот фолклор, паралелно со нивните преводи на германски јазик. Фокусот е ставен на архаичните зборови со турско потекло на македонски јазик.

30. Celik, Mahmut, Dimova, Violeta (2015) Beginnings and development of the Tukish and Macedonian children's literature in Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 9 (5). pp. 98-101. ISSN 1857-923X

Евалуација на трудот: Овој труд претставува обид за книжевно-историски пресек на појавата и развојот на турската и македонската книжевност за деца во Македонија. Основно стојалиште на авторот на трудот е дека книжевноста е онаа која многу може да помогне за меѓусебно запознавање, а со тоа и зближување на децата, како и за толеранција и полесно надминување и прифаќање на разликите меѓу нив.

31. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2015) Esat Bajram'in "Aliveli" Hikâye Kitabinda SosyelleŞme Olgusu. Bal-Tam Türklük Bilgisi (22). pp. 263-272. ISSN 1452-2179

Евалуација на трудот: Во делата од детската литература развојот на личноста на децата треба да е во согласност со општествениот и социјален развој. Со делата од детската литература е потребно децата да се спознаат себеси, да се соочат со другите луѓе од нивното опкружување, да научат како можат да пронајдат решение за можните проблеми со кои ќе се соочат во текот на животот, да ги разберат културните, општествените и социјалните вредности, со цел да ги воочат вредностите за да можат да формираат свое сопствено мислење врз основа на стекнатото искуство и да постапуваат во согласност со истото. Поради ова делата од детската литература имаат важен придонес кон општествената и културна социјализација на децата. Во овој контекст Есат Бајрам, еден од турските писатели во Македонија, во својата книга раскази за деца „Аливели" ја проучува детската социјализација и факторите кои влијаат на неа. Како резултат на ова, книгата со раскази за деца „Аливели" на Есат Бајрам, во време на поранешна Југославија, претставува значајно дело со кое писателот направил голем придонес кон развојот на социјализацијата на децата и пристапот кон истата.

32. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2015) Monuments of Islamic Culture and Civilization in Shtip. Bal -Tam Turkluk Bilgisi 22 (22). ISSN 1452-2179

Евалуација на трудот: Овој труд се повикува на исламското културно и цивилизациско наследство на територијата на градот Штип. Тука првенствено се повикуваме на Безистен, градската саат кула и џамијата Хуса Медин-паша, која меѓу христијанското население е позната како Црква „Свети Илија". Авторот на трудот ќе ги земе предвид историските податоци поврзани со овие културно вредни споменици, социоекономските и другите услови во врска со нивното создавање, нивните специфики и што ги одделува од другите структури од овој период, нивната моментална состојба, нивното зачувување и реставрација, односно проекти и активности преземени за таа цел.

33. Celik, Mahmut (2015) Türk Edebiyatı Sanatçıların Eserlerinde Kölelik ve Cariyelik Anlayışı. Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 13 (26/2). pp. 32-42. ISSN 1857-5935

Евалуација на трудот: Во воведниот дел на овој труд кандидатот се осврнува да го објасни значењето за ропството, потоа статусот на ропството и наложноста во предисламскиот период. Во главниот дел на овој труд се фокусира на темите за заложноста и ропството за време на исламскиот период, особено во османлискиот период. Во последниот дел е направена проценка за делата напишани во периодот на танзиматот.

34. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) The role and the power of women in Macedonian and Turkish folk literature. Bal-Tam Turkluk Bilgisi 21, 11 (21). pp. 209-221. ISSN 1452-2179

Евалуација на трудот: Во трудот се прави една контрастивна анализа на ликот и улогата

на жената во македонската и во турската народна поезија. Во македонската народна поезија ликот на жената е најзастапен во однос на другите ликови. Најчесто, жената е прикажана во позитивна улога. Меѓутоа има примери во кои доаѓа до израз нејзината мрачна страна. Притоа се издвојуваат семејните лирски песни и баладите за лични и семејни односи во кои најчест мрачен лик на жена е ликот на лошата маќеа, сестрата-убиец на својот брат или сестра, мајката-убиец итн. Во турската народна поезија, гледано од историска перспектива, семејството отсекогаш претставувало најважна социјална клетка во турското општество. Жената е претставена како централен и фундаментален дел на семејството, па согласно со тоа и во турскиот епос и филозофија, таа е претставена како ненадминлив херој во културата и традицијата.

35. Celik, Mahmut (2014) Turkish woman in Macedonia and woman's role in literature. Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 12 (24). pp. 84-95. ISSN 1857-5935

Евалуација на трудот: Авторот на овој труд дава едно попширно мислење за турската жена и за местото и улогата во турската литература, почнувајќи од некои историски факти и продолжува до ден-денес.

36. Celik, Mahmut (2014) Makedonya'da Çocuk edebiyatı ve Çocuk Gelişimi. Hikmet, International Refereed Scientific Reasearch Journal No.23. ISSN 1857-5935

Евалуација на трудот: Турската литература има богата традиција и длабоки корени во историското и митско минато. Не постојат истражувања околу тоа дали постоеле и кои биле првите турски раскажувачи во Република Македонија за деца во периодот на османлиското владеење. Притоа, слични истражувања сè уште не постојат ни за евентуалното творештво на поетски и прозни дела за деца ни во периодот на Балканските војни (1912-1913) до декември 1944 година, иако се претпоставува дека постоеле извесни обиди за пишување раскази за деца на турски јазик во истите периоди.турската книжевност за деца се развивала од бајки (епови, епски поеми) и други облици на народната книжевност.

37. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Traces of Turkish culture in Macedonian's cultural tradition.In: International Scientific Journal Knowledge, 25-28 Nov 2014, Bansko, Bulgaria.

Евалуација на трудот: По падот на Македонија под Отоманската Империја во 1392 г. насекаде започнала да се шири турската култура и вера. Новата религија имала силно влјание врз јавниот, социјалниот и економскиот живот, заради политичката, социјалната и религиозната поддршка што ја обезбедувале Турците. Голем дел од нетурското население, со различна етничка позадина, со тек на времето доброволно и од разни социо-политички и економски причини, ја прифатиле исламската вера и се претопиле во турската култура. Целта на овој труд е да ги истражи токму тие траги и остатоци од турската култура во македонската културна традиција.

***Труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир***

1. Gurel, Zeki, Celik, Mahmut (2019) Nusret Dişo Ülkü'nün Kuzey Makedonya'daki Süreli Yayın Faaliyetleri. 24. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu-Bildiriler. ISSN ISSN 978-9944-5263-5-

Евалуација на трудот: Во овој труд се дава краток преглед за творештвото на Нусрет Дишо Улки и за неговото издаваштво. По распаѓањето на Федеративна Југославија издаваштвото на турски јазик целосно се изгасна. Во овој процес, Нусрет Дишо Улки започна со активности за основање на една приватна компанија „Дишо компани", во рамките на тие активности ја основаше „Türk Anaç Yayıncılık" (публицирање на списанија по турски јазик) во Скопје. Меѓу овие издавачки активности, во име на „Türk Anaç Yayıncılık" Нусрет Дишо Улки започна со периодични списанија, тој започна со објавување книги за деца. Прво негово списание кое е наменето за турски јазик и литература е "Türk Kalemeri", а со издаваштво започнува во 2002 година. Во истата година почнува да издава уште едно списание кое е наменето за Здружението на македонски турски преведувачи „Türk Dilmaç". Во 2002 година исто така објавува списание Здружение за пријателство

помеѓу Македонија и на Турска Република Северен Кипар „Türk Kıbrıs“. Нусрет Дишо Улки објави и детски списание наречено „Daş Kardaş“.

2. Koteva, Ivana and Celik, Mahmut (2018) Доајенот на турската книжевност во Македонија–Илхами Емин. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип. pp. 75-82. ISSN 1857-7059

Евалуација на трудот: Животниот и творечки пат на Илхами Емин, односно неговиот придонес во развојот на турската книжевност во Р Македонија. За таа цел авторот се консултира со литературни дела кои нудат многу податоци, односно зборуваат за периодот во којшто живеел и творел „поетот на турскиот народ“. Започнувајќи од неговото раѓање во градот Радовиш, неговите бурни школски години, па сè до неговото творештво и успешно дејствување во разни културни области. Илхами Емин понесува уште една значајна карактеристика во творештвото, а тоа е билингвизмот. Имено, тој твори и издава паралелно и на турски и на македонски јазик, односно неговите дела се издаваат и во Р Македонија и во Р Турција, затоа Емин досежно и естетски ги има задолжено и турската и македонската книжевност.

3. Celik, Mahmut (2018) Makedonya'da Dünden Bugüne Türkçe Eğitim ve Öğretimi. I. Uluslararası Türk Dili Çalıştayı Bildiri Kitabı. ISSN ISBN: 978-605-81933-7-6

Евалуација на трудот: Кандидатот прави еден општ преглед за турското образование во Р. Македонија. Многу нации поминаа низ историјата на Македонија. Во последните пописи направени во 2002 година турското население беше 77.000. Според Уставот на Р. Македонија, секој народ има право на образование на својот мајчин јазик. Турците искористувајќи го тоа право после Втората светска војна отвораат училиште на турски јазик. Денес освен основни има и средни училишта на турски јазик, како и Педагошки факултет во Скопје и туркологии во Скопје и во Штип.

4. Celik, Mahmut, Kurtis, Muhsin (2017) Makedonya Türk Çocuk Yayinciliğinda “Kardelen”. Balkanlarda Türkçenin Süreli Yayınlardaki Yeri ve Önemi Sempozyumu Tebliğ Kitabı. ISSN 978-9926-418-02-1

Евалуација на трудот: Во оваа студија е оценета историјата на објавување на детското списание Карделен во Македонија. Карделен, како забавно детско списание за образование и култура, кое се издава во Скопје започна да се објавува во ноември 2009 година. Се оживеа со цел да биде глас на турските деца и да ги заштити нивните обичаи, традиции и јазик. Карделен продолжи да се објавува како алтернатива на списанијата Севинч и Томурчук, кои беа објавени како помошни наставни програми за македонските основни училишта во првите години.

5. Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2017) Makedonya`Da Türkoloji Bölümünün Kirkinci Yil Dönümü. I. İnternational World of Turks Symposium of Sociences. ISSN 978-605-67570-1-3

Евалуација на трудот: Во оваа студија, пред сè, кандидатот има за цел да ја утврди позицијата на туркологијата во Штип, каде што и самиот припаѓа и позицијата на туркологијата во балканските земји, како и туркологијата во Скопје. Секоја балканска нација која сака да ја испита сопствената историја, јазик и култура мораше да се истражува турската историја, јазик и култура. Бидејќи сите нации се сплотени околу турската историја. „Туркологијата“ се појави како гранка на науката пред оние што сакаа да ги испитаат овие теми.

6. Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2017) Makedonya'da Çocukların Türkçe Sevinci “Bahçe” Çocuk Dergisi. Uluslararasi Turk Kultur Sempozyumu. ISSN 978-9944-5264-5-6

Евалуација на трудот: Турското новинарство на Балканот има славно минато. Нагласувајќи ги објавувањето на списанијата „Bahçe“ и „Çocuk Bahçesi“, уредникот на списанието повторно одлучува со исто име да го испечати списанието „Bahçe“ во 2004 година. Во првиот број како наслов на списанието стои „Радоста на турските деца на Балканот“. Детското списание „Bahçe“ се објавува на секои два месеци, во период кога училиштата го продолжуваат своето образование. Ова триесет и две страници во списанието се дистрибуираат бесплатно до децата во училиштата каде што учат турски јазик во Македонија, Косово и во Западна Тракија во Грција.

7. Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2016) Sabit Yusuf'un Şiirlerinde Aile Değerleri. Peace culture in child and youth literature. pp. 665-671. ISSN 978-975-374-191-0 (Tkm)

Евалуација на трудот: Сабит Јусуф како турски писател од втората генерација во Македонија најдобро ги одразуваше чистите, искрени чувства на децата од Балканот. Главна тема на писателот, која привлекува внимание со своите лирски и дидактички аспекти во неговите песни, беше детска љубов и сочувство.

8. Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2016) Критички осврт кон збирката раскази „Седмоглавиот џин" на Мустафа Карахасан. First International Scientific Conference, FILKO, Philology, Culture and Education. pp. 1089-1095. ISSN 978-608-244-308-9

Евалуација на трудот: Мустафа Карахасан е еден од првите писатели на Турската заедница кој пишувал на турски и на македонски јазик. Тој е турски раскажувач, романсиер, есеист и драмски автор. Тој е автор на повеќе книги поезија и проза за деца и возрасни. Во доменот на прозата за деца на турски јазик познат е со збирката раскази „Седмоглавиот џин". Потоа следат книгите раскази за деца „Другари", „Солзите на срцето" и „Екрем" - која претставува прва збирка раскази за деца на турски јазик објавена во Република Македонија, воопшто.

9. Suleymani, Umit, Celik, Mahmut (2016) Makedonya'da 'Türk Yazı Dili Tarihi' Konusunu Üniversite Türk Dili Edebiyatı Bölümlerinde "Rol Oynama (Dramatizasyon) Yöntemiyle Öğretimi. Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО - Филологија, култра и образование. pp. 905-913. ISSN ISBN: 978-608-244-308-9

Евалуација на трудот: Во книгите на научниците што се занимаваат со проучување на образовните процеси може да се сретнат многу стратегии, различни приоди, методи и техники. Заедничка карактеристика е што сите имаат еден општ опис. Интересно е тоа што иако дефинициите се исти, има разлики во приодите. Тие често се користат наизменично. „Во филозофските речници поимиот метод се дефинира како начин, пат, постапка, што го употребуваме за да постигнеме одредена цел.

10. Celik, Mahmut (2016) Makedonya Türkoloji duayenlerinden Prof.Dr. Arif Ago'nun Türkçe Eğitimine Katkilari. 21. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu-Bildiriler. ISSN 978-9944-5263-5-7

Евалуација на трудот:Авторот во овој труд го опишува интелектуалниот живот на доајенот на туркологијата во Р. Македонија, проф. д-р Ариф Аго. Тој е еден од основачите на Вишата педагошка академија и туркологија во Скопје. Д-р Ариф Аго е роден во Охрид. Речиси шеесет години од неговиот 81-годишен живот е целосно посветен на изучување, испитување и предавање на турски јазик и турска култура. Тој е автор на повеќе книги и стотици статии и многу важни дела и преводи од македонски на турски и од турски на македонски.

11. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2016) Traumatična iskustva detinjstva u pričama za decu Iva Andrića i u nekim delima iz savremene makedonske književnosti za decu i mlade. In: Druga međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjizevnosti i jezika, 8-9 Nov 2014, Travnik.

Евалуација на трудот: Во расказите за детството на Иво Андриќ се преплетуваат сонот и јавето, фантазијата и стварноста, возможното и невозможното, играта и детското соочување со трнливостите на животот, минатото и сегашноста... Во неговата проза детствата се речиси без љубов: запоставени, сиромашни, рано свртени кон животот и реалноста, а во чувствителните млади суштества остава непријатни и груби траги и лузни. Тој децата ги претставил како сериозни мали луѓе повлечени во себе, замислени, надвор од бучните и наивни детски игри. Скоро секој расказ на Андриќ кој зборува за децата и психологијата на младите содржи една епизода која на некој начин влијаела на формирањето на младото битие и во него оставила одредена трага.

12. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2016) Детињство у причама за децу Иво Андрића и у причама за децу код турских писаца у Републици Македонији. In: Druga međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjizevnosti i jezika, 8-9 Nov 2014, Travnik.

Евалуација на трудот: Иво Андриќ зазема значајно место во развојот на детската литература. Покрај пишување детска литература тој објавува и рецензија на книгите, песни и белешки од ликовни изложби. Во неговата најпозната збирка раскази „Деца'' се чини дека се опишува самиот себеси, неговата сентименталност, моралност и човечност.

И во раните детски денови во неговата душа немало место за оние кои злоставуваат, кои се морално слаби и немоќни. Се чини дека сето тоа врежано во неговиот ум не избледело и по толку години. Турските детски раскази во Република Македонија се со слични случувања како и кај расказите на Андриќ. Во расказите на Шукри Рамо, Неџати Зекирија, Фахри Каја, Мустафа Карахасан и др. Кај писателите за деца секогаш постојат добри и лоши луѓе, при што задолжително победуваат добрите т.е. секогаш добива другарството.

13. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2016) Социјалниот аспект во творештвото за деца и млади на Јован Стрезовски. In: 11. Симпозијум са међународним учешћем: Васпитач у 21. веку, 27-28 March 2015, Aleksinac, Serbia.

Евалуација на трудот: Во овој труд се разгледува социјалниот аспект во прозното творештво на македонскиот поет, раскажувач и романсиер за деца и млади Јован Стрезовски. Како причина за страдањата на децата и настаните кои ќе им остават трауми од детството се посочуваат сиромаштијата како главна причина, од која произлегува и нечовештината, скржавоста и поделеноста на луѓето, а во одделни негови дела се осудува кражбата, нетрпеливоста или непријателството како негативна појава меѓу децата.

14. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2015) Сказновидното во творештвото на Славко Јаневски, со посебен осврт на трилогијата за пупи Паф („Пупи Паф во Шумшул град“, „Пупи Паф гледа од вселената“, „Пупи Паф господар на соништата“. In: Zmajeve decje igre, June 2015, Novi Sad, Serbia.

Евалуација на трудот: Во овој труд авторот се осврнува кон творештвото за деца на еден од најпознатите македонски писатели за деца, Славко Јаневски, со посебен акцент врз неговата трилогија посветена на ликот на Пупи Паф. Во понатамошната анализа, авторот се осврнува на сказновидните елементи во оваа трилогија, поточно го користи сонот како литературно средство со чија помош ги меша кодот на реалното и кодот на фантастичното, моќ да се разбираат мислите на животните и да се разговара со нив телепатски и сл.

15. Dimova, Violeta, Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2015) Истражувачките методи и техники – основен услов за остварување на когнитивната настава во паралелките со турски наставен јазик. Годишен зборник 2015, Филолошки факултет, 6. pp. 259-265. ISSN 1857-7059

Евалуација на трудот: Учениците коишто од својата дванаесетта и тринаесетта година почнуваат да ги извршуваат имагинарните функции, со текот на годините сè повеќе ги развиваат и менталните функции. Додека претходно учениците од основното образование можеа само да ги разберат конкретните теми, сега истото можат да го сторат и со имагинарните. Учителите и родителите треба да ги забележат овие когнитивни особини на детето и според истите да ги приспособат условите за учење и образование.

16. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Списанијата и творештвото за деца на турски јазик во Република Македонија. Детињство. Часопис о књижевности за децу, XL (3). ISSN 0350-5286

Евалуација на трудот: Во овој коавторски труд авторите се осврнуваат на состојбата со издаваштвото во детската публицистика на турски јазик. За изданијата на турски јазик во Република Македонија посебен проблем претставуваат нивните мали тиражи, заради што, во денешните услови на пазарното стопанство, сè уште не постојат иницијативи за создавање на приватни турски издавачки куќи. Најпогоден пат и начин за повторно оживување на литературата за деца на турски јазик во Република Македонија е истата издавачка дејност да ѝ се довери на некоја издавачка куќа која издава литература за деца на македонски јазик, секако, откако издавачката куќа ќе покаже интерес за тоа.

17. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Списанијата и творештвото за деца на турски јазик во Република Македонија. Детињство. Часопис о књижевности за децу, XL (3). ISSN 0350-5286

Евалуација на трудот: Во овој коавторски труд авторите се осврнуваат на состојбата со издаваштвото во детската публицистика на турски јазик. За изданијата на турски јазик во Република Македонија посебен проблем претставуваат нивните мали тиражи, заради што, во денешните услови на пазарното стопанство, сè уште не постојат иницијативи за создавање на приватни турски издавачки куќи. Најпогоден пат и начин за повторно

оживување на литературата за деца на турски јазик во Република Македонија е истата издавачка дејност да ѝ се довери на некоја издавачка куќа која издава литература за деца на македонски јазик, секако, откако издавачката куќа ќе покаже интерес за тоа.

18. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut, Ivanovska, Biljana (2014) Теориско промислување на епистоларниот жанр. Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 5 (5). pp. 87-96. ISSN 1857-7059

Евалуација на трудот: Во овој коавторски труд авторите го разгледуваат прашањето за епистоларниот жанр во литературата. Најпрвин, се прави обид да се дефинира жанрот, потоа се укажува на неговите карактеристики кои го одделуваат/разликуваат од останатите видови нефикционална проза (автобиографии, мемоари, дневници и сл.), при што се потенцира најважната особина на писмото како книжевен жанр, а тоа е неговата дијалошка природа. Во трудот се презентираат и различните класификации на овој жанр.

19. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka, Ivanovska, Biljana (2014) Поетско-прозното творештво за деца на Фахри Каја. Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 5 (5). pp. 97-101. ISSN 1857-7059

Евалуација на трудот: Во овој коавторски труд се разгледува општото творештво на Фахри Каја. Тој е претежно публицист, потоа книжевен критичар и истражувач на историското минато на Турците во Република Македонија. Познат е и како составувач на антологиски избори, преведувач и учебникар. Меѓутоа, слободно може да се каже дека во неговото творештво, расказите за деца заземаат централно место.

20. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) Патеписите како книжевен жанр низ творештвото за деца на Видое Подгорец. In: Zlatni danci 16-150 godina od rodjenja Jagode Truhelke, 11 Apr 2014, Osijek, R.Hrvatska.

Евалуација на трудот: Во овој труд се разгледува патописот како книжевен жанр. Истражувањето започнува со разгледување на многубројните дефиниции, или обиди за дефинирање на овој жанр, од страна на многубројни теоретичари на книжевноста. Потоа, ќе се разгледуваат и многуте типологизации и класификации на овој жанр, како и нивните карактеристики. Ќе се разгледува и прашањето дали во македонската книжевност за деца има патопис во чисто книжевна форма, или присутни се само патописни епизоди во книжевните дела, конкретно низ три дела од Видое Подгорец.

21. Ivanovska, Biljana, Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) Македонските преводни еквиваленти на глаголите во германскиот јазик што искажуваат психичка состојба. Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 5 (5). pp. 137-143. ISSN 1857-7059

Евалуација на трудот: Во основата на овој коавторски труд се наоѓа идејата да се опишат повратните глаголи што искажуваат психичка состојба во германскиот и во македонскиот јазик, таа да се генерализира на сите глаголи што искажуваат психичка состојба, како и да се претставаат преводните еквиваленти во македонскиот јазик. На овој начин се поставува темата на оваа работа во поопшти рамки на истражување. Како корпус се користат германски и македонски глаголи (повратни, транзитивни, интранзитивни...) ексцерпирани од пишаниот и говорниот македонски и германски јазик.

22. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) Сказновидното во творештвото на Славка Манева, со посебен осврт врз збирката раскази за деца „Ѕвездени перничиња". Детињство. Часопис о књижевности за децу, 40 (4). pp. 65-74. ISSN 0350-5286

Евалуација на трудот: Книжевноста за деца е посебна книжевна област со свои идеи, воспитни и уметнички обележја. Книжевноста за деца е наменета за најмалиот читател или слушател. Предмет на овој труд е анализа на делата од Славка Манева, со цел е да се пронајдат сказновидните елементи во наведените дела.

23. Celik, Mahmut (2014) Makedonya`da Türk İzleri. Uluslararası Türk Kültür Sempozyumu, 1 (19). ISSN 978-9944-5264-5-6

Евалуација на трудот: Турските споменици во Македонија претставуваат импозантни градби, кои до ден-денес ја раскажуваат приказната за богатството и големината на Отоманската Империја. Најголемо наследство кое останало од петвековното владеење на Отоманската Империја е отоманската исламска архитектура. Во текот на XV и XVI век се

изградени голем број џамии, амами, безистени, анови, сараи и други објекти кои пленуваат со својата убавина и архитектонска форма. Сите овие градби биле подигнати од личности кои имале јавни функции во тогашното општество.

24. Celik, Mahmut, Dimova, Violeta, Ivanovska, Biljana (2014) A review of the children's narratives of the first generation of Turkish writers in the Republic of Macedonia. Philological Research Today. South-Slavic issues.

Евалуација на трудот: Во овој труд авторот  дава еден  осврт на расказите за деца на првата повоена генерација турски писатели во Р. Македонија, ги анализира нивните основни карактеристики и причините што влијаеле на изборот на нивните теми.

25. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Assessment and grading system of elementary school instruction in Turkish language in Republic of Macedonia. In: Меѓународна научна конференција „Методички дани" 2014, 25 Oct 2014, Kikinda, Serbia.

Евалуација на трудот: Наставата и образованието, активностите, како и влијанијата, се најважните елементи на системот за оценување. Системот за оценување и образованието содржат јасно разбиран систем на цели и комуникација, однос кој игра голема улога во наставата и образованието. Образованието е основна цел на системот. Накратко, ова е систем што презема мерки за корекција. Постојат различни видови и инструменти на системот за оценување. Тие беа класифицирани од нивните творци.

26. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Основоположници на турската детска литература во Република Македонија. In: Zlatni danci 16, 11 Apr 2014, Osijek, R.Hrvatska.

Евалуација на трудот: Во овој труд авторот дава краток преглед на основоположниците на турската литература во Република Македонија во својот развој до денес. Турската литература во Република Македонија бележи три основни периоди: 1. Турска литература во Македонија во текот на османлиското владеење (од крајот на 14 век до октомври 1912 година). 2. Турска литература во Македонија од 1912 до декември 1944 година. 3. Турска литература во Република Македонија од декември 1944 година до денес.

27. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Makedonya'da Türkçe Eğitim. In: IX Меѓународна балканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija.

Евалуација на трудот: Во овој труд авторот дава еден општ преглед за турското образование во Р. Македонија. Турското образование со векови постои во Македонија. После отоманскиот период, со балканските војни, образованието на Турците беше запрено целосно. Турците во Македонија кои останале во своите огништа биле приморани на секакви притисоци, угнетовани и присилени да мигрираат. Сите овие аспекти, им го отежнуваа образованието на турски јазик во Македонија. Сепак за тоа време постои некои извори кои покажува дека целосно не било изгаснат образованието на турците во Македонија. Абдулхаким Хикмет Доган како осветлувачки информации за тој период е несомнено училишните книги што тој ги напишал на својот мајчин јазик на турски јазик. Со напорите на турските интелектуалци првпат во учебната 1944-1945 година се отвораат турските училишта во Македонија. Позитивните движења во образованието на Турците во Македонија започнаа да се забележуваат во 60-тите години на 20 век Во учебната 1963/1964 година се отвора Педагошката академија во Скопје, каде што се формира групи за турски јазик. Во 1976/1977  учебна година на Филолошкиот факултет во Скопје се отвора Катедра на турски јазик и книжевност. По 1990 година многу средни училишта и стручни средни училишта започнаа да предаваат на турски јазик. Во 2008/2009 година на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се отвори втора Катедра за турски јазик и кижевност.

28. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) The issue of Identity in the Contemporary Macedonian Lliterature. In:IXМеѓународнабалканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija.

Евалуација на трудот: Авторот во овој труд се осврнува на прашањето на идентитетот во современата македонска литература. Овој проблем се разгледува преку неколку аспекти: потрагата по човекот / ликот кон неговите корени, фрлањето во минатото на нивните

предци, потоа очајната потреба на ликот да ги зачува вредностите што се вкоренети во нив и нивната генетска структура, традицијата итн.

***Учество на домашни и на меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми и собири и објавени научни и стручни трудови во нивните зборници (според датумот на објавување, со сертификат)***

1. Gurel, Zeki,Celik, Mahmut (2019) Nusret Dişo Ülkü'nün Kuzey Makedonya'daki Süreli Yayın Faaliyetleri. 24. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu-Bildiriler. ISSN ISSN 978-9944-5263-5
2. Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2018) Makedonya'da Türkçe Dilbilgisi Öğretimi ve Bu Alanda Yayımlanan Kitaplar. In: Makedonya'da Türkçe Dilbilgisi Öğretimi ve Bu Alanda Yayımlanan Kitaplar, Врњачка Бања, Србија
3. Gurel, Zeki,Celik, Mahmut (2018) Türk Dünyası Edebiyatçılar Ansiklopedisi'nde Makedonyalı Yazar ve Şairler. II. International World of Turks Symposium of Socialn Sciences . ISSN 978-605-67570-3-7
4. Gurel, Zeki,Celik, Mahmut (2018) Türk Dünyası Edebiyatçılar Ansiklopedisi'nde Makedonyalı Yazar ve Şairler. II. International World of Turks Symposium of Socialn Sciences . ISSN 978-605-67570-3-7
5. Liman, Fatime,Celik, Mahmut, Jusufi, Imer (2018) Творештвото на турските поетеси во Република Македонија. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X
6. İljazi, Ajsel,Celik, Mahmut (2018) The Movement of тhe Turkish Literature. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X
7. Celik, Mahmut (2018) Makedonya'da Dünden Bugüne Türkçe Eğitim ve Öğretimi. I. Uluslararası Türk Dili Çalıştayı Bildiri Kitabı. ISSN ISBN: 978-605-81933-7-6
8. Gurel, Zeki,Celik, Mahmut (2018) Nâmik Kemâl'İn Hayati Sanati ve Eserleri Üzerine. International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X
9. Koteva, Ivana,Celik, Mahmut, İvanova, Vesna (2018) Poetic creation of Ilhami Emin published in Macedonian language. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X
10. Jusufi, Imer,Celik, Mahmut Liman, Fatime (2018) The development of the contemporary Turkish literature in Macedonia. International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X
11. Koteva, Ivana,Celik, Mahmut (2018) The doyen of Turkish literature in Republic of Macedonia Ilhami Emin. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X
12. Koteva, Ivana,Celik, Mahmut (2018) The road of the development of the Turkish literature in the Republic of Macedonia. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X
13. Celik, Mahmut, Ibraımı, Alirami, Jusufi, Imer (2017) "Doktor Amcanin Yaninda" The Story By Avni Abdullah Tells The Importance And Teachings Of The Grandmather In The Family. Knowledge - International Journal. ISSN 1857-92
14. Dimova, Violeta,Celik, Mahmut, Koteva, Ivana (2017) Turkish words and their presence in the daily speaking in the population of southeastern Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20.6. pp. 2879-2883. ISSN 1857-92
15. Celik, Mahmut,Kurtis, Muhsin (2017) Makedonya Türk Çocuk Yayinciliğinda "Kardelen". Balkanlarda Türkçenin Süreli Yayınlardaki Yeri ve Önemi Sempozyumu Tebliğ Kitabı. ISSN 978-9926-418-02-1
16. Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2017) Makedonya`Da Türkoloji Bölümünün Kirkinci Yil Dönümü. I. İnternational World of Turks Symposium of Sociences. ISSN 978-605-67570-1-3
17. Celik, Mahmut, Liman, Fatime (2017) Being a poetess in the Oriental-Turkish culture. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X
18. Celik, Mahmut, Yusufi, Imer (2017) Contemporary Turkish literature in Macedonia. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X
19. Celik, Mahmut Gurel, Zeki (2017) Makedonya'da Çocukların Türkçe Sevinci "Bahçe" Çocuk Dergisi. Uluslararasi Turk Kultur Sempozyumu. ISSN 978-9944-5264-5-6

20. Celik, Mahmut, Koteva, Ivana (2017) Thematic analysis in the works of Yunus Emre. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X
21. Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2017) The story of story in modern Turkish literature in Macedonia. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X
22. Celik, Mahmut, Ibraımı, Alirami, Jusufi, Imer (2016) "Babam Öğretmendi" the story by Lütfü Seyfullah tells the importance and teachings of the grandfather in the family. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. pp. 379-385. ISSN 1857-92
23. Dimova, Violeta, Kirova, Snezana,Celik, Mahmut (2016) Choice of contents of literature in primary and secondary education education – an important element and paradigm in the educational curriculum. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 15 (1). pp. 365-369. ISSN 1857-92
24. Gurel, Nazlı Rana,Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2016) Poems from the Yugoslavian's Poet Fettah Rauf Three Poets n Turkey: Mehmed Âkif-Yahya Kemâl-Necip Fazil. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. pp. 403-411. ISSN 1857-92
25. Celik, Mahmut, Jusufi, Imer, Ibraimi, Alirami (2016) The Wedding Traditions in Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 15.2. ISSN 1857-92
26. Gurel, Nazlı Rana, Celik, Mahmut,Gurel, Zeki (2016) Yugoslavya Vatandaşi Fettah Rauf'un Şiirlerinde Türkiyeli Üç Şair: Mehmed Âkif-Yahya Kemâl-Necip Fazil. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. pp. 403-411. ISSN 1857-92
27. Celik, Mahmut, Dimova, Violeta (2016) First children artists of Turkish language in Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 14.1. pp. 393-398. ISSN 1857-9
28. Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2016) Sabit Yusuf'un Şiirlerinde Aile Değerleri. Peace culture in child and youth literature. pp. 665-671. ISSN 978-975-374-191-0 (Tkm)
29. Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2016) Критички осврт кон збирката раскази „Седмоглавиот џин" на Мустафа Карахасан. First International Scientific Conference, FILKO, Philology, Culture and Education. pp. 1089-1095. ISSN 978-608-244-308-9
30. Suleymani, Umit, Celik, Mahmut (2016) Makedonya'da 'Türk Yazı Dili Tarihi' Konusunu Üniversite Türk Dili Edebiyatı Bölümlerinde "Rol Oynama (Dramatizasyon) Yöntemiyle Öğretimi. Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО - Филологија, култра и образование. pp. 905-913. ISSN ISBN: 978-608-244-308-9
31. Sulejmani, Umit, Celik, Mahmut (2016) Методи и техники на часовите по турски јазик и книжевност според просеците на когнитивното учење. First International Scientific Conference, FILKO, Philology, Culture and Education. ISSN 978-608-244-308-9
32. Celik, Mahmut (2016) Прозното творештво на Нусрет Дишо Улку. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 12 (1). pp. 383-386. ISSN 1857-92
33. Celik, Mahmut (2016) Makedonya Türkoloji duayenlerinden Prof.Dr. Arif Ago'nun Türkçe Eğitimine Katkilari. 21. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu-Bildiriler. ISSN 978-9944-5263-5
34. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2016) Детињство у причама за децу Иво Андрића и у причама за децу код турских писаца у Републици Македонији. In: Druga međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjizevnosti i jezika, 8-9 Nov 2014, Travnik.
35. Denkova, Jovanka,Celik, Mahmut (2016) Traumatična iskustva detinjstva u pričama za decu Iva Andrića i u nekim delima iz savremene makedonske književnosti za decu i mlade. In: Druga međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjizevnosti i jezika, 8-9 Nov 2014, Travnik.
36. Denkova, Jovanka,Celik, Mahmut (2016) Социјалниот аспект во творештвото за деца и млади на Јован Стрезовски. In: 11. Симпозијум са међународним учешћем: Васпитач у 21. веку, 27-28 March 2015, Aleksinac, Serbia.
37. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2016) Прозното творештво за деца на Реџеп Мурат Бугарич. In: 11. Симпозијум са међународним учешћем: Васпитач у 21. веку, 27-28 March 2015, Aleksinac, Serbia.
38. Denkova, Jovanka,Celik, Mahmut (2015) Mysterious-imaginary world of mirrors in

children's literature. In: International scientific conference: Knowledge - capital of the future, The power of knowledge, 2-4 Oct 2015, AgiaTriada, Greece.
39. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2015) Ottoman-Turkish diplomatics. In: International scientific conference: Knowledge-capital of the future, 2-4 Oct 2015, AgiaTriada, Greece.
40. Dimova, Violeta,Celik, Mahmut (2015) The method of aestetics of comunication in education - On the reception of literary work in teaching. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 11/1. pp. 29-31. ISSN 1857-923X
41. Celik, Mahmut,Dimova, Violeta (2015) Beginnings and development of the Tukish and Macedonian children's literature in Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 9 (5). pp. 98-101. ISSN 1857-923X
42. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2015) Социјалниот контекст во расказите за деца и млади од Есат Бајрам. In: Zmajeve decje igre, June 2015, Novi Sad, Serbia.
43. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) Патеписите како книжевен жанр низ творештвото за деца на Видое Подгорец. In: Zlatni danci 16-150 godina od rodjenja Jagode Truhelke, 11 Apr 2014, Osijek, R.Hrvatska.
44. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Творештвото на Фахри Каја. In: Knjizevnost u nastavi i nauci, 11-12 April 2014, Fakultet pedagoskih nauka univerziteta u Kragujevcu-Jagodina, Serbia.
45. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Основоположници на турската детска литература во Република Македонија. In: Zlatni danci 16, 11 Apr 2014, Osijek, R.Hrvatska.
46. Celik, Mahmut,Denkova, Jovanka (2014) Traces of Turkish culture in Macedonian's cultural tradition. In: International Scientific Conference, Knowledge, 25-28 Nov 2014, Bansko, Bulgaria.
47. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Assessment and grading system of elementary school instruction in Turkish language in Republic of Macedonia. In: Меѓународна научна конференција „Методички дани" 2014, 25 Oct 2014, Kikinda, Serbia.
48. Denkova, Jovank,Celik, Mahmut (2014) Autobiographical discourse in modern Macedonian literature for children and youth. In: The third internatonal scientific conference Methodical days 2014, 25 Oct 2014, Kikinda, Serbia.
49. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) Дневникот во македонската проза за деца и млади. In: 10. Симпозијум са међународним учешћем, Васпитач у 21 веку, 28-29 March 2014, Sokobanja, Serbia.
50. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Како настаје прича за децу. In: 10. Симпозијум са међународним учешћем, Васпитач у 21 веку, 28-29 March 2014, Sokobanja, Serbia.
51. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) Ликот на роботот во македонската научнофантастична литература за деца. In: Međunarodni znanstveni skup Zlatni danci 14 – Suvremena dječja književnost 2, 13 April 2012, Osijek. Hrvatska.
52. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) Романите на Горјан Петревски посветени на младешките возбуди и дилеми. In: Knjizevnost za decu u nastavi i nauci, 11-12 April 2014, Fakultet pedagoskih nauka univerziteta u Kragujevcu-Jagodina, Serbia.
53. Celik, Mahmut, Denkova, Jovanka (2014) Makedonya'da Türkçe Eğitim. In: IX Меѓународна балканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija.
54. Denkova, Jovanka, Celik, Mahmut (2014) The issue of Identity in the Contemporary Macedonian Lliterature. In: IX Меѓународна балканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Махмут Челик е еден од првите наставници на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при УГД заедно со д-р Марија Леонтиќ. Паралелно со ова, д-р Махмут Челик со колешката Марија Леонтиќ се обраќаат до бројни институции

за донација на турски книги во Универзитетската библиотека на УГД која брои околу 4000 книги на турски јазик, што се донации од Турската амбасада во Република Македонија, Турскиот културен центар „Јунус Емре“ во Скопје, Универзитетот „Гази“ во Анкара, од бројни писатели, преведувачи, професори и новинари од Турција и од Македонија.

Д-р Махмут Челик како раководител на Групата за турски јазик и иницира Универзитетот „Гоце Делчев“ да ја прошири својата соработка со Институтот „Јунус Емре“, кој претставува турски културен центар во Македонија. Откако во 2017 година се потпиша Договор за соработка меѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Институтот „Јунус Емре“ - Анкара, во Кампус 4 на УГД се отвори Турско катче и Предавална по турски јазик на Институтот „Јунус Емре“ во кои се одржуваат бесплатни курсеви по турски јазик и разновидни културни настани. Со овој договор лекторот по турски јазик од Турското катче на Институтот „Јунус Емре“ во Штип одржува лекторски вежби на студентите од Групата за турски јазик и книжевност. Д-р Махмут Челик е член на научен одбор на неколку меѓународни симпозијуми, конференции и списанија.

Добитник е признание за придонес и унапредување на турскиот јазик и култура во Р. Македонија, од страна на Меѓународниот институтот „Светот на Турците“ - Анкара, Р. Турција, од страна на Универзитетот „Дузџе“ - Дузџе, Р. Турција, и Меѓународен универзитет „Визијон“ - Гостивар, Македонија.

- Член е на Наставно-научен совет на Филолошкиот факултет при УГД.
- Член на Комисија за измени и дополнувања на студиските програми на Филолошкиот факултет при УГД.
- Член на советот на Сенат при УГД.
- Кординатор на турските студенти од Р. Турција при УГД.
- Член на Комисија за изработка на студиски програми за прв и втор циклус студии.
- Раководител на студентите од трета и од четврта година согласно со Кредит-трансфер системот.
- Член и на Советот на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при УГД.
- Член на Комисија за комисиско полагање на испити на група предмети во рамките на ФФ при УГД.
- Комисија за изработка на елаборат за постдипломски (мастер) студии и усогласување на наставни планови и содржини за Катедрата по турски јазик и книжевност.
- Претседател и член на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд на ФФ при УГД.
- Член на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд и докторски дисертации на ФФ „Блаже Конески“ и Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

***Член на меѓународни научни одбори на конференции и списанија***

- 1$^{st}$ UMAY International Innovative Researches Congres.
- International Journal of Interdiscilinary and and Intercultural Arts.
- Evliya Çelebi’nin Balaknları Kongresi, II Uluslararası Aksaray Sempozyumu.
- XII. Internatıonal Turkıc Culture, Art And Protectıon Of Cultural Herıtage Symposıum.
- Art Actıvıty “Turkey-Macedonıa Relatıons.
- Uluslararası Söz, Sanat, Sağlık Sempozyumu.
- II Uluslararası Develi Aşk Seyrani ve Türk kültürü kongresi.
- Symposium Für die Welt der Türken.
- I.Uluslararası Balaknlarda Türk Edebiyatları Çalıştayı, UKDA Sempozyum.
- II.Uluslararası Yönetim Çalışma ve Sendikacılık Kongresi.
- Член на научниот одбор на Knowledge – İnternational Journal.
- Член на Уредувачки одбор на меѓународно списание ХИКМЕТ.
- Член во Управниот одбор на Турската невладина организација „АДЕКСАМ”.

***Рецензиран електронски учебник***

1. Celik, Mahmut, Gurel, Zeki (2016) Çağdaş Türk Edebiyatı. Univerzitet Goce Delcev, Filoloski Fakultet, Stip. ISBN 978-608-244-355-3

Книгата е внимателно изработена врз основа на потребите и наставната програма по предметот Современа турска книжевност, со цел да се користи како учебник во рамки на Катедрата за туркологија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во воведот, фокусот е ставен врз поимот за книжевност и нејзината цел, преку раскажување за епохите на турската книжевност, утврдено е местото кое го зазема современата турска книжевност. Накратко е опишан начинот на кој турската книжевност развиена под западни влијанија се рефлектира врз денешната современа турска книжевност. Најпрво е даден редоследот на епохите низ кои се развивала турската книжевност под западно влијание поделени во шест периоди и тоа: тан-зиматска литература, литература на Сервети Фунун, книжевност феџри ати (светлост на иднината), национална книжевност, национална книжевност за време на Народноослободителната борба и литература од републиканскиот период.

***Рецензирани книги:***

1. Celik, Mahmut, Sulejmani, Umit (2016) Umut Yolcuları. Namik Efendi Eğitim, Kültür, Sanat ve Spor Derneği,. ISBN 9989–2272–1–7

Оваа книга е збирка на раскази од учениците во основно училиште во Општина Врапчиште. Со години во нашата земја кај што постои образование на турски јазик беше замолено да напишат есеи во основните и во средните училишта за турски јазик. Оваа практика е производ на традиционалното разбирање, но за жал не може да им обезбеди на учениците посакувани вештини; напротив тоа предизвика многу ученици да го мразат пишаниот израз. Учениците треба да бидат охрабрени да прават лекции за пишување, некој израз и треба кај учениците да се минимизира вознемиреноста за да можат да пишуваат, што е еден од важните фактори што ги спречуваат учениците да ги развиваат своите вештини за пишување. Со намалување на вознемиреноста, самодовербата на учениците ќе се зголеми и ќе се појави повеќе интерес да пишуват есеи.

2. Celik, Mahmut and Sulejmani, Umit (2016) Makedonya'daTanınmış Yapılar, Yerler, Ürünler ve Etkinlikler Rehberi (Превод од македонски на турски). Makedonya Cumhuriyeti Turizm Teşvik ve Destekleme Ajansı, Skopje. ISBN 978-608-65886-7-0

Првпат се објавува ваква книга во Р. Македонија. Книгата е водич на историски места, производи и настани во Македонија. Македонија има богата историја и го привлекува вниманието на гостите кои доаѓаат од различни земји и од разни структури. Пред многу векови, освен што е врска меѓу источниот и западниот свет, таа ја одржува истата чувствителност во географските, политичките и културните сфери. Иако територијата е релативно мала, земјата е полна со историско наследство, културно богатство и прекрасни пејзажи. Македонија нуди многу активности на отворено со три национални паркови. Националните паркови се: Пелистер, Галичица и Маврово. Покрај тоа, се дава можност да се организираат деловни состаноци во градските центри, како и можност за организирање на спортски и културни настани. Македонската гастрономија произведува широк спектар на квалитетни вина.

3. Celik, Mahmut, Zekirija, Necati, Bugaric, Recep, Bahtijarevic, Sevim, Sey Joanovic, Radoje (2015) Güneş Kimi İzler - Duşan Curişiç. Güneş Kimi izler. ISSN 978-9940-589-29-5

Во оваа книга авторот преведува неколку песни од турските поети на српско-црногорски јазик. Печатена е во Подгорица.

***Учесник во научен проект (максимум во три проекти)***

1. Dimova, Violeta and Daskalovska, Nina and Kuzmanovska, Dragana and Karanikolova Cocorovska, Lusi and Mladenoski, Ranko and Leontik, Marija and Celik, Mahmut and Marolova, Darinka and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Todorova, Marija and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Grkova, Marija and Jakimovska, Svetlana and Velinova, Eva and Vitanova-Ringaceva, Ana and Negrievska, Nadica and Karanikikj, Jovana and Sarafova, Natasa and Kostova, Kristina (2018) [Project] (Submitted)

Евалуација на проектот: Предмет на истражување на овој проект се можностите за евалуација на наставниот процес во високото образование, во наставата по јазик и книжевност. Ќе се истражуваат различни видови евалуациски постапки, со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето, кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите. Евалуацијата ќе се одвива и во процесот на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно ќе се спроведе формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Наставниците го евалуираат наставниот процес за да го определат нивото на успешност на својата наставна пракса и да ги споредат своите наставнички вештини со вештините на своите колеги. Со евалуација на наставата се следи и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми, а од студентите се добиваат непосредни информации за тоа што навистина мислат за самиот курс. Повратните информации за наставниот процес ќе се добиваат со собирање податоци од страна на студентите и колегите наставници, а евалуацијата ќе се спроведува со помош на евалуациски ливчиња, анкети, структурирана групна дебата или по пат на e-mail прашалник. Проектот ќе биде спроведен со студентите на Филолошкиот факултет од втора, трета и четврта година на студии, како и дел од професорите што предаваат на овие студенти, и тоа не само задолжителни, туку и изборни предмети и курсеви.

2. Indge, Bekir iCelik, Mahmut (2017) Турскиот јазик во три минути. [Project]

Евалуација на проектот: Електронската ера во која живееме е присутна во разни области. Меѓу нив е и полето на образованието, односно применуваните методи на е-учење кај кое се повеќе се забележува поддршката од интерактивни платформи. И наставата за јазикот е една од значајните образовни подобласти. Најголема потребата од воспоставувањето на е-учење во интерактивни средини се чувствува поради географската оддалеченост, бидејќи наставата за турскиот како странски јазик се реализира во пошироки светски рамки, што не е случај со изучувањето на овој јазик како мајчин. Пристапот кон подготвениот образовен материјал на е-учење е една од тешкотиите со кои се среќаваат странските ученици што го изучуваат турскиот јазик. Целта на овој проект е подготовка на интерактивен материјал во е-учење/мобилно учење, наменет за индивидуалците кои го изучуваат турскиот јазик како странски јазик. Во прилог на ова е и подготовката на образовен материјал за проектот „Турскиот јазик во три минути" кој претходно го реализиравме и истиот претставува една од нашите примарни цели.

3. Dimova, Violeta and Denkova, Jovanka and Karanikolova-Cocorovska, Lusi and Ivanovska, Biljana and Belcev, Tole and Mladenoski, Ranko and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Celik, Mahmut and Kukubajska, Marija Emilija and Kusevska, Marija and Jakimovska, Svetlana and Kuzmanovska, Dragana and Marolova, Darinka and Velinova, Eva and Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana and Todorova, Marija and Prodanovska, Vesna and Donev, Dragan and Koceva, Vesna and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija and Krsteva, Marija and Markoska, Nadica and Karanikikj, Jovana and Ulanska, Tatjana and Golakov, Kostadin and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2016) Ментор. [Project] (Submitted)

Евалуација на проектот: Предмет на истражување и на практичната работа на проектот „МЕНТОР" се следниве теми: преведување, процеси на преведување, стандарди EN/ISO (нов ISO); Имплементација на ISO/EN во софтверите на ПСД, Trados, Matecut; Machine translation; Почитување на процесите! Проектно водење, обезбедување на квалитет; Апликација и речник (доделување на UN/PW на сите и доделување на лица за увоз во речникот/Мкд.). Целите на проектот се: Пренос на знаења/информации на студентите на Филолошкиот факултет и другите факултети во рамките на УГД; Преведување – инволвирање на двете страни во преведувачките проекти во Македонија и пошироко; Обезбедување на пракса во ПСД за студентите на групите за преведување и толкување (сите јазици) Обезбедување на обука за наставниот кадар во врска со софтверските помагала за преведување (ТРАДОС и сл.). Мобилизирање на студентите со големи достигнувања за време на студирањето и можност за нивно дополнително обучување под менторство на искусни преведувачи и можност за нивно вработување во ПСД.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија со огромно задоволство констатира дека кандидатот д-р Махмут Челик од неговиот избор во вонреден професор сè досега е профилиран во извонреден професионалец, наставник и научник и дека ја оправдува довербата која му бил дадена на претходниот избор. Тој е подготвен да биде избран во највисокото универзитетско звање.

Д-р Махмут Челик е наставник која е почитуван во неговиот колектив и меѓу студентите, одличен научен работник, турколог, преведувач, кој има голем придонес во развојот на македонската туркологија. Тој е ценет научник не само во нашата држава, туку и во Република Турција, како и пошироко на Балканот и во другите земји.

За квалитет на кандидатот, како што може да се види и од приложената табела на активности од неговиот последен избор, зборуваат големиот број трудови објавени во домашни и странски публикации, како и неговите усни презентации, во земјава и во странство.

Врз основа на приложениот материјал, **Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот д-р Махмут Челик да биде избран во звање редовен професор за наставно-научната област туркологија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип** и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на кандидатот во наведеното звање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Фадил Хоџа, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Ариф Аго, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Виолета Димова, редовен професор, член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање доцент | | 30 | | | 30 |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 70 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори | | | | | |
| 4. | Прв автор: 21<br>Втор автор:16<br>Трет автор:1 | | | 21x9=199<br>16x6= 96<br>1x3= 3 | 298 | 298 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | 28 | 84 | 84 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат | | | 54 | 75 | 75 |
| 13. | Раководител на научен проект | | | 1 | 6 | 6 |
| 16. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 2 | 4 | | | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | 477 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Книга/учебник | 3 | 30 | | | 30 |
| 13 | Учесник во научен проект | 2 | 10 | 1 | 8 | 18 |
| 17 | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | | 2 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 1 | 4 | 2 | 16 | 20 |
| 26. | Раководител на катедра | 1 | 3 | | | 3 |
| 27. | Член на универзитетски сенат | 1 | 5 | | | 5 |
| | ВКУПНО | | | | | 78 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 625 |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ФИТОТЕРАПИЈА” - СКРИПТА ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЛИЛЈАНА КОЛЕВА-ГУДЕВА, ДОЦ. Д-Р ВИКТОРИЈА МАКСИМОВА И М-Р ФАРМ. МИХАИЛ АЛЕКСАНДРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-111/54 од 223. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 5.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
– д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија за скрипта/учебно помагало „ФИТОТЕРАПИЈА“ од проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на доставениот ракопис, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Предложениот ракопис со наслов „Фитотерапија“ од проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров за објавување во електронска форма во вид на скрипта во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот Фитотерапија, што се слуша во шестиот семестар, на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови од 2 + 2 + 1.

Ракописот на проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александорв е подготвен според наставната програма и ја опфаќа наставната материја за курсот Фитотерапија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има вкупно 310 страници (А4 формат, со големината на фонтот Arial 11, единечен проред) и во однос на обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензирана скрипта во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Содржината на скриптата е поделена на 11 поглавја, кои одговараат на посебни наставни единици од областа на фитотерапијата. Покрај текстот, ракописот содржи и 25 табели и 217 слики и шематски прикази. Сликите и табелите во оваа скрипта имаат за цел да го олеснат совладувањто на предвидениот материјал за студентите при изучување на дејството на одредени групи на хербални препарати врз дефинирани анатомско-физиолошки системи во човековиот организам.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој текст ќе има голем придонес во реализација на наставата по фитотерапија, бидејќи студентите на студиската програма Фармација при Факултетот за медицински науки досега немаат на располагање скрипта по овој предмет. При изработката на овој ракопис авторите консултирале релевантни научни извори кои се однесуваат на современите и практичните приоди во обработка на предвидените наставни содржини, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на фитотерапијата од реномирани домашни и светски автори.

**Краток опис на содржината:** Со кус предговор, авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на скриптата, а потоа следи детална разработка на предметната програма за предметот Фитотерапија. На крајот е дадена листа на референци или

библиографија (користена литература). Содржината што се презентира во скриптата е систематизирана во единаесет поглавја.

Во првото воведно поглавје е даден историскиот развој на фитотерапијата како и карактеристиките на рационалната фиотерапија која до ден-денес се користи. Ова поглавје им ги сумира на студентите основните дефиниции и поими кои се користат во фитотерапијата и поради тоа е од особена важност за нив.

Второто поглавје ги опфаќа основните анатомско-функционални особини на кардиоваскуларниот систем и заболувањата, односно симптомите кои може да се третираат со хербални препарати. Притоа тука подетално се обработени хербални препарати кои најчесто се користат во третман на хронична венска инсуфициенција, атеросклероза, артериска хипертензија и слично.

Третото поглавје се однесува на хербалните препарати коишто се користат при терапија на симптоми поврзани со централниот нервен систем, како што се: несоница и анксиозност, депресија, деменција и слично. Хербалниот третман како терапевтски пристап за едни од најчесто застапените здравствени проблеми во денешницата е од огромно значење за студентите.

Четвртото поглавје ги опфаќа хербалните препарати што се користат во третман на симптоми поврзани со гастроинтестиналниот тракт, како што се: стоматитис и гингивитис, диспепсија, надуеност и флатуленција, гастритис, дијареа и констипација. За секоја од овие состојби постојат голем број на хербални препарати кои може да се користат во терапија, а во скриптата се потенцирани оние со поголема ефикасност и примена.

Во петтото поглавје се опишани хербалните дроги и препарати коишто се користат во превенција и третман на заболувања на хепатобилијарниот систем. Хепатопротективното, холеретичното и холагогното дејство се специфични за одредени растителни дроги кои се обработени во ова поглавје.

Шестото поглавје опширно ги обработува хербалните препарати кои се користат во третман на најчестите респираторни заболувања. Сува надразнителна, како и продуктивна кашлица се заболувања за кои лек од избор е некој хербален препарат со антитусично или секретолитичко дејство. Настинката и грипот, како и други воспалителни процеси на дишните патишта, исто така, во одреден степен може да се третираат со фитопрепарати кои се наведени на студентите во ова поглавје.

Седмото поглавје ги опфаќа симптомите карактеристични за машкиот и за женскиот репродуктивен систем, одделно, како и нивниот третман со хербални препарати. Препаратите од семе од тиква, сабал палма и слично во третман на бенигна хиперплазија на простата, како и препаратите од ноќниче, коноплика и цимицифуга во третман на климактериум или предменструален синдром се подетално претставени за студентите.

Хербалните препарати кои најчесто се користат како уроантисептици и диуретици, во третман на заболувања на уринарниот тракт се истакнати во осмото поглавје.

Во деветтото поглавје се опишани претставниците на хербалните дроги кои може да се употребуваат во третман на некои полесни кожни инфламаторни процеси, како и третманот на рани и изгореници. Тука се опфатени дроги кои се користеле уште одамна во овие цели, но денес веќе постојат и монографии за истите кои содржат податоци за нивната ефикасност и безбедност.

Десеттото поглавје ги обработува фитопрепаратите коишто се користат како адаптогени и имуностимулаторни дроги. Вообичаено, за овие цели се употребуваат жен-шенот и ехинацеата, обработени подетално во ова поглавје.

Последното единаесетто поглавје се однесува на две опширни теми, кои во ова поглавје се само накратко претставени, со цел да им се укаже нивната важност на студентите. Едната тема ги разработува основните принципи кои треба да се почитуваат при контролата на квалитет на хербалните препарати од производството на хербалната дрога, преку добивање на нејзината преработка, па сè до контрола на квалитет на готова фармацевтска дозирана форма. Воедно, во ова поглавје е опфатена и ефикасност и безбедност на хербалните прапарати. Тука им се потенцира на студентите дека хербалните препарати без оглед на нивното природно потекло може да бидат токсични или да предизвикаат сериозни несакани

ефекти, што во одредена мера зависи и од квалитетот на готовиот хербален лек кој доаѓа до пациентите.

На крајот од скриптата е даден прилог кој претставува Речник на медицински термини и истиот е преземен од соодветно цитирана литература. Во делот Литератур, се цитираат референците користени при изработката на овој ракопис, кои истовремено претставуваат и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги прошират своите сознанијата од областа на фитотерапијата.

**ЗАКЛУЧОК**

При презентирањето на наставната програма од областа на фитотерапија, авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски и прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, воспримат и разберат суштината на предвидената содржина од областа на фитотерапијата. Секако, оваа скрипта би била еднакво корисна и за веќе дипломираните студенти, како литература во која преку слики и текст би можеле брзо и лесно да се потсетат на поважните групи на хербални препарати кои во пракса често се користат.

Од горнаведеното може да се заклучи дека ракописот со наслов „Фитотерапија“ – скрипта од проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензирана скрипта. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронска рецензирана скрипта во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор, с.р.**

## РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОТЕРАПИЈА” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ВИКТОРИЈА МАКСИМОВА И М-Р ФАРМ. МИХАИЛ АЛЕКСАНДРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-111/55 од 223. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 5.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Билјана Ѓорѓеска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија за „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОТЕРАПИЈА“ учебно помагало / практикум од доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на доставениот ракопис, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Предложениот ракопис од доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров со наслов „Практикум по фитотерапија“ како учебно помагало / практикум за објавување во електронска форма во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот Фитотерапија, кој се слуша во шестиот семестар, на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови од 2 + 2 + 1.

Ракописот на доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александорв е подготвен според наставната програма и ја опфаќа наставната материја за предметот Фитотерапија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има вкупно 100 страници (А4 формат, со големината на фонтот Arial 11, regular, единечен проред) и во однос на обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран практикум во електронска форма, според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Содржината на практикумот е поделена на 12 поглавја, вежби за изведување на практична настава, кои одговараат на посебни наставни единици од областа на фитотерапијата. Покрај текстот, ракописот содржи и 8 табели и 7 автентични слики. Сликите имаат за цел да им помогнат на студентите во пребарувањето на информации за безбедноста и ефикасноста на дадени медицински растенија и хербални droги, а табелите во овој практикум имаат за цел да го прикажат дејството на одредени групи на хербални препарати врз дефинирани анамотско-физиолошки системи во човековиот организам. Практикумот содржи клинички случаи од пракса, како и студии на случаи, за кои студентите за време на вежбите треба да одговорат на поставените прашања и задачи, со цел да ги решат случаите со пациенти. Во практикумот има и задачи кои се однесуваат на обработка и дискусија во однос на монографии и извештаи за медицински растенија / хербални дрога, дадени од Европската агенција за лекови и од Светската здравствена организација. Овие задачи ќе им помогнат

на студентите, како идни здравствени работници, во давањето на правилна фармацевтска грижа за хербалниот третман кај одредени заболувања на своите пациенти.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во нашата држава, каде што има акредитирано студиска програма Фармација, до сега не е објавено учебно помагало / практикум од областа на фитотерапијата. Бидејќи студентите на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки – Универзитет „Гоце Делчев" во Штип досега немаат на располагање практикум од ваков вид, овој текст ќе има голем придонес во реализација на наставата по фитотерапија. Практикумот е изработен во вид на прирачник кој дава насоки и овозможува лесно пребарување на хербалните препарати и стекнување на знаења поврзани со практични совети, кои треба да им се укажат на пациентите при употреба на хербалните препарати. При изработката на овој ракопис авторите консултирале релевантни научни извори кои се однесуваат на современите и практичните приоди во обработка на предвидените наставни содржини, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на фитотерапијата.

**Краток опис на содржината:** Предвидениот практикум содржи дванаесет вежби, што соодветствуваат со поглавјата од скриптата „Фитотерапија", со што го олеснува следењето на понудениот материјал. Со краток предговор, авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на практикумот, а потоа следи детална разработка на предметната програма за практична настава. На крајот во користена литература е дадена листа на референци или библиографија, која соодветно е цитирана во ракописот за овој практикум. Содржината што се презентира во практикумот е систематизирана во дванаесет вежби.

Во Вежба бр. 1 се дава вовед во рационалната фитотерапија, како и дефинирање на поими за предметот Фитотерапија кои се од исклучителна важност за студентите. Исто така, во оваа вежба детално се опишани начините на пребарување (чекор по чекор) на монографии и извештаи за медицински растенија и хербални дроги, регистрирани и одобрени од страна на Европската агенција за лекови и Светската здравствена организација, преку нивните официјални веб-страници.

Вежбата бр. 2 дава преглед на најчесто употребуваните медицински растенија во третман на кардиоваскуларните заболувања. Овде се обработени кардиотоничните гликозиди, кои се индицираат кај срцева инсуфициенција и препаратите на семе од див костен, кои се применуваат кај хронична венска инсуфициенција.

Фитотерапевтскиот третман кај анксиозност и несоница, како и хербалните антидепресивни суровини, како што е хербата од жолт кантарион, а исто така и нивните бенефити врз менталното и психичкото здравје, како и нивната безбедност и ефикасност се обработени во Вежба бр. 3.

„Фитотерапија кај болести на гастроинтестиналниот систем" е насловот на Вежба бр. 4. Овде детално се опишани хербалните препарати со кои се менаџира третманот на: стоматитис, гингивитис, глоситис, диспепсија, надуеност и флатуленција, гастритис и пептичен улкус, синдром на иритабилно црево, како и констипацијата и дијарејата. Овде се обработени повеќе групи на хербални препарати, како: антиинфламатори и емолиенси, горчливи средства, карминативи, лаксативи и антидијароици.

Во Вежба бр. 5 се дадени фитотерапевтските пристапи кон заболувањата на хепарот и билијарниот тракт. Овде се обработени хербални препарати кои се индицираат кај: акутен и хроничен вирусен хепатитис, цироза на црн дроб, намалена хепатална функција, како и нарушувања во стимулација на жолчната секреција и протокот на жолчка. Овде детално се обработени хепатопротективните хербални дроги и холагогните и холеретичните средства.

Вежбата бр. 6 се однесува на хербалните препарати во третманот на најчестите заболувања на респираторниот систем (сува и влажна кашлица, бронхијална астма, како и некои инфламаторни процеси на респираторниот тракт). Исто така, овде се обработуваат и различни фармацевтски дозирани форми, кои се употребуваат во зависност од видот и местото на заболувањето. Овде се обработени хербалните антитусици, хербалните експекторанси, како и хербата од ефедра, која е хербален антиастматичен препарат.

Хербалните препарати кои се индицирани кај најчестите заболувања на машкиот и

женскиот репродуктивен систем, детално се објаснети во Вежба бр. 7. Овде се обработени: плодот од сабал палма, кој е индициран кај бенигна хиперплазија на простата; плодот (или лист со цвет) од коноплика, кој ги ублажува симптомите на предменструалниот синдром; како и ризомот со корен од цимицифуга, кој се дава во период на менопауза.

Хербалните уроантисептици, хербалните диуретици, како и фитотерапевтскиот третман кај бубрежни каменчиња (уролитијаза), се обработени во Вежба бр. 8 – фитотерапија кај болести на уринарниот систем. Овде најголем акцент е ставен на листот од мечкино грозје, кој е најпознат и најупотребуван хербален уроантисептик, како и преглед на најчесто користени хербални диуретици со различен степен на потентност, одобрени од Германската комисија Е.

Во Вежба бр. 9 е даден детален преглед, како текстуален, така и табеларен, за хербалните препарати кои се индицираат кај најчестите дерматолошки проблеми и нарушувања, како што се: акни, егзема и дерматитис, рани на кожата и изгореници. Овде е оставено најголемо влијание на етерното масло од чајно дрво, гелот од алое вера и маслото од жолтиот кантарион.

Адаптогените хербални droги и хербалните имуностимуланси се обработени во Вежба бр. 10. Овде најголемо внимание се дава на хербалните препарати со стандардизиран екстракт од корен од жен-шен и на препаратите кои содржат стандардизиран екстракт од херба (корен) од ехинацеа.

Во Вежба бр. 11 се даваат информации во однос на безбедноста и ефикасноста на хербалните препарати. Овде се обработуваат видовите на несакани и токсични ефекти кои можат да ги предизвикаат хербалните препарати, како и факторите на ризик кои можат да доведат до појава на несакани и токсични ефекти од употребата на хербални препарати.

Контролата на квалитетот на хербалните дроги или аналитичките процедури кои се употребуваат за да се обезбеди квалитет во почетната суровина се детално образложени во последната вежба – Вежба бр. 12. Овде се објаснуваат принципите врз основа на што се врши контролата на квалитет, се воведува поимот стандардизација, се дефинира употребата на маркер-супстанции во аналитичкиот процес, како и фактори кои влијаат на квалитетот на хербалните лекови, а истовремено не влијаат на квалитетот на синтетските лекови. Во оваа вежба се дадени сите параметри кои е потребно да се испитаат за една хербална дрога пред да биде пуштена во промет и/или како појдовна суровина искористена за производство на хербални лекови.

На крајот од практикумот, во делот Користена литература се цитирани референците користени при изработката и пишувањето на овој ракопис, кои истовремено претставуваат и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги прошират своите сознанијата за хербалните препарати. Како што потенцираат и авторите во предговорот, овој практикум е подготвен со цел да им го олесни на студентите совладувањето на предвидениот материјал.

## ЗАКЛУЧОК

Овој ракопис обработува и дава детални насоки за начинот на употреба на хебралните препарати опфатени во наставната програма на предметот Фитотерапија. Притоа, авторите на овој ракопис применуваат современи начела и принципи, и од теоретски и од методолошки аспект. Наставните единици (вежбите) се елаборирани системски и прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, воспримат и да ја разберат суштината на предвидената содржина од областа на фитотерапијата. Овој практикум им овозможува на студентите брзо и лесно пребарување на информации за хербалните препарати и ги мотивира и тренира студентите да им даваат многу корисни практични совети на пациентите за конкретни хербални лекови. Воедно, може да им послужи и на веќе дипломираните студенти – магистри по фармација како литература во која преку слики, табели и текст би можеле брзо и лесно да се потсетат на поважните хербални препарати коишто се користат во фармацевтски цели.

Од горнаведеното може да се заклучи дека ракописот со наслов „Практикум по фитотерапија" од авторите доц. д-р Викторија Максимова и м-р фарм. Михаил Александров ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран практикум. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој практикум за објавување како рецензиран електронски практикум во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор, с.р.**

**Д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ – ПРАКТИКУМ „ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МИРЕ СПАСОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 2002-96/23 од 221. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.4.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математички факултет при УКИМ;
– д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор на Факултет за медицински науки при УГД,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум по физиологија“ од авторот доц. д-р Мире Спасов, наменет за студентите на прв циклус студии, студиска програма ВЗШ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Наслов на ракописот: „Практикум по Физиологија“. Наслов на предметот: Физиологија со неделен фонд на часови 2+1+1, за студиска програма ВЗШ, сите насоки. Име и презиме на авторите на трудот: доц. д-р Мире Спасов.

**Значење на предметот кој се обработува во практикумот:** Ракописот претставува учебно помагало-практикум за изучување на предметот Физиологија на студиската програма ВЗШ, за сите насоки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Наставната програма и содржините на предметната програма.

Основна цел на материјалот е:

– да им овозможи на студентите разбирање и запознавање на основите на предметот Физиологија и неговата значајна улога како базичен предметза сите насоки од стручните студии;
– стекнување на основен квантум на знаења кој ќе бидат основа при изучување на предмети во повисоките студиски години.
– материјалот опфатен во овој практикум овозможува студентите да се стекнат со познавања и знаења од физиологијата како фундаментален предмет, што таа изучува и со што се занимава како научна и стручна дисциплина;
– практични примери и чекори за изведување на опитите и анализите;
– лабораториски протоколи и постапки за работа со анимални експериментални модели и начин на изведување на експерименталните вежби.

**Податоци за обемот на ракописот:** Практикумот е во А4 формат на 160 страници, со слики, табели и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Поради својата содржина, стилот и начинот на кој е напишан, овој практикум ќе биде основа за практичната настава на студентите од ВЗШ, но може да биде од интерес и корист и на другите студенти кои

доаѓаат во контакт со истиот или сроден предмет. Практикумот според содржината и оригиналниот начин на разработка на тематските единици претставува материјал кои ќе овозможи голема ефикасност во воведувањето на студентите во Физиологијата како предмет, но и како научна дисциплина.

Практикумот како труд е изработен систематски, со јасно презентирани вежби и начин на нивно изведување, засновани на докази од научни истражувања.

**Краток опис на содржината:** Практикумот обработува значајни содржини кои се поделени во дванаесет тематски единици кои детално одговараат на поставените цели за изведување на практичната настава по наведениот предмет, и тоа:

ВОВЕД ВО ФИЗИОЛОГИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КЛЕТКА

Во делот за физиологијата на клетката е опишана состојбата на клетката во мирување, мембранскиот потенцијал и настанувањето на акцискиот потенцијал. Објаснети се ИПСП и ЕПСП и начинот на ширење на акциониот потенцијал. Прикажани се и видовите на транспортните механизми.

ФИЗИОЛОГИЈА НА МУСКУЛЕН СИСТЕМ

Во овој дел се прикажува физиологијата на видовите на мускули, со посебен осврт на физиологијата на скелетните мускули. Експериментално е опишана и методата за регистрирање и анализа на кривата на поединечна мускулна контракција кај жабешки мускул. Се дефинира мускулната активност преку методите на ергографија и динамометрија, со опис на методот на рачна динамометрија.

ФИЗИОЛОГИЈА НА СИСТЕМ ЗА ВАРАЊЕ

Во овој дел накратко се пишува општо за варењето на храната, потоа општо за плунката. Посебен акцент е даден на експерименталниот дел каде што се опишани методи за одредување на органските и неорганските составни делови на плунката. Во делот за варењето на храната во желудникот и тенкото црево прво општо е дадено за желудочниот сок, кој е неговиот состав и функција, а потоа темелно се дадени методите за докажување на дејството на пепсинот, химозинот, присуството на слободна и врзана HCl. Прикажани се методи за докажување на дејството на панкреасната амилаза, одредување на жолчните киселини и солите на жолчните киселини и емулгирачката улога на жолчката.

ФИЗИОЛОГИЈА НА КРВ

Во овој дел прво се опишани методите за земање на крв и добивањето на крвна плазма и крвен серум. Прикажани се и методите за одредување на специфичната тежина на крвта, хематокритот и седиментацијата. Поединечно се дадени класичните методи за одредување на крвните елементи. Дадени се две методи за одредување на хемоглобинската вредност. Во делот за хемостазата се прикажани тестот на Фонио и тестот за мерење на протромбинското време. Се дефинира АБО системот на крвните групи и е даден метод за одредување на крвните групи и на Rh факторот.

ФИЗИОЛОГИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРЕН СИСТЕМ

Во овој дел се дефинираат големиот и малиот крвоток, основните физиолошки својства на срцевиот мускул и срцевиот циклус. Темелно и опширно се прикажуваат методите за испитување на работата на жабешкото срце, како анимален експериментален модел. Се прикажува работата на жабешко срце во нормални услови и при влијанија на надворешни фактори како температура, електролити, хормони или стимул со алкалоиди. Дефинирани се Станиусовите лигатури и влијанието на директното и индиректното дразнење на n. vagus.

ФИЗИОЛОГИЈА НА УРИНАРЕН СИСТЕМ

Во оваа целина се дефинира физиологијата и функционалната улога на бубрезите со одредување на бубрежниот клиренс. Даден е опис за испитување на мокрачата со класични методи и со урометарски ленти. Прикажан е и методот за одредување на седиментот во урината.

ФИЗИОЛОГИЈА НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ

Во делот на системот за дишење прво се дефинира општо дишењето и неговата физиолошка функција. Во ова поглавје се објаснуваат и поединечно директните и индиректните методи за одредување на виталниот капацитет кај човекот. Исто така, се дефинира и поимот дишна резерва и максимален дишен капацитет.

ФИЗИОЛОГИЈА НА НЕРВЕН СИСТЕМ

Во практикумот кај овој дел се дефинира поимот моторна плоча, адекватност и неадекватност на дразбите и сумацијата на истите. Прикажани се и опити за докажувањето на постоењето на акциони и демаркациони биоструи кај жаба и опит за секундарна контракција. Прикажан е и начинот за добивање на нервно-мускулен препарат од жаба и опит за парабиоза на нервното ткиво според Воденски.

ФИЗИОЛОГИЈА НА НЕРВЕН СИСТЕМ

Дефинирани се поимите и даден опис на практични вежби за рефлексен лак и рефлексно време, спинален шок и спинална жаба, и рефлексот на бришење.

ФИЗИОЛОГИЈА НА СЕТИЛНИ ОРГАНИ

Овој дел од практикумот се однесува на сетилата за топло, ладно, вкус, мирис и допир, со практични примери за нивното испитување. Се дефинира физиологијата на сетилните органи за звук, вид и рамнотежа, со прикажани практични експерименти за нивно изведување и докажување на нивната функција.

ФИЗИОЛОГИЈА НА ЕНДОКРИН СИСТЕМ

Во делот за ендокринологија се обработени некои ендокрини жлезди со соодветни методи за докажување на нивното дејство. Пример за хипофизата и дејството на ADH од неврохипофизата, каде што е опишан дилуциониот тест. За дел од жлездите како тироидната или адреналните жлезди се дефинираат методите за екстирпација на истите, со набљудување на последиците.

ФИЗИОЛОГИЈА НА РЕПРОДУКТИВЕН СИСТЕМ

Во овој дел се разработува темата за машкиот и женскиот репродуктивен систем. Се дефинираат методите за екстирпација на половите жлезди кај експериментални животни, со дефинирање на последиците.

## З А К Л У Ч О К

Практикумот на студентите за кои е наменет им дава можности за стекнување на проширени знаења од практичната работа и протоколот за експерименталната работа на вежбите по предметот Физиологија на студиските насоки од ВЗШ.

Ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА" е материјал кој ќе биде од основна важност како учебно помагало за надополнување на предавањата по предметот Физиологија за студентите на ВЗШ.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме трудот да биде прифатен и објавен како учебно помагало-практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ-СКРИПТА „ВОВЕД ВО ЛАБОРАТОРИСКА РАБОТА“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МИРЕ СПАСОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 2002-96/22 од 221. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.4.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математички факултет при УКИМ;
– д-р Невенка Величкова, вонреден професор на Факултет за медицински науки при УГД,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис-скрипта „Вовед во лабораториска работа“ од авторот доц. д-р Мире Спасов, наменет за студентите на прв циклус студии, студиска програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Наслов на скриптата: „Вовед во лабораториска работа“. Наслов на предметот: Вовед во лабораториска работа, со неделен фонд на часови 2+0+1, за студиската програма Медицински лаборанти, изборен предмет во прва година, прв семестар. Име и презиме на авторот на трудот: доц. д-р Мире Спасов.

Значење на предметот кој се обработува во скриптата: Ракописот претставува учебно помагало, односно скрипта за изучување на предметот Вовед во лабораториска работа на студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Наставната програма и содржините на предметната програма.

Основна цел на материјалот е:

– да им овозможи на студентите запознавање соосновите на предметот Вовед во лабораториска работа и улогата на истиот како базичен изборен предмет за медицински лаборанти;
– стекнување на знаења кои ќе бидат основа при изучување на предмети во повисоките студиски години.

**Податоци за обемот на ракописот:** Скриптата содржи 60 страници во А4 формат, со слики и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Поради својата содржина и начинот на кој е напишана, скриптата ќе биде основа во наставата по предметот Вовед во лабораториска работа на студентите од студиската програма Медицински лаборанти, но може да е од корист и на другите студенти кои доаѓаат во контакт со сродни предмети. Скриптата „Вовед во лабораториска работа“ според содржината и оригиналниот начин на разработка на тематските единици е материјал кој ќе овозможи голема ефикасност во воведувањето на студентите во материјата на предметот Вовед во лабораториска работа.

**Краток опис на содржината:** Скриптата обработува значајни содржини кои се поделени на дванаесет дела, односно тематски единици, кои детално одговараат на поставените цели за изведување на наставата, и истите се:

ПОИМ ЗА ЛАБОРАТОРИСКА РАБОТА, ВОВЕД И ПРИСТАП, ВИДОВИ НА ЛАБОРАТОРИИ

Дел во кој се разработуваат и се дефинираат основните поимови за лабораториска работа, анализите кои се работат во рутинските амбулантски и клиничко-биохемиските лаборатории, кои анализи се специфични и со кои методи се изработуваат.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛАБОРАТОРИСКАТА РАБОТА ОД ПРИЕМ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА АНАЛИЗА ДО ИЗДАВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ

Во овој дел подетално се објаснува организацијата на лабораториската работа од приемот на материјалот за анализа до издавањето на резултатите. Целосно и јасно се опишани преаналитичката, аналитичката и постаналитичката фаза.

СТРУКТУРА НА ЛАБОРАТОРИСКАТА РАБОТА, ТЕХНИКИ ЗА РАБОТА ВО ЛАБОРАТОРИЈАТА И НИВНА СООДВЕТНОСТ

Во делот за структурата на лабораториската работа и соодветноста на лабораториите за изведување на анализите се опишува правилното земање на материјал за анализи и постапувањето со истиот. Правилно се опишуваат техниките за земање на венска и капиларна крв, како и центрифугирањето на крвта и крвниот серум. Јасно се опишани основната, спротивната и повторливата техника за пипетирање.

ПОТРЕБНА ОПРЕМА И АПАРАТИ ЗА РАБОТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА

Во делот за потребната опрема и апаратура за работа во лабораторија се опишува потребниот простор и инвентар за изведување на венепункција и просторија за анализирање на примероците од урина. Исто така, се опишуваат и просторните потреби и апарати за изведување на хематолошките и биохемиско-имунолошките анализи.

НАБАВКА НА РЕАГЕНСИ, ЧУВАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ХЕМИКАЛИИ

Во оваа тематска единица се објаснува процедурата за набавка на реагенси, нивното чување и складирање, како и евентуално внатрешното подготвување на истите. Наведени се и видовите и чистината на реагенсите.

ЛАБОРАТОРИИ И ВИДОВИ НА АНАЛИЗИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ТИПОТ НА ЛАБОРАТОРИЈАТА

Во делот на видовите на лаборатории се опишуваат одделно лабораториите според испитувањата во нив. Така, опишани се микробиолошката, цитолошката, патохистолошката, форензичката и биохемиската лабораторија и нивното значење.

РУТИНСКИ АМБУЛАНТСКИ АНАЛИЗИ И ЕЛИМИНАЦИЈА НА МОЖНИ ГРЕШКИ ВО ЛАБОРАТОРИСКАТА ДЕЈНОСТ

Овде се дефинира значењето на ендогените и егзогените фактори кои влијаат врз точноста на резултатите, со осврт на елиминирање на можните грешки при рутинските анализи.

БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА, СТЕРИЛИЗАЦИЈА И ДЕЗИНФЕКЦИЈА

Во ова поглавје прво се објаснува значењето на безбедноста и заштитата при работа во лабораторија, пред сè со крв и со други телесни течности како потенцијално инфективен материјал, а потоа подетално се опишуваат постапките за дезинфекција и стерилизација.

ЛАБОРАТОРИСКА ПРАКСА, КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ И УЛОГАТА НА МЕДИЦИНСКИОТ ЛАБОРАНТ

Се разработува и објаснува важноста на внатрешната контрола на квалитетот на работата во клиничко-биохемиската лабораторија и која е улогата на медицинскиот лаборант.

ВОДЕЊЕ НА ЛАБОРАТОРИСКИ ДНЕВНИК И ИЗДАВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ

Се опишува што е тоа лабораториски дневник, која е основната цел и потреба за водење на истиот, чување на податоците, нивната доверливост и издавањето на резултатите.

ПРАВИЛА ЗА РАБОТА, ЕТИКА И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

Во овој дел се нагласуваат вредностите на медицинската етика, правилата за однесување и професионалност при работата во биохемиската лабораторија.

НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Опишани се постапките за добивање на акредитација на лабораториите и надворешната контрола врз квалитетот на работата во нив.

**З А К Л У Ч О К**

Скриптата „ВОВЕД ВО ЛАБОРАТОРИСКА РАБОТА“ е прва напишана скрипта за предавања по предметот Вовед во лабораториска работа на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за насоката Медицински лаборанти, а на студентите за кои е наменета им дава можности за стекнување на основни знаења од предметот.

Ракописот претставува материјал кој ќе биде од основна важност како скрипта приспособена за предавањата по предметот Вовед во лабораториска работа за студентите на насоката Медицински лаборанти.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме трудот да биде прифатен и објавен како скрипта по Вовед во лабораториска работа за медицински лаборанти.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Невенка Величкова, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА” ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р КИРО МОЈСОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2302-79/6 од 90. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 11.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Дарко Андроников, вонреден професор од областа на органска хемиска технологија и биоинженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– д-р Ацо Јаневски, вонреден професор од областа на анализа и синтеза на процеси и полимерно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА” од авторот вон. проф. д-р Киро Мојсов наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Е-учебникот „Технологија за заштита на животната средина“ е наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кои според наставниот план го слушаат предметот Технологија за заштита на животната средина во четврта година, VIII семестар, со фонд на часови 2+2+1 на студиските програми Нови технологии и материјали и Технологија на материјали. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиските програми за кои е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Е-учебникот се состои од вовед и 17 поглавја: 1. Животна средина, 2. Екосистем, 3. Работна средина, 4. Природни ресурси, 5. Загадување на животната и работната средина, 6. Загадување и заштита на атмосферскиот воздух, 7. Загадување и заштита на водите, 8. Загадување и заштита на подземните води, 9. Загадување и заштита на почвата, 10. Загадување и заштита на вселената, 11. Цврст комунален отпад и негово решавање, 12. Бучава, 13. Вибрации, 14. Осветлување, 15. Радиоактивно зрачење, 16. Управување со еколошките аспекти во компаниите, 17. Пречистителни станици за отпадни води во РМ.

Ракописот се состои од 287 страници (А4 формат) поделени на 17 тематски целини со 52 слики и 21 табели. Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа неделно.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Технологија за заштита на животната средина на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Првите три поглавја се однесуваат на општите познавања за животна средина, екосистем и работна средина. Четвртото поглавје се однесува на природни ресурси. Во него се разработени обновливите реурси, постојаните и необновливите ресурси. Петтото поглавје се однесува на загадување на животната и работната средина. Во него се објаснети глобалните проблеми со животната средина,

одржливиот развој како поим на светско ниво, загадувањето на животната и работната средина и глобалните мерки за заштита на животната средина. Во шестото поглавје се објаснети загадувањето и заштита на атмосферскиот воздух. Во седмото и осмото поглавје се опишани загадувањето и заштита на водите и подземните води. Објаснети се третманите на отпадни флуиди, прелиминарно, примарно и секундарно пречистување, биолошко отстранување на хранливи материи, процеси за природно пречистување, физичко-хемиски постапки за пречистување, индустриски отпадни води. Во деветтото поглавје се опишани загадувањето и заштитата на почвата. Објаснети се природните и антропогените фактори кои предизвикуваат оштетување на почвата. Во десеттото поглавје се опишани општите познавања за загадувањето и заштитата на вселената. Во единаесеттото поглавје е разработен цврстиот комунален отпад и неговото решавање. Во поглавјата дванаесто, тринаесто и четиринаесто се објаснети факторите, видовите и влијанието на бучавата, вибрациите и осветлувањето врз луѓето. Во поглавјето петнаесет објаснети се изворите, видовите и влијанието на радиоактивното зрачење врз човекот. Во поглавјето шеснаесет е објаснето управувањето со еколошките аспекти во компаниите. Во последното седумнаестто поглавје се опишани пречистувањата на отпадните води со опис на технологијата на третман во некои од поголемите изградени пречистителни станици во државата (Берово, Струмица, Кичево, Радовиш, Прилеп).

## ЗАКЛУЧОК

Е-учебникот е напишан технички прецизно на јасен и разбирлив јазик. Сите ознаки и единици во текстот се во склад со меѓународниот систем на мерни единици. Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот  Технологија за заштита на животната средина на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип не е објавен. Квалитетот на е-учебникот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите на прв циклус студии. Заради тоа е-учебникот го категоризираме како рецензиран е-учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Дарко Андроников, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Ацо Јаневски, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СОЦИЈАЛНА ЕКОНОМИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ)-СКРИПТА" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ЖЕЖОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2102-214/5 од 205. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 15.8.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Мичо Апостолов, вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
– д-р Зоран Темелков, доцент, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „СОЦИЈАЛНА ЕКОНОМИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - СКРИПТА" од доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Александра Жежова, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Социјална економија (избрани теми)-скрипта" е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на насоките на кои се слуша предметот Економика во јавен сектор, односно на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистика како изборен предмет во I семестар, со фонд на часови 2+1+1. Овој ракопис, покрај теоретските, нуди и практични базични знаења по предметот Социјална економија и е наменет за предавањата на студентите како основна литература.

**Податоци за обемот на ракописот:** Целиот материјал е поделен во 11 тематски поглавја на 106 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите од прв циклус студии и е подготвен за да даде основни сознанија за предметот Социјална економија.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква е-скрипта, по обем и содржина, којашто одговара на предвидената наставна програма по предметот Социјална економија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип не е објавена.

**Краток опис на содржината:**

Во првиот дел Есенцијални карактеристики на стратегијата за човеков развој се објаснуваат: човековиот развој изразен преку материјалните средства, улогата на државата, понатаму се објаснува делот создавање на коалиција во поддршка на човековиот развој.

Во вториот дел се објаснува структурата на поттикнувачите (incentives), се анализираат деловите вработеност и пазар на труд, пристап до финансискиот капитал, земја, природен капитал и компаративна предност, човечки капитал и динамична компаративна предност, технолошките можности и човековиот развој, комплементарноста помеѓу приватните и јавните инвестиции.

Во третиот дел се обработува темата Реалокација на ресурсите на јавниот сектор. Во овој дел се објаснуваат формата на образовната пирамида, пристап до здравствена заштита, редуцирање на јавните инвестиции со низок приоритет, сервисирање на долгот, инвестиции во армијата и внатрешната сигурност, претпријатијата од јавниот сектор и субвенции за богатите.

Во четвртиот дел се обработува темата Поставување на таргети наместо калкулирање на користи - трошоци.

Во петтиот дел се обработува темата на структурни реформи. И темите на: гарантирана вработеност, наемнина, финансирање на програмата за полна вреботеност, селекцијата на проекти, администрацијата, достапност на квалитетна храна (food security) и економска сигурност.

Во шестиот дел се разработува темата Човековиот развој и одржливиот развој. Понатму точките: владиниот неуспех и класната пристрасност (грешка), пазарниот неуспех, пазари кои недостигаат, високи дисконтни стапки.

Во седмиот дел се обработува темата Финансии и администрација, понатаму: цените во јавниот сектор, цените на услугите и трошоците, даноците и човековиот развој, увозни давачки и извозни такси, индиректни даноци, даночна администрација, странска помош.

Во осмиот дел се обработува темата Индексот на човековиот развој (HDI-Human Development index). Понатаму точките: фактори на квалитетот на живот опфатени во индексот на квалитет на живот, како се пресметува индексот на човековиот развој (подетално објаснување), првата, втората, третата и четвртата модификација на HDI.

Во деветтиот дел е обработена темата Сиромаштија и нееднаквост. Понатаму точките на: дефинирање на сиромаштијата, теоретски концепти поврзани со сиромаштијата, доходовна сиромаштија и нејзино мерење, видови линиии на сиромаштијата, нееднаквоста и Кузнецовата хипотеза, мерење на нееднаквоста и Џини коефициентот.

Во десеттиот дел се обработува темата Вовед во економија на благосостојбата. Понатаму се разработува првата фундаментална теорема и нејзините почетоци, ефикасност ≠ праведност, втората фундаментална теорема, формално алгебарско дефинирање на втората фундаментална теорема,доказ на втората фундаментална теорема на економијата на благосостојбата: агрегација, функцијата за општествена благосостојба на Бергсон-Семјулесон (Bergson–Samuelson), алтернативни функции на општествена благосостојба.

Во единаесеттиот дел се обработува темата Дискриминацијата и економската теорија. Понатаму се обработуваат точките: дискриминација базирана на вкусови (Gary Becker (1957)), статистичка дискриминација, дискриминација од страна на вработените, ефектот на синдикатите и трговските унии, економијата на кастите (базирана на трудот на George A.Akerlof (1976)).

**ЗАКЛУЧОК**

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „Социјална економија (избрани теми) - скрипта“, поднесен од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон.проф. д-р Александра Жежова е наменет за студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистика на кои се слуша предметот Социјална економија како изборен предмет во I семестар.Скриптата е конципирана по однапред утврдени наставен план и програма.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Социјална економија (избрани теми) - скрипта“ од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Александра Жежова и да овозможи тој да се користи во наставата по предметот Социјална економија како скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Мичо Апостолов, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Зоран Темелков, доцент, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „ЗАШТИТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ОБЛЕКА"
# ОД АВТОРОТ Д-Р ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА,
# ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ,
# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2302-70/13 од 14.5.2019 г., на редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 14.5.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Димко Димески, редовен професор на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- д-р Светлана Ристеска, вонреден професор на Институтот за современи композити и роботика во Прилеп и надворешен наставник на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ЗАШТИТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ОБЛЕКА" од авторот д-р Винета Сребренкоска, ред. професор, наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Е-учебникот „Заштитни материјали и облека" е наменет за студентите на прв циклус на Технолошко-техничкиот факултет за предметот Заштитни материјали и облека со фонд на часови 2+2+1 на студиската програма Дизајн на текстил и облека.

**Податоци за обемот на ракописот:** Е-учебникот се состои од единаесет целини: 1. Преглед на заштитна облека; 2.Материјали и технологии; 3. Иднината на личната заштита; 4. Избор на материјали за заштитна облека; 5. Хемиска заштита на населението; 6. Текстил за заштита од студ; 7. Текстил за балистичка заштита; 8. Текстил за УВ заштита; 9. Текстил за биолошка заштита; 10. Текстил за респираторна заштита; 11. Текстил за електростатска заштита.

Ракописот се состои од 124 страници, поделени на 40 тематски целини со 30 слики и 10 табели.

Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија,ваков е-учебник, по обем и содржина, што одговара на предвидената наставна програма за предметот Заштитни материјали и облека на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Првата глава од овој учебник е посветена на преглед на типовите на заштитна облека. Во втората глава следат основни дефиниции и поими за материјали, структурата и својства за таа намена, како и за технологиите. Во третата глава е дадена иднината на заштитните материјали и облека и примената на најновите лансирани влакна за таа намена, а во четвртата глава е даден начинот на избор на материјалите во зависност од крајната апликација. Потоа, во наредните глави се презентирани различни

типови на заштитни материјали и облека. типовите на зајакнувачки влакна, типовите на полимерни матрици, технологиите за нивно процесирање, како и механичките карактеристики на истите и нивните компаративни разлики.

**ЗАКЛУЧОК**

Е-учебникот е напишан на јасен и разбирлив јазик со технички прецизни дефиниции и јасни дефиниции и податоци за сите типови на инженерски материјали.

Сите ознаки и единици во текстот и задачите се во склад со меѓународниот систем на мерни единици.

Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Заштитни материјали и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен.

Квалитетот на е-учебникот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите на прв циклус.

Заради тоа е-учебникот го категоризираме како рецензиран е-учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Димко Димески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Светлана Ристеска, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ” - УЧЕБНИК ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р РУБИН ГУЛАБОСКИ, ДОЦ. Д-Р ВИКТОРИЈА МАКСИМОВА И ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА ИВАНОВА ПЕТРОПУЛОС, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-118/14 од 225. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 12.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
– д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ” - учебник од авторите проф. д-р Рубин Гулабоски, доц. д-р Викторија Максимова и проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Предложениот ракопис од проф. д-р Рубин Гулабоски, доц. д-р Викторија Максимова и проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос со наслов „Инструментални фармацевтски анализи“ како учебник за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот Инструментални фармацевтски анализи, што се слуша во петтиот семестар, на студиската програма Фармација, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со неделен фонд на часови од 2 + 2 + 1. Ракописот на проф. д-р Рубин Гулабоски, доц. д-р Викторија Максимова и проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос е подготвен според предвидената наставна програма и ја опфаќа наставната материја за курсот Инструментални фармацевтски анализи.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има вкупно 150 страници (А4 формат, со големината на фонтот Arial 11, regular, единечен проред), а во него е вметнат и еден Прилог со нумерички задачи. Во однос на обемот, учебникот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран учебник во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Како еден од првите објавени учебници по Инстрменталните фармацевтски анализи на македонски јазик, овој учебник е од особена важност. Земајќи предвид дека последниот учебник од оваа област, од проф. д-р Александар Вељановски, (Инструментални методи во фармацевтските анализи, Студентски збор, 1995) е издаден пред повеќе од 20-тина години, овој учебник ќе има голем придонес во реализација на наставата по Инструментални фармацевтски анализи, но и во обезбедување на информации на студентите за поновите и пософистицирани техники и методи. При изработката на овој ракопис авторите консултирале релевантни научни извори кои се однесуваат на современите приоди во обработка на предвидените наставни содржини, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на инструментални физички и хемиски методи кои се користат во анализата на лекови.

Краток опис на содржината: Содржината на учебникот е поделена на 8 тематски поглавја, кои одговараат на посебни наставни единици од областа на инструменталните методи. Покрај текстот, ракописот содржи и 6 табели и 85 слики кои имаат за цел да им помогнат на студентите во совладување на предвидениот материјал и да им го направат учењето полесно и поинтересно. Во учебникот е даден и прилог кој содржи практични задачи за полесно совладување и решавање на практични проблеми од предвидените тематски содржини.

На почетокот е дадена содржината со што се олеснува следењето на понудениот материјал. Со кус предговор, авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на учебникот, потоа следи детална предметна програма по курсот Инструментални фармацевтски анализи, а на крајот е дадена листа на референци или библиографија (користена литература). Содржината што се презентира во учебникот е систематизирана во следните поглавја:

– Првото поглавје е воведно и ги запознава студентите со начинот на земање и ракување со примероци. Притоа, во првото поглавје е обработен и начинот на анализа на резултатите и нивна статистичка обработка. Ова поглавје е наменето за да им укаже на студентите за важноста на човечкиот фактор при одредена анализа. Правилното земање на примероци, како и правилна подготовка на раствори, стандарди и слично е од особена важност за целиот аналитички процес, односно за добивање на веродостојни резултати. По успешно совладување на материјалот студентите ќе можат да направат проценка на резултатите т.е. самите може да направат анализа на сопствените резултати, како на пример да ја проверат својата прецизност во работата преку пресметување на релативна стандардна девијација, како статистички параметар, што претставува мерка за прецизност.
– Второто поглавје ги опфаќа теоретските основи на спекторскопските техники за анализа. Опишувајќи го квантно-механичкиот модел на атомот, електронската конфигурација на атомите и својствата на светлината (електромагнетен спектар) авторите даваат осврт на основните познавања кои треба да ги поседуваат студентите пред да навлезат во спектроскопијата. Со ова поглавје студентите се подготвуваат да се запознаат со различните видови на спектроскопски техники кои следат понатаму во учебникот.
– Третото поглавје ја презентира темата што се однесува на UV/Vis спектроскопија разработувајќи ги основните принципи врз коишто се заснова оваа техника, како и начинот на спроведување на квалитативна и кванитативна анализа. Во ова поглавје се разграничени поимите за колориметрија, фотометрија, спектрофотометрија и детално се опишани деловите на еден UV/Vis спектрофотометар (извори на зрачење, монохроматори и оптички делови, садови за примерокот–кивети, фотодетекционен систем: детектори и конвертори на зраци, обработувач на сигналот, амплификатор и покажувач). Студентите на крајот на поглавјето се запознаваат со можностите за практична примена на UV/Vis спектроскопија во фармацевтски цели.
– Четвртото поглавје, под наслов Атомска спектроскопија опфаќа две потпоглавја, односно се однесува на Атомска апсорпциона и Атомска емисиона спектроскопија. Истото ги запознава студентите со принципите на атомската спектроскопија и начините на ексцитација и деексцитација на валентните електрони односно на атомите, при што се апсорбира/емитира одреден квант на енергија со определена бранова должина. Покрај принципите опишани се и инструментацијата што се користи во овие техники како и практични забелешки за примена на овие методи. Дополнително, во ова поглавје детално се опишува и техниката на Индуктивно спрегната плазма-атомска емисиона спектроскопија (ICP-AES) поврзана со масена спектометрија и нејзините високи перформанси.
– Во петтото поглавје се опишани карактеристиките на инфрацрвена спектроскопија. Притоа тука се разработени подрачјето на инфрацрвените зраци, молекулските и вибрационите спектри на молекулите, како и моделот на хармониски осцилатор за предвидување на положбата на лентите од вибрациите на дадени функционални групи во IR спектрите. Поглавјето содржи и практични совети за студентите при работа со инфрацрвен спектрометар.

– Шестото поглавје опширно ги обработува основите на хроматографијата како техника за разделување на компоненти од смеса. Овде се обработени хроматографските техники преку два приоди и тоа прво се поделени истите врз основа на прнципот на разделување на компонентите (партициона, апсорпциона, јоноизенувачка, гел-ексклузиона хроматографија).

Вториот начин на поделба на хроматографските техники е врз основа на поставеноста на стационарната фаза во хроматографот и видот на мобилна фаза што се користи. Високопритисочна течна хроматографија и гасна хроматографија, како две најпогодни техники за разделување, со релативно високи перформанси и најчеста примена во пракса се подетално опишани во ова поглавје. Притоа на студентите им се објаснети инструментацијата и начинот на примена на овие две техники, како и можноста за нивна апликација во производство и контрола на квалитет на разни видови на фармацевтски формулации.

– Седмото поглавје ги опфаќа теоретските основи на елктрофорезата како и нејзината поделба. Особеностите на оваа техника се опишани и сликовито прикажани. Биолошките примероци кои се анализираат со помош на електрофорезата се карактеризираат со специфики кои се потенцирани во ова поглавје со цел да им се укаже на студентите за истите.

– Во осмото поглавје од предложениот текст, кое е и последно во предвидениот учебник, е даден детален опис на волтамметријата со посебен осврт на циклична волтаметрија. Принципите и дефинициите на волтамметриските техники ги воведуваат студентите во можностите за користење на инструментацијата и примена на волтамметријата во анализа на лекови.

Пред крај е приложен и еден Прилог кој содржи нумерички задачи со кои практично би се сретнале студентите при обработка на примероци со дадените техники за анализа.

Покрај ова, на крајот од учебникот, во делот Литература, се цитираат референците користени при изработката на овој ракопис, кои истовремено претставуваат и дополнителна информација за оние студенти кои имаат желба да ги прошират сознанијата од областа инструменталните анализи.

Како што потенцираат и авторите во предговорот, овој учебник е подготвен со цел да им помогне на студентите во совладување на предвидениот материјал.

**ЗАКЛУЧОК**

При презентирањето на материјата од областа на инструменталните фармацвтски анализи, авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски и прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, воспримат и разберат суштината на предвидената содржина од областа на инструменталните методи. Учебникот претставува значајно дело, посебно ако се земе предвид дека е еден од првите учебници од оваа област на македонски јазик. Секако, овој учебник би бил еднакво корисен и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Од горнаведеното може да се заклучи дека ракописот со наслов „Инструментални фармацевтски анализи" - учебник од проф. д-р Рубин Гулабоски, доц. д-р Викторија Максимова и проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран учебник. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски учебник на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензенти**
**Проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| **Факултет за медицински науки** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кинезитерапија и рехабилитација кај пациенти со тензична главоболка | 2002-157/11 од 7.6.2018 г. | Доц. д-р Тоше Крстев | Елена Манчевска |

АДВОКАТ ДАВОР ДИМИТРОВ КОЧАНИ
ул. "Тодосие Паунов" бр.17 - 2300 Кочани
тел. 033 270 565 моб. 078 314 560 / 070 645 614
e-mail: davordimitrov@yahoo.com

АДВОКАТ ДАВОР ДИМИТРОВ
Ул."Тодосие Паунов" бр.17 Кочани
Тел:033-270-565 ; 078-314-560
email: davordimitrov@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

| Примено: 06.08.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 1907 | 109/1 | | |

**Преку:**
**Деканот на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

**До:**
**- Рецензентска комисија**
**- Наставно-научен совет на Филолошкиот факултет**

# ПРИГОВОР

**ПРОТИВ: Рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област Македонистика и морфологија на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во Универзитетски Билтен бр. 236 од 12.07.2019 год., по објавениот конкурс на 04.02.2019 година во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“**

**ОД:** д-р Марија Соколова, стручњак од практика и предавач на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку полномошник Адвокат Давор Димитров од Кочани

Од страна на Рецензентската комисија е доставен и објавен Рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област Македонистика и морфологија на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во Универзитетски Билтен бр. 236 од 12.07.2019 год., по објавениот конкурс на 04.02.2019 година во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“.

Наведениот реферат не е во целосна согласност со одредбите од Законот за високо образование а имајќи го предвид следново:

Доколку внимателно се разгледа рефератот, како и времето на објава, може лесно да се забележи дека во постапката за избор на асистент во научната област Македонистика и морфологија се направени бројни неправилности и недозволени пропусти, кои сериозно ја доведуваат во прашање валидноста на изборот. Како потврда за оваа констатација, ги наведувам следниве причини:

АДВОКАТ
ДАВОР ДИМИТРОВ
Ул."Тодосие Паунов" бр. 17 Кочани
Тел:033-270-565; 078-314-560
email: davordimitrov@yahoo.com

1. И покрај преобемниот реферат, Комисијата предложува кандидат **кој не ги исполнува условите според Законот за високо образование и условите предвидени во Конкурсот**. Во самиот реферат, при елиминирање на еден од кандидатите, Комисијата го цитира член 173, став 8 и став 10 од Законот за високо образование каде што децидно е наведено дека **„Рецензентската комисија го подготвува рефератот врз основа на доставената, односно поднесената документација која е од важност за изборот“.**
Од поднесениот реферат од страна на Рецензентската комисија може јасно да се види дека Комисијата предложува кандидат кој не го исполнува член 170, став 1, алинеја 4 од актуелниот Закон за високо образование каде што децидно е наведено дека кандидатот што се избира во соработничко звање асистент треба да има познавање на најмалку еден странски јазик. **Никаде во рефератот на Рецензентската комисија** во Извештајот за кандидатката д-р Марија Гркова не е наведено (споменато) познавање на барем еден странски јазик што значи **дека кандидатката не ги исполнува условите за избор** во асистент за научната област Македонистика и морфологија. Според претходно наведеното, кандидатката **не ги исполнува и условите кои се пропишани со објавениот Конкурс** за избор на соработник во звање асистент за научните области Македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што меѓу другото се бара потврда дека се служи со еден странски јазик.
Го исклучуваме секое оправдување дека Комисијата направила пропуст бидејќи во Извештајот за кандидатката д-р Марија Гркова самата комисија вели дека: **„детално ги разгледа сите поднесени документи од кандидатката“**. Може да се заклучи дека Рецензентската комисија предлага кандидат без исполнети услови.

2. Иако Комисијата напишала подолг реферат, сепак, таа не си ја завршила во целост задачата која се бара од неа и за која таа била избрана. Имено, во Одлуката за формирање на Рецензентска комисија, којашто е доставена и до кандидатите со документ бр. 1902-90/6 од 29.05.2019 година, од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, во **член 3** јасно и недвосмислено е наведено дека:

    „ Рецензионата комисија има за задача да поднесе реферат во писмена форма за пријавените кандидати. Рефератот на Рецензионата комисија содржи: биографски податоци на кандидатот, оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветно звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка за тие трудови, **вкупната актива на поени од активностите (НО + НИ + СУ + САОР)**, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање.“

    **Комисијата не изготвила табела со вкупна актива на поени од активностите иако била задолжена.**

3. Рефератот за избор на асистент за наставно-научната област Македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се објавува во Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на **17.07.2019 год.** (тогаш е објавен на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2019/) што може да се види во прилог 1, а во самиот Билтен стои дека е **од 12.07.2019 година.**
Кој, на овој начин, и зошто го скратува времето за приговор по однос на рефератот за речиси 5(пет) дена?

АДВОКАТ
ДАВОР ДИМИТРОВ
Ул."Тодосие Паунов" бр. 17 Кочани
Тел:033-270-565; 078-314-560
email: davordimitrov@yahoo.com

4. Во Законот за високо образование член 172 алинеја 6 стои:

„Постапката по конкурсот може да трае најмногу шест месеца сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат. Доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс".

Во наредната алинеја 7 стои:

„Рокот од ставот (6) на овој член **не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година"**.

Како е можно во овој рок, да не тече постапката по конкурсот, а да тече времето за приговор по рефератот за избор на асистент?

5. Дали во овој реферат може да се забележи пристрасност на Комисијата која вешто ги прикрива недостатоците на предложениот кандидат, а ги величи неговите предности преку обемен текст во кој се видливи преповторувања на ист или сличен текст и тоа по неколку пати?

Па така во Извештајот за кандидатката д-р Марија Гркова на страна 80, во ист параграф, речиси една до друга, можат да се сретнат следниве реченици:

а) „Во периодот од 2011 до 2013 година д-р Марија Гркова е ангажирана како предавач по Македонски јазик како странски за студентите од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип".

б) „Во 2015 и 2016 година повторно работи како предавач по Македонски јазик како странски за студенти од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип".

в) „Од 2018 година до денес кандидатката д-р Марија Гркова работи како предавач по Македонски јазик како странски за студентите од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип".

На наредната (81) страница за кандидатката може да се прочита следниот текст:

г) „Неколку години последователно кандидатката д-р Марија Гркова, преку Проектот „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски", се јавува и во функција на предавач по Македонски јазик како странски на странските студенти кои, главно, доаѓаат од Турција, но има работено и со студенти од Кина, па дури и од Гана, Африка".

А во следната реченица стои:

д) „Кандидатката го дополни своето работно искуство и преку работењето со странски студенти кои доаѓаат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип преку добропознатата „Еразмус програма" преку која има работено со студенти од Италија, Словенија, Полска и од други европски земји.

Дали преку редундација Комисијата ја збогатува биографијата на кандидатката д-р Марија Гркова?

На пример, на страница 81 стои:

„...во 2013 година е и предавач по Македонски јазик на Летниот камп на Министерството за надворешни работи кој се одржа во Охрид под мотото „Ја сакам Македонија".

Веќе на страница 91 пишува:

АДВОКАТ
ДАВОР ДИМИТРОВ
Ул."Тодосие Паунов" бр. 17 Кочани
Тел:033-270-565; 078-314-560
email: davordimitrov@yahoo.com

„Кандидатката д-р Марија Гркова учествува и како предавач по македонски јазик на Летниот камп по македонски јазик „Ја сакам Македонија" во Охрид во 2013 година во организација на Министерството за надворешни работи на Република Македонија".

На иста страница, во ист параграф, во делот на Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност на д-р Марија Гркова, Комисијата ќе го напише следново во две реченици:

„Кандидатката д-р Марија Гркова има повеќегодишно искуство во наставно-образовната дејност, односно во наставата во високото образование како волонтер, како предавач и како демонстратор".

„Може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Гркова во текот на нејзиното безмалку десетгодишно ангажирање како волонтер, предавач и демонстратор на Филолошкиот факултет во Штип (во чии рамки е и Институтот за јазици) се стекнала со солидно работно искуство во високообразовната настава".

Колку пати и да се преформулира истата реченица, не може да се негира фактот дека властодавателот - кандидатката д-р Марија Соколова има побогато, поразновидно и подолго работно искуство во високообразовните институции како: предавач, демонстратор и стручњак од практика и фактот дека на Филолошкиот факултет во Штип е речиси од самото негово формирање, со две позитивни рецензии.

За да бидат појасни работите, еве едно дополнување за тоа кој, колку и од кога е ангажиран во работата со странските студенти на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет во Штип.

Кандидатката д-р Марија Соколова уште во учебната 2010/2011 година (летен семестар) заедно со професорите д-р Марија Леонтич, д-р Гоце Цветановски и д-р Виолета Николовска беше ангажирана од самиот почеток - во првата група предавачи по Македонски јазик како странски за странските студенти. Во истата учебна година, зимски семестар, таа продолжува како единствен предавач по Македонски јазик за странските студенти и до 2016 година, 6 години континуирано е ангажирана за таа работа. Учествувала во изготвувањето на Наставниот план и програма за предметот Македонски јазик за странци А1 и А2 ниво. Освен ова, таа била ангажирана и како демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје и како стручњак од практика на Филолошкиот факултет во Штип. Сето ова доволно говори за нејзиното солидно повеќегодишно работно искуство во високообразовна настава, кое е збогатено и со нејзиниот повеќегодишен ангажман како професор по Македонски јазик и литература во основно и средно образование во државни и приватни училишта во нашата земја.

6. Зошто Комисијата никаде, за ниеден кандидат не го прикажува просекот од првиот и од вториот циклус на студии, па да се види дали предложениот кандидат има најголем просек или не?

Од Рефератот може да се види дека кандидатката д-р Марија Гркова има завршено прв циклус на студии Педагошки факултет во Штип, со стручно звање **дипломиран професор по одделенска настава**, што воопшто нема допирни точки со наставно-научната област Македонистика и морфологија. Магистрирала на Филолошкиот факултет во Скопје (не е наведено дали тоа се едногодишни или двегодишни студии), стекнувајќи се со научниот назив **магистер по филолошки науки**. По докторирањето на Филолошкиот факултет во

АДВОКАТ
ДАВОР ДИМИТРОВ
Ул."Тодосие Паунов" бр. 17 Кочани
Тел:033-270-565; 078-314-560
email: davordimitrov@yahoo.com

Скопје се стекнува со научен назив **доктор по хуманистички науки**. Од изнесеното тешко може да се открие кое е полето на потесниот стручен интерес на кандидатката, и покрај обидот на Комисијата да нè убеди во спротивното.

Ако направиме паралела со кандидатката д-р Марија Соколова, ќе видиме дека таа во текот на своето образование бележи континуирано стручно усовршување почнувајќи преку додипломските студии на Филолошкиот факултет во Скопје, стекнувајќи се со стручен назив **дипломиран професор по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности**. Продолжува преку магистрирање на истиот факултет (двегодишни постдипломски студии), стекнувајќи се со научниот назив **магистер на филолошки науки**, каде што и ќе докторира добивајќи научен назив **доктор по филолошки науки**. Од ова може да се заклучи дека полето на научен интерес на кандидатката д-р Марија Соколова се **филолошките науки.**

Доколку Комисијата сака да убеди дека кандидатката д-р Марија Гркова е најсоодветна за дадената позиција, би требало да направи еквиваленција на Наставните планови и програми од прв циклус (бидејќи станува збор за различни факултети) и втор циклус на студии, како и да види како и колку наставната област Македонистика и морфологија е застапена во тие студии, со колку часови се слушани и на крај кои оценки се добиени.

7. Комисијата не наведува ниту еден од лекторираните научни трудови на д-р Марија Соколова, иако се 18 на број, што според активата на поени би ѝ донело дополнителни 18 поени.

8. Комисијата заклучува дека кандидатката д-р Марија Гркова „има објавено 11 авторски научни и стручни трудови, од кои 8 во меѓународни научни публикации и три во домашни научни и стручни публикации, а учествувала на 5 научни конференции и собири од кои 4 со меѓународен научен карактер и еден домашен научен собир".

   Притоа од евалуацијата на тие 8 меѓународни научни публикации може да се забележи дека дури **5 (пет) од нив се прикази**, односно **опис на веќе постоечки трудови** и истото не може да се вброи во оригинален научен труд, а од останатите 6 трудови, дури 4 (четири) трудови гравитираат кон нејзиниот магистерски труд.

   Од приложеново во рефератот може да се констатира дека трудовите, па дури и магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Гркова, главно се однесуваат на македонскиот јазик како странски, а не на родени говорители на македонскиот јазик, што не ја прави кандидатката поподобна во областа морфологија, за разлика од кандидатот д-р Марија Соколова која има соодветно образование на основните додипломски студии каде го има слушано и полагано предметот Морфологија, како и на постдипломските студии предметот Граматички категории, што може да се увиде од Уверението за положени испити од прв и втор циклус на студии.

9. Од излагањето во Рефератот за учеството на д-р Марија Гркова на 5 (пет) научни конференции и собири може да се забележи дека Комисијата прави двапати евалуација на 3 (три) исти труда и тоа:
   а) „За вежбите поврзани со граматичките категории на именките од учебниците по македонски јазик за странци – почетно рамниште";
   б) „Усвојување на перфектот во IX одделение во Штипско";
   в) „Околу удвојувањето на индиректниот предмет кај учениците од IX одделение – припадници на турската заедница со наставен македонски јазик".

**Поради сето горенаведено бараме:**

- Да се поништи предлог за избор на Рецензентската комисија;
- Рецензентската комисија да достави нов предлог со кандидат кој најмногу ги исполнува условите и има комплетна документација за избор во соработничко звање асистент за наставно-научните области Македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип.

или

- Да се формира нова независна, надворешна комисија, која повторно ќе ги разгледа приложените документи и ќе изврши избор на најсоодветен кандидат.

**ПРИЛОГ: Полномошно.**

***ДОСТАВЕНО: ПРЕПОРАЧАНО ПО ПОШТА НА ДЕН 19.07.2019 ГОДИНА!!!***

Кочани, 19.07.2019 година.

За подносител:
Полномошник

АДВОКАТ ДАВОР ДИМИТРОВ Ул."Тодосие Паунов" бр. 17 Кочани Тел:033-270-555; 078-314-560 email: davordimitrov@yahoo.com

Адв.Давор Димитров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 1905-111/1
09.08 2019 год.
ШТИП

**ДО НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ
НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ
ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**Предмет:** Одговор на приговорот од адвокатот Давор Димитров, ополномоштен од кандидатката д-р Марија Соколова, против рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, објавен во Универзитетски билтен бр. 236 од 12 јули 2019 година.

Приговорот на адвокатот Давор Димитров од Кочани како полномошник на кандидатката д-р Марија Соколова е испратен по пошта на 19.7.2019 година, а на Филолошкиот факултет е примен на 6.8.2019 година и заверен под архивски број 1907-109/1. Приговорот се однесува на рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, објавен во Универзитетски билтен бр. 236 од 12 јули 2019 година.

Рецензентската комисија во состав проф. д-р Виолета Јанушева, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола – претседател, доц. д-р Марина Спасовска, доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Тетово – член и проф. д-р Ранко Младеноски, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – член, го разгледа текстот на поднесениот приговор и го констатира следното:

1. Во однос на забелешката во приговорот дека рецензентската комисија „предложува кандидат кој не ги исполнува условите според Законот за високото образование и условите предвидени во Конкурсот“, а во врска со условот за познавање на еден странски јазик, комисијата потсетува дека во делот „Заклучок и предлог“ од објавениот реферат јасно е истакнато дека „кандидатката д-р Марија Гркова ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во соработничкото звање *асистент*“ (Универзитетски билтен, бр. 236, јули 2019, стр. 93) што, секако, се однесува на одредбите од член 170 од Законот за високото образование и, посебно, на делот за познавање на странски јазик за што кандидатката д-р Марија Гркова има поднесено соодветен и валиден документ за познавање на англискиот како странски јазик. Овој член од Законот за високото образование е спомнат и дури и цитиран во неколку наврати во рефератот и токму врз одредбите од овој член од Законот рецензентската комисија го дава и заклучокот и предлогот за избор на д-р Марија Гркова во соработничкото звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип. Рецензентската комисија уште еднаш нагласува дека кандидатката д-р Марија Гркова ги исполнува сите законски услови за избор во соработничкото звање асистент што е поткрепено со соодветна и валидна документација поднесена од кандидатката Гркова, а тоа е јасно нотирано и во објавениот реферат: „При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатката д-р Марија Гркова, доставена во предвидениот рок и во согласност со објавениот Конкурс, рецензентската комисија констатираше дека кандидатката д-р Марија Гркова има поднесено комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со Конкурсот“ (Универзитетски билтен, бр. 236, јули 2019, стр. 80). Според тоа, оваа забелешка во приговорот е неоснована.

2. И забелешката од приговорот дека „комисијата не изготвила табела со вкупна актива на поени од активностите, иако била задолжена“ нема нормативна основа. Во рефератот е нагласено дека рецензентската комисија го подготвува извештајот врз основа на одредбите од Законот за високото образование и условите предвидени во објавениот Конкурс за избор на соработник во звање асистент. Актуелен, важечки Правилник за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за овој Конкурс (Конкурсот е објавен на 4.2.2019 година) е Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник, година VIII, број 33, јуни 2015 година, стр. 7-30). Во овој Правилник не се наведени какви било услови за избор во соработничко звање асистент. Новиот Правилник за критериумите и постапката за избор во

наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е донесен во мај 2019 година, а тоа значи дека овој Правилник не може да се однесува и да се примени за Конкурсот објавен во февруари 2019 година. Во вакви околности, рецензентската комисија го подготви извештајот врз основа на актуелниот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82 од 8 мај 2018 година) и врз основа на предвидените услови во објавениот Конкурс. Комисијата ниту можеше ниту смееше да изврши квантитативна евалуација на активностите на кандидатите без јасно и прецизно одредени критериуми. Но, затоа, комисијата изврши и детална (конкретна) и општа (генерална) квалитативна евалуација на активностите на кандидатите во трите дејности – наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-апликативна (СА). Тоа е јасно видливо во објавениот реферат при евалуацијата на активностите на кандидатите. Врз основа на тоа, забелешката од приговорот дека комисијата „не си ја завршила во целост задачата која се бара од неа и за која таа била избрана“ ја отфрламе како неоснована.

3. Во врска со забелешката во приговорот за објавувањето на рефератот во Универзитетскиот билтен, како членови на рецензентската комисија истакнуваме дека извештајот (рефератот) комисијата го предаде на Филолошкиот факултет во Штип во определениот законски рок, односно на 26.6.2019 година, и овој извештај е заведен под број 1905-103/1 во архивата на Филолошкиот факултет во Штип. Затоа, комисијата смета дека оваа забелешка во приговорот е обична инсинуација за какви било неправилности во работата на комисијата при подготовката и предавањето на рефератот и ја отфрла како неумесна и неоснована.

4. Во истиот сосема погрешен контекст е упатена и забелешката за рефератот во врска со член 172, став 6 и став 7 од Законот за високото образование во врска со роковите за постапката за избор во звање. Уште еднаш нагласуваме дека рецензентската комисија во сета нејзина работа се придржуваше до роковите предвидени со Законот за високото образование и не ја гледа смислата на упатувањето на ваквата забелешка кон членовите на комисијата. Оттука и ваквата забелешка ја сметаме за неоснована и неумесна.

5. Во приговорот се дава и една субјективна и неиздржана проценка дека комисијата била „пристрасна“ и дека ги „прикривала недостатоците“ на предложената кандидатка со „преповторувања на ист или сличен текст и тоа по неколку пати“. Во објавениот реферат може да се види дека комисијата врши и конкретна и општа квалитативна евалуација на активностите на трите кандидатки во посебните дејности и ваквиот метод на евалуација е применет идентично при вреднувањето на активностите на трите кандидатки. Токму затоа, оваа забелешка од приговорот ја сметаме за неоснована.

6. За забелешките од точка 6 од приговорот во однос на „соодветноста“ или „несоодветноста“ на образованието на предложената кандидатка, како и просекот на кандидатите, комисијата повторно упатува на членот 170 од актуелниот Закон за високото образование во кој јасно се наведени условите за избор на асистент: „За асистент може да биде избрано лице кое: 1. има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити; 2. има стекнато назив магистер од соодветната област; 3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно; 4. има познавање на најмалку еден странски јазик“ („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82 од 8 мај 2018 година). Според ова, во приговорот се наметнува невистината дека законски критериуми за рангирање на кандидатите и за предлагање на кандидат за избор во звање асистент се видот на образованието од прв циклус и висината на просекот на кандидатите од прв и од втор циклус. Комисијата (а тоа е наведено и во делот „Заклучок и предлог“ од рефератот) се придржуваше до член 170, став 1, алинеја 2 од Законот за високото образование каде што е наведено дека кандидатот што се избира во соработничко звање асистент треба да биде магистер од соодветната научна област за која се избира и врз основа на тоа предложи кандидатката д-р Марија Гркова да биде избрана во соработничкото звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип. Примената на каков било друг критериум би значело повреда на одредбите од наведениот член 170 од Законот за високото образование, а комисијата ниту имаше намера ниту, пак, има намера да ги прекршува одредбите од Законот.

7. Во точка 7 од приговорот ја читаме оваа сосема неточна констатација: „Комисијата не наведува ниту еден од лекторираните научни трудови на д-р Марија Соколова, иако се 18 на број, што според активата на поени би ѝ донело дополнителни 18 поени“. Прво, во референдумот комисијата коректно наведува дека „во 2004 година Марија Соколова го положила испитот за лектор со што станала овластен лектор по македонски јазик“ (а тоа во приговорот се премолчува). Второ, не ни е јасно врз основа на кој критериум (правилник, табела за вреднување на активности за избор во звања или, пак, некој сличен нормативен акт на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип) подносителите на приговорот пресметале дека лекторската актива на кандидатката д-р Марија Соколова би ѝ донела „дополнителни 18 поени“! Станува збор, имено, за невистина затоа што на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, односно на Филолошкиот факултет, „лекторската актива“ никогаш не се вреднувала со какви било поени за избор во какво било звање, а тоа може да се провери во сите правилници за избор во звања што до денес се усвоени на Универзитетот „Гоце Делчев“. Подносителите на приговорот, едноставно, наведуваат непостоечки (измислени) квантитативни критериуми за евалуација на активностите на кандидатите за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“. Токму затоа комисијата и оваа забелешка од приговорот ја смета како неоснована.

8. Идентична невистина се наведува и во забелешката во точка 8 од приговорот, а во врска со класификацијата на објавените трудови од предложената кандидатка за избор во соработничко звање асистент, д-р Марија Гркова. Подносителите на приговорот сосема погрешно забележуваат дека „...од евалуацијата на тие 8 меѓународни научни публикации може да се забележи дека дури 5 (пет) од нив се прикази, односно опис на веќе постоечки трудови и истото не може да се вброи во оригинален научен труд...“, затоа што во објавениот реферат е коректно и точно наведено дека кандидатката д-р Марија Гркова „има објавено 11 авторски научни и стручни трудови од кои 8 во меѓународни научни публикации и три во домашни научни и стручни публикации, а учествувала на 5 научни конференции и собири од кои 4 со меѓународен научен карактер и еден домашен научен собир“ (Универзитетски билтен, бр. 236, јули 2019, стр. 81). Никаде во рефератот не е наведено дека кандидатката д-р Марија Гркова има објавено „8 меѓународни научни публикации“, како што пишуваат подносителите на приговорот, туку дека д-р Марија Гркова „има објавено 11 авторски научни и стручни трудови од кои 8 во меѓународни научни публикации и три во домашни научни и стручни публикации“. Значи, „8 во меѓународни научни публикации“! Има суштинска разлика меѓу формулацијата од објавениот реферат и онаа што се изнесува како невистина во приговорот. Толкувањето на подносителите на приговорот дека секој труд објавен во меѓународна научна публикација е оригинален научен труд е сосема погрешно. Како што е општопознато, во меѓународни научни публикации се објавуваат, на пример, и стручни трудови и прегледни трудови, а класификацијата на трудовите ја врши рецензентска комисија, односно трудовите се рецензираат. Никаде во објавениот реферат комисијата не тврди дека кандидатката д-р Марија Гркова има објавено 8 оригинални научни трудови. Комисијата пишува, и тоа е точно, дека кандидатката д-р Марија Гркова има објавено 8 трудови во меѓународни научни публикации, а тоа е нешто сосема друго. При деталната и конкретната евалуација на овие 8 објавени трудови на Гркова комисијата коректно наведува кој труд со каква класификација е објавен, а само кај трудот со наслов „Усвојување на граматичките категории род, број и определеност кај именките во македонскиот јазик од страна на студентите – слависти“ (Филолошки студии, Год. XII, Том 2, стр. 643–668) е наведено дека станува збор за „оригинален научен труд“ (Универзитетски билтен, бр. 236, јули 2019, стр. 82) како што е и класифициран трудот во списанието „Филолошки студии“. Затоа, и оваа забелешка од приговорот комисијата ја отфрла како неоснована. А во врска со забелешките за подобноста на кандидатите во одредена наставно-научна област од аспект на додипломските студии (прв циклус на студии), комисијата уште еднаш упатува и потсетува на член 170, став 1, алинеја 2 од актуелниот Закон за високото образование, за што веќе се даде образложение и овде, но и во „Заклучок и предлог“ од објавениот реферат (Универзитетски билтен, бр. 236, јули 2019, стр. 93).

9. И забелешката во приговорот под точка 9 дека рецензентската комисија „прави двапати евалуација на 3 (три) исти труда“ покажува неупатеност и неинформираност на подносителите на приговорот во однос на евалуацијата на активностите на кандидатите за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Имено, при евалуацијата на активностите

на кандидатите за избор во звање се врши одделна евалуација за учество на научна конференција или на научен собир (меѓународни или домашни), од една страна, и на објавен труд во зборник од научна конференција или собир, од друга страна. Така е тоа според Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев" што е важечки за овој избор (Универзитетски гласник, година VIII, број 33, јуни 2015 година, стр. 7-30). Придржувајќи се до тоа, рецензентската комисија изврши евалуација на учеството на кандидатката д-р Марија Гркова на научни конференции и собири, како и на објавените трудови во зборници од научни конференции и собири, и тоа врз основа на доставената документација за учеството на научните конференции и на научните собири и за објавените трудови во зборници од научните конференции и собири. Токму затоа рецензентската комисија и оваа забелешка ја смета за несоодветна и ја отфрла како неоснована.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, потпирајќи се на сите факти што се изнесени горе, заклучува дека приговорот поднесен од адвокатот Давор Димитров, ополномоштен од кандидатката д-р Марија Соколова, против рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, е неоснован.

**Врз основа на тоа, комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го отфрли приговорот како неоснован и да го земе предвид заклучокот и предлогот од комисијата во рефератот/извештајот објавен во Универзитетски билтен бр. 236 од 12 јули 2019 година и кандидатката д-р Марија Гркова да биде избрана во соработничкото звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**проф. д-р Виолета Јанушева, вонреден професор – претседател;**

______________________

**доц. д-р Марина Спасовска, доцент – член;**

______________________

**проф. д-р Ранко Младеноски, вонреден професор – член.**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 01.08.2019
Орг. единица
1907-108/1

До

Наставно-научниот совет на Филолошки факултет

при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

Катедра за македонски јазик и книжевност

ул. „Железничка“ бб Штип

тел. 032-550-021

**ПРЕДМЕТ: Приговор**

Подносител: м-р Македонка Б. Додевска од с. Горно Црнилиште – Свети Николе, докторанд на студиската програма Македонистика, потпрограма Македонски јазик и лингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Против: ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МАКЕДОНИСТИКА И МОРФОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на член 110, 114, 166, 170, 172, 173, 174, 175 и 176 од Законот за високото образование, член 22, став 1, точка 1 и член 23, став 1 од Законот за работни односи и врз основа на Одлуките на Наставно-научниот совет на Правен факултет, Филолошки факултет и Мшински факултет, се пријавив на распишаниот Конкурс (за избор на наставници и соработници на единиците во состав на Универзитетот), објавен во весникот „Нова Македонија“, бр. 24.551, Година: LXXV, на ден 04.02.2019 год. (понеделник) за вработување на асистент за научната област Македонистика и Морфологија (еден извршител) на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На овој Конкурс за вработување на асистент за научната област Македонистика и Морфологија (еден извршител) на Филолошкиот факултет при УГД, јас, м-р Македонка Додевска се пријавив на ден 06.02.2019 год. со сите потребни документи за кандидатите за избор во наставно-научни и соработнички звања. На 06.02.2019 год. мојата документација со орг. единица и број 0401-31/2 беше примена од техничката секретарка на Филолошкиот факултет, г-ѓа Весна Конзулова.

На 30.05.2019 год. на Viber апликацијата ја добив Одлуката за формирање на Рецензентска комисија (три документи) испратени во порака од техничката секретарка г-ѓа Весна Конзулова. Реферaтот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области Македонистика и Морфологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, излезе во Универзитетски билтен број 236, на 12.07.2019 год. на интернет стр. www.ugd.edu.mk.

Со Одлука бр.1902-90/6 од 29.05.2019 година донесена на 192. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип, одржана на 29.05.2019 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во

состав: **д-р Виолета Јанушева,** вонреден професор на Педагошки факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола – претседател, **д-р Марина Спасовска**, доцент на Филолошки факултет при Универзитетот во Тетово – член и **д-р Ранко Младеноски**, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 04.02.2019 година и во предвидениот рок се пријавија четворица кандидати: д-р Игор Станојоски, м-р Македонка Додевска, д-р Марија Соколова и д-р Марија Гркова. Врз основа на деталното разгледување на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов: **ИЗВЕШТАЈ**.

**Заклучок и предлог на Рецензентската комисија:** Имајќи ги предвид сите предочени факти, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој **Извештај** и кандидатката **д-р Марија Гркова да биде избрана во соработничкото звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип**.

**Извештај** за кандидатката м-р Македонка Додевска донесен од Рецензентската комисија: При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката м-р Македонка Додевска, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатката м-р Македонка Додевска доставила комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа документите на кандидатката.

Јас, м-р Македонка Додевска од с. Горно Црнилиште – Свети Николе, докторанд на студиската програма Македонистика, потпрограма Македонски јазик и лингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, поднесувам писмен **Приговор** до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Приговарам на донесениот **Извештај** од Рецензентската комисија, којашто до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет ја предложи кандидатката д-р Марија Гркова да биде избрана во соработничко звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија, со завршено несоодветно високо образование. Како иден доктор по филолошки науки не се согласувам со **Извештајот**, чувствувам извршена дискриминација врз мене и моите човекови права од донесениот **Извештај** за моите биографски податоци, за наставно-образовната и научноистражувачката дејност, преглед и евалуација на објавените научни трудови, приказ на магистерскиот труд и општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност напишан од Рецензентската комисија. Рецензентската комисија за мене м-р Македонка Додевска има поднесено некомплетен и несоодветен **Извештај** без детално да ги разгледа и проучи моите приложени документи.

Во **Приговорот** на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет ќе му докажам со повеќе наведени аргументи поткрепени со факти за напишаниот краток **Извештај** со многу пропусти и грешки од Комисијата за мене м-р Македонка Додевска, сè со цел да не бидам предложена и избрана во соработничкото звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип.

**Биографски податоци на кандидатката м-р Македонка Додевска**

Во овој дел од **Извештајот** донесен од Рецензентската комисија пишува дека јас, м-р Македонка Додевска сум родена во Свети Николе. Комисијата не се обидела да ги провери уверенијата од додипломски и постдипломски студии, фотокопијата на индексот од докторски студии, дипломите од додипломски и постдипломски студии и пофалницата од додипломски студии за да забележи дека сум родена во Кочани, а живеам во с. Горно Црнилиште – Свети Николе.

Во **Извештајот** е напишано дека во 2011год. сум дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и сум се здобила со **стручниот назив професор по македонски јазик и литература**.

**Образложение до Рецензентската комисија од м-р Македонка Додевска:**

Комисијата се обидела да ги прикрие моите биографски податоци и со кратки реченици да даде несоодветен **Извештај**, сè со цел да биде избрана кандидатката **д-р Марија Грхова во соработничко звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија**.

Додипломските студии ги запишав во академската 2007/2008 год. на студиската група Македонски јазик и јужнословенски јазици на Катедрата за Македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирав 2011 год. на истата студиска група со положени 69 испити од областа македонистика, со среден успех 9,54, со вкупно освоени 273 ЕКТС кредити. Испитите по предметите Морфологија на СМЈ 1 и Морфологија на СМЈ 2 ги положив со оценка 10 (десет) кај проф. д-р Живко Цветковски.

Во 2011 год. го одбранив дипломскиот труд по предметот Старословенски јазик со наслов „Еровите во македонските црковнословенски текстови (со посебен осврт на Карпинско евангелие и Македонско четвороевангелие)“, под менторство на проф. д-р Емилија Црвенковска (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“), воедно и оценет со оценка 10 (десет) од трочлена комисија. За стекнатиот висок просек од 9,54 на I (прв) циклус на академски студии добив **Пофалница** од проф. д-р Максим Каранфиловски, поранешен декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

**Биографски податоци на кандидатката д-р Марија Гркова**

Предложената кандидатка д-р Марија Гркова завршила додипломски студии на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, наставна насока. Во 2010 год. дипломирала на Педагошкиот факултет и се стекнала со **стручно звање дипломиран професор по одделенска настава**.

**Поставени прашања до Рецензентската комисија и до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет:**

1. Дали кандидатката д-р Марија Гркова има положено 69 испити и дали има одбрането дипломски труд од областа Македонистика, како и кандидатката м-р Македонка Додевска?
2. Колку испити има положено д-р Марија Гркова од областа Македонистика на Педагошкиот факултет при УГД во Штип?

3. Дали кандидатката д-р Марија Гркова ги полагаше двата испити по предметите Морфологија на СМЈ 1 и Морфологија на СМЈ 2 на Педагошкиот факултет при УГД во Штип?
4. Дали во Конкурсот за вработување објавен во весникот „Нова Македонија“ се бара асистент за наставно-научната област Македонистика и Морфологија со завршен Педагошки факултет и со стручно звање дипломиран професор по одделенска настава или асистент со завршен Филолошки факултет и стручно звање дипломиран професор по македонски јазик и литература?
5. Зошто Рецензентската комисија не напишала во **Извештајот** дека кандидатката м-р Македонка Додевска дипломирала на студиската група Македонски јазик и јужнословенски јазици, како што напишала за кандидатката д-р Марија Гркова дека дипломирала на наставна насока на Педагошкиот факултет?

**Образложение до Рецензентската комисија од м-р Македонка Додевска:**

Во академската 2011/2012 год. запишав постдипломски студии на студиската група Македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Испитите од постдипломски студии ги положив со просек 10 (десет).

Во 2014 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје го одбранив магистерскиот труд со наслов „Овчеполскиот и словеначкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет“, под менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“), воедно се стекнав со научен назив **магистер по филолошки науки, област Македонски јазик**. Насловот на магистерскиот труд претставува паралели на два јужнословенски дијалекта. **Зошто? Образложение:** Како студентка на студиската група Македонски јазик и јужнословенски јазици на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици ги избрав испитите по предметите Словенечки јазик 1 (како јужнословенски јазик) и Словенечки јазик 2 (како јужнословенски јазик), и ги положив со оценка 10 (десет) кај проф. д-р Лидија Аризанковска. Првиот и вториот циклус на академски студии ги завршив од областа Македонистика. Словенечкиот јазик го избрав како втор (јужнословенски јазик), бидејќи на вториот циклус на академски студии го имам избрано испитот по предметот Избрани теми од контрастивна анализа на македонскиот и на словенечкиот јазик, како и положено со оценка 10 (десет) кај проф. д-р Лидија Аризанковска. Во 2013 год. на Филозофскиот факултет во Љубљана во Словенија спроведував научноистражувачка работа од дијалектолошки карактер за пишување на магистерскиот труд, воедно ги надоградував знаењата од областа на словенечкиот јазик, литература и култура.

**Биографски податоци на кандидатката д-р Марија Гркова**

Во 2010 год. кандидатката д-р Марија Гркова се запишала на постдипломски студии на групата Македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2014 год. го одбранила магистерскиот труд со наслов „Усвојување на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски“, под менторство на проф. д-р Лидија Тантуровска (редовен професор на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“). Кандидатката се стекнала со научен назив **магистер по филолошки науки, област?**

**Поставени прашања до Рецензентската комисија и до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет:**

1. Дали кандидатката д-р Марија Гркова ги заврши постдипломските студии на студиската група Македонски јазик на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, бидејќи менторот на нејзиниот магистерски труд е професор на истата институција?
2. Дали кандидатката д-р Марија Гркова го одбрани магистерскиот труд на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, бидејќи темата на нејзиниот магистерски труд се однесува на македонскиот јазик како странски?
3. Зошто Рецензентската комисија и кај двете кандидатки го спомену стручниот назив магистер по филолошки науки, а областа не ја наведува во **Извештајот**?
4. Зошто во биографските податоци на кандидатката д-р Марија Гркова се нагласува името на менторот (проф. д-р Лидија Тантуровска) на магистерскиот труд и на докторската дисертација, а во биографските податоци на кандидатката м-р Македонка Додевска не се нагласува името на менторот (?) на магистерскиот труд и на пријавената тема за изработка на докторска дисертација?

**Образложение до Рецензентската комисија од м-р Македонка Додевска:**

Во академската 2016/2017 год. се запишав на докторските студии на студиската програма Македонистика, потпрограма Македонски јазик и лингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Испитите ги положив со просек 9,57, а до 29.05.2019 год. заврших со третиот циклус на академски студии. Во 2018 год. ја пријавив темата за докторска дисертација „Терминологијата низ процесот на зборообразувањето во македонскиот и во словенечкиот јазик (со акцент на дел од медицинската терминологија)“, под менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска. Како докторантка на студиската програма Македонистика, потпрограма Македонски јазик и лингвистика, ја избрав оваа компаративна тема за изработка на докторската дисертација, бидејќи го имам избрано и полагано предметот Споредбени проучувања меѓу македонскиот и словенечкиот јазик (како јужнословенски јазик) на докторските студии. Испитот го положив со оценка 10 (десет) кај проф. д-р Лидија Аризанковска.

**Биографски податоци на кандидатката д-р Марија Гркова**

Во академската 2014/2015 год. кандидатката д-р Марија Гркова се запишала на трет циклус на академски студии на студиската програма Македонистика, насока Научноистражувачки студии на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2018 год. ја одбранила докторската дисертација „Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско“, под менторство на проф д-р Лидија Тантуровска, воедно се стекнала со **научен назив д-р по хуманистички науки-македонистика-научноистражувачки работи**.

**Поставени прашања до Рецензентската комисија и до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет:**

1. Дали кандидатката д-р Марија Гркова ги завршува докторските студии на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје?

**Образложение за кандидатката д-р Марија Гркова:** Студиската програма Македонистика, насока Научноистражувачки студии на македонскиот јазик е насока што се изучува на трет циклус на академски студии во ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје. Кандидатката д-р Марија Гркова со завршените докторски студии и со стекнатиот научен назив д-р по хуманистички науки-македонистика-научноистражувачки работи, со оваа звање треба да биде млад истражувач, а со завршените постдипломски студии и како магистер по филолошки науки, **област?**, според мене треба да предава македонски јазик како странски на Институтот за јазици, како што ѝ гласи и темата на магистерскиот труд, а таа е предложена да биде ангажирана во настава во соработничко звање асистент од областите Македонистика и Морфологија. **Зошто?**

**Образложение за кандидатката м-р Македонка Додевска:** Кандидатката м-р Македонка Додевска со завршени додипломски студии на студиската група Македонски јазик и јужнословенки јазици, наставна насока, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, со завршени постдипломски студии на студиската група Македонски јазик, наставна насока, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, со завршени докторски студии на студиската програма Македонистика, потпрограма Македонски јазик и лингвистика, наставна насока, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, којашто треба да биде ангажирана во настава, не е предложена да биде ангажирана во настава во соработничко звање асистент од областите Македонистика и Морфологија. **Зошто?**

**Цитирам дел од Конкурсот за вработување објавен на 04.02.2019 год. во весникот „Нова Македонија":** „За асистент може да биде избрано лице кое има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити, има стекнато назив од соодветната област, има остварено просечен успех најмалку 8,00 (осум) на прв и втор циклус на академски студии посебно, има познавање на најмалку еден странски јазик".

**Образложение за кандидатката м-р Македонка Додевска:** Јас, м-р Македонка Додевска имам дипломирано на Македонски јазик и јужнословенски јазици со остварен просек 9,54, вкупно освоени 273 ЕКТС кредити, магистрирано на Македонски јазик со остварен просек 10, вкупно освоени 60 ЕКТС кредити, и се стекнав со научен назив магистер по филолошки науки, област Македонски јазик. Од приложената документација и од моите биографски податоци напишани од Комисијата (копија од уверение за познавање на англиски јазик заверена на нотар, оригинална потврда и оригинален сертификат за познавање на германски јазик), Наставно-научниот совет може да утврди дека имам познавање од два странски јазика (англиски и германски). Дипломирав од областа старословенски јазик, магистрирав од областа дијалектологија, а ќе докторирам од областа зборообразување на современ македонски јазик, па од овие податоци може да утврдите дека како магистер и иден доктор по филолошки науки ми е дозволено да држам предавања и вежби по предметите Старословенски јазик, Споредбена граматика на словенските јазици, Историја на македонски јазик, Дијалектологија, Зборообразување на современиот македонски јазик и сите останати предмети по современ македонски јазик. Во **Извештајот** не е предложена м-р Македонка Додевска **за соодветен кандидат за асистент за научната област Македонистика и Морфологија од Рецензентската комисија. Зошто?**

**Образложение за кандидатката д-р Марија Гркова:** Кандидатката д-р Марија Гркова со несоодветно високо образование (прв циклус на академски студии), со

завршени втор и трет циклус на академски студии на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (македонски јазик како странски и научноистражувачки студии на македонскиот јазик), **со остварен просек ?, вкупно освоени ЕКТС кредити ?** на прв и втор циклус на академски студии, во нејзините биографски податоци Комисијата **нема спомнато уверение, потврда или сертификат за познавање на еден странски јазик** од страна на кандидатката. Во **Извештајот** е предложена д-р Марија Гркова за соодветен кандидат за асистент за научната област Македонистика и Морфологија од Рецензентската комисија. **Зошто?**

2. Зошто во **Извештајот** од Рецензентската комисија не е напишан остварениот просек на кандидатите, вкупно освоените ЕКТС кредити на прв и втор циклус на академски студии?
3. Зошто во биографските податоци во **Извештајот** на кандидатката д-р Марија Гркова не се наведени ниту уверение ниту потврда или сертификат за познавање на еден странски јазик?
4. Дали кандидатката д-р Марија Гркова има завршено соодветен прв циклус на академски студии (Педагошки факултет при УГД, наставна насока, дипломиран **професор по одделенска настава**) и дали има остварено повисок просек и повеќе освоени ЕКТС кредити на прв и втор циклус на академски студии во однос на кандидатката м-р Македонка Додевска, па затоа Комисијата избегнува да ги нагласи овие биографски податоци за двете кандидатки?
5. Дали според Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области **според меѓународната Фраскатиева класификација** преземена од Министерството за образование и наука, Педагошкиот факултет, односно (Образование на наставници) е класифициран во истото научноистражувачко подрачје и со иста шифра, како и Филолошкиот факултет, односно (областа Македонистика и Морфологија)?

Во прилог ќе Ви доставам примерок од **меѓународната Фраскатиева класификација** како доказ за предложената кандидатка за асистент за научните области Македонистика и Морфологија на Филолошкиот факултет во Штип.

**Образложение на Комисијата за волонтерското и работното искуство на кандидатката м-р Македонка Додевска:**

Во периодот од 21.11.2012 до 21.05.2013 год. бев волонтер на Одделението за дијалектологија при ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје со цел стекнување на работно искуство и стручно звање од областа на дијалектологија, во соработка со проф. д-р Веселинка Лаброска.

Во 2013 год. при престојот на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана во Словенија бев вклучена во наставата по македонски јазик (држев предавања и вежби по граматика на македонскиот јазик, област морфологија) за студентите од студиската програма Јужнословенски студии на Катедрата за македонски јазик и книжевност, во соработка со проф. д-р Намита Субиото.

Во периодот од 19.02.2015 год. до 29.05.2015 год. бев волонтер на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (со ангажираност во наставата по предметите Зборообразување на СМЈ и Фразеологија на СМЈ, во соработка со проф. д-р Толе Белчев, и во наставата по предметите Морфологија на СМЈ и Синтакса на СМЈ, во соработка со проф. д-р Виолета Николовска).

**Поставени прашања до Рецензентската комисија и до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет:**

1. Зошто Рецензентската комисија во **Извештајот** не го објасни во детали моето волонтерско и работно искуство туку во три реченици беше опишано сè во делот биографски податоци на кандидатката м-р Македонка Додевска? Дали на ист начин беше опишано волонтерското и работното искуство на кандидатката д-р Марија Гркова?
2. Зошто Рецензентската комисија во **Извештајот** не ги спомена универзитетските професори со кои соработував во периодот кога волонтирав и стекнував работно искуство, како што беа споменати универзитетските професори во делот општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност со кои соработуваше кандидатката д-р Марија Гркова?
3. Зошто Рецензентската комисија во **Извештајот** не ги спомена **Препораките за вработување** од проф. д-р Лидија Аризанковска (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје) и проф. д-р Искра Пановска-Димкова (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје)?

**Образложение на Комисијата:** Со проф. д-р Лидија Аризанковска работев на научноистражувачки статии, а во периодот од 2011 год. со запишување на вториот циклус на академски студии, па сè до денес ѝ помагав и во наставата.

**Забелешки за Рецензентската комисија во врска со волонтерското и работното искуство на кандидатката д-р Марија Гркова:**

Во академската 2015/2016 год. д-р Марија Гркова била ангажирана како волонтер на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип сè до 2018 година. **Како?** Во тој период контактирав со деканката доц. д-р Драгана Кузмановска да ми овозможи да продолжам со волонтирањето на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, но таа не ми дозволи со објаснување дека нема да има волонтери на факултетите според Законот за високо образование. Оваа информација можам да ја докажам со факти.

1. Како **Законот за високо образование** од 2015/2016 год. за немање волонтери на факултетите при УГД, важеше и мораше да се почитува од кандидатката м-р Македонка Додевска, напуштајќи го Филолошкиот факултет во Штип, а истиот закон не важеше и не мораше да се почитува од кандидатката д-р Марија Гркова, која волонтирала од 2015 год. до 2018 год. на истиот факултет?

**Образложение:** Овој закон важеше за кандидатката м-р Македонка Додевска, бидејќи таа немаше поддршка од деканката доц. д-р Драгана Кузмановска и потекнува од семејство без еден родител 11 години, а истиот закон не важеше за кандидатката д-р Марија Гркова, бидејќи таа ја имаше поддршката од деканката доц. д-р Драгана Кузмановска, воедно е и ќерка на родител вработен на еден од факултетите при УГД во Штип.

Во 2010 год. кандидатката д-р Марија Гркова го започнала работното искуство како волонтер на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип.

**Образложение:** Од делот наставно-образовна и научноистражувачка дејност на кандидатката д-р Марија Гркова ќе цитирам една реченица: „Може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Гркова во текот на нејзиното **безмалку десетгодишно ангажирање како волонтер, предавач и демонстратор на Филолошкиот факултет во Штип (во чии рамки е Институтот за јазици)** се стекнала со солидно работно искуство во високообразовната настава“.

1. Како може кандидатката д-р Марија Гркова да има **безмалку десетгодишно** ангажирање како волонтер, предавач и демонстратор на Филолошкиот факултет во Штип (во чии рамки е Институтот за јазици)?

**Образложение:** Во претходниот дел пишува дека за првпат почнува како волонтер на овој факултет во 2010 год., кога и дипломира на Педагошкиот факултет. Филолошкиот факултет при УГД во Штип е отворен 2008 год., а оваа година славеше десетгодишнина од неговото отворање.

2. Дали постои логика за овој биографски податок на кандидатката?

**Образложение на Комисијата:** Во делот општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Марија Гркова: „Во наставно-образовната дејност Гркова стекнувала наставни вештини во високото образование како волонтер и соработник на искусни, познати и признати професори како што се проф. д-р Толе Белчев (од Филолошкиот факултет во Штип), проф. д-р Снежана Веновска-Антевска (од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков во Скопје) и проф. д-р Симон Саздов (од Филолошкиот факултет „Блаже Конески во Скопје)“.

**Образложение на кандидатката м-р Македонка Додевска за Комисијата:**

Кандидатката м-р Македонка Додевска како волонтер соработуваше и стекнуваше знаења во високообразовната настава од проф. д-р Лидија Аризанковска (од Филолошкиот факултет „Блаже Конески во Скопје), од проф. д-р Веселинка Лаброска (од ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков во Скопје), од проф. д-р Виолета Николовска (од Педагошкиот факултет во Штип), од проф. д-р Толе Белчев (од Филолошкиот факултет во Штип) и од проф. д-р Намита Субиото (од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана во Словенија). Во делот општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката м-р Македонка Додевска, Рецензентската Комисија не пишува ниту еден збор. **Зошто?**

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на м-р Македонка Додевска**

Во делот наставно-образовна и научноистражувачка дејност на м-р Македонка Додевска **цитирам неколку реченици напишани од Рецензентската комисија**: „Во својата научноистражувачка работа, освен избраниот и одбранет магистерски труд, кандидатката м-р Македонка Додевска има објавено 6 трудови од кои 5 се коавторски и еден авторски труд“. „Објавените 5 коавторски трудови и еден авторски труд се однесуваат доминантно на областите дијалектологија, што може да се види од приложениот преглед на трудовите и од дадената евалуација за секој труд одделно“.

**Образложение до Рецензентската комисија од м-р Македонка Додевска:**

На почеток да кажам дека не се согласувам со напишаниот **Извештај** за делот наставно-образовна и научноистражувачка дејност на кандидатката м-р Македонка Додевска од страна на Рецензентската комисија. **Зошто?**

Во мојата приложена документација има доставено примероци од вкупно **6 (шест) научни статии**, од коишто **2 (две) се авторски**, а **4 (четири) коавторски**. Имам доставено примерок од дипломскиот труд, магистерскиот труд и од темата за изработка на докторската дисертација.

Во наставно-образовната и научноистражувачката дејност на кандидатката м-р Македонка Додевска, Рецензентската комисија доставила некомплетна и несоодветна евалуација на објавените научни трудови. Евалуацијата на научните трудови на кандидатката м-р Македонка Додевска е прикажана само во неколку кратки реченици во споредба со евалуацијата на научните трудови на кандидатката д-р Марија Гркова, каде што се напишани од 10 до 15 реченици образложение од Рецензентската комисија. **Зошто?**

Во евалуацијата на моите научни трудови Комисијата обрнува внимание само на целта на трудот преземен од апстрактот или на придонесот од трудот преземен од заклучокот. Рецензентската комисија според напишаната евалуација во **Извештајот** не се ни обидела да ги прочита, а не да ги образложи моите научни трудови. **Зошто?**

Во документацијата беше приложен примерок од мојот **одбранет дипломски труд** со наслов „Еровите во македонските црковнословенски текстови (со посебен осврт на Карпинско евангелие и Македонско четвороевангелие)“, под менторство на проф. д-р Емилија Црвенковска (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје). Рецензентската комисија во напишаниот **Извештај** го нема споменато со наслов мојот дипломски труд, а не пак да напише евалуација на трудот. **Зошто?** Комисијата не можеше да го разбере дипломскиот труд и да напише негова евалуација, бидејќи трудот е напишан на старословенски јазик.

**Образложение на евалуацијата на трудовите на кандидатката м-р Македонка Додевска до Рецензентската комисија:**

**Преглед и евалуација на двата авторски труда каде фигурирам како прв автор:**

**Додевска Македонка (2015).** *Овчеполскиот и словеничкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет. Филолошки студии*, Год. XIII, Том 2, стр. 313–326.

**Евалуација на трудот: Зошто** Рецензентската комисија во самиот наслов на објавениот труд не ја наведе електронската адреса www.philologicalstudies.org., каде што е прикачен трудот од списанието „Филолошки студии“? Списанието „Филолошки студии“ е резултат на меѓународната соработка помеѓу **Филолошкиот факултет при Пермскиот државен Универзитет** (Русија), **Факултетот за уметности при Универзитетот во Љубљана** (Словенија), **Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје** (Македонија), **Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб** (Хрватска) и **Институтот за литература и уметност во Белград** (Србија). **Зошто** Рецензентската комисија не напиша дека мојот научен труд е објавен во меѓународно научно списание, како што тоа го објаснува во

научниот труд **Нешто за резултатите од анонимниот тест спроведен кај учениците од VI одделение во Штипско (2016).** на кандидатката д-р Марија Гркова?

Овој труд е значаен оригинален научен труд од областите македонистика, словенистика, славистика, дијалектологија, фонетика и фонологија, **морфологија**, зборообразување и лексикологија, објавен во меѓународно научно списание. Во самиот научен труд може да се забележи уште на почетокот дека пишува оригинален научен труд. Ако комисијата го прочитала трудот можела да утврди дека во него се образложени фонетско-фонолошките особености на овчеполскиот дијалект, акцентот на овчеполскиот дијалект, **морфолошките и зборообразувачките особености** на овчеполскиот и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект и лексичките особености на овчеполскиот и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект. Во евалуацијата на овој труд Комисијата не го пишува точното образложение на трудот, како што ја исфрла и **областа морфологија. Зошто?**

**Додевска Македонка, Лаброска Веселинка (2015).** *Преглед на лексиката на овчеполскиот дијалект и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект според потеклото.* Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Штип, Год. 6, Бр. 6, стр. 47–51.

**Евалуација на трудот:** На овој научен труд како прв автор фигурира кандидатката м-р Македонка Додевска, а како коавтор проф. д-р Веселинка Лаброска, а тоа може да се утврди од имињата и презимињата на авторките напишани на почетокот на самиот труд, **почитувана Комисијо**! Во овој труд не е нагласено дека се обработени зборовите од туѓо (несловенско) потекло (турцизмите и грцизмите во овчеполскиот дијалект) и зборовите од туѓо (несловенско) потекло (германизмите, италијанизмите и унгаризмите во словенечкогоришкиот-горички дијалект). **Зошто?**

**Преглед и евалуација на четирите авторски трудови каде фигурирам како втор автор:**

**Аризанковска Лидија, Додевска Македонка (2013).** *Влијанието на стандардниот македонски јазик врз североисточните* ***македонски*** *дијалекти (со посебен осврт на говорот во регионот на Овче Поле).* Зборник на трудови „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како извор на културата“, стр. 139–147. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

**Евалуација на трудот:** Рецензентската комисија дури направила грешка при пишување на насловот на овој научен труд, па затоа морав сама да извршам корекција. Во овој труд Комисијата го образложила само апстрактот на трудот, но не дала преглед на обработените јазични рамништа и на транскрибираните текстови со фонетска транскрипција. Во трудот се обработени главните особености на овчеполскиот дијалект на фонетско-фонолошко, **морфолошко** и лексичко јазично рамниште. **Зошто** Комисијата не го споменува **обработеното морфолошко јазично рамниште**? Во **евалуацијата на трудот** не е дадено образложение на поставеното прашање **Дали дијалектите во Овче Поле изумираат? Зошто?**

**Аризанковска Лидија, Додевска Македонка (2016).** *Дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба.* Зборник на трудови „Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен“, стр. 137–149. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд ќе цитирам една реченица напишана од Рецензентската комисија во делот **општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката м-р Македонка Додевска:** „Од аспект, пак, на стручно-апликативната дејност, според доставената документација, кандидатката учествувала на еден домашен научен собир, односно на XX научен собир „Денови на Благоја Корубин" одржан на 14 и 15 април 2016 година, но во документацијата не го приложила своето излагање на научниот собир така што комисијата не беше во можност да изврши негова евалуација". **Образложение до Комисијата:** Почитувана комисијо! Сакам да Ви укажам на вашата грешка и вашиот направен пропуст за научниот труд, за којшто велите дека не е доставен во мојата документација. Потврдата за учество на XX научен собир „Денови на Благоја Корубин" одржан на 14 и 15 април 2016 година во ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје, да ја разгледавте и прочитавте подобро, воедно и да ги прочитавте целосно сите мои 6 (шест) научни трудови ќе сфатевте дека веќе имате напишано евалуација на трудот. Во документацијата проверете ги сите мои трудови и ќе забележите дека се фотокопирани заедно со корицата и содржината на сите испечатени трудови, дали се работи за списание или за зборник на трудови. Од самата фотокопирана корица, содржината и научниот труд можевте да сфатите дека се работи за евалуација на трудот: **Аризанковска Лидија, Додевска Македонка (2016).** *Дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба*. Зборник на трудови „Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен", стр. 137–149. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков". Уште еден факт со кој се докажува дека **Комисијата** не само што не обрнала внимание туку и не ги прочитала моите научни трудови, па како да очекувам напишана евалуација на трудовите со 10 или 15 реченици.

**Зошто почитувана Комисијо** повторно вршите **дискриминација** на моите научни и објавени трудови при пишување на нивната евалуација, како што правевте грешки и пропусти во моите биографски податоци?

И во овој труд, како и во останатите трудови, Комисијата дава преглед само на апстрактот. **Зошто**? Во овој научен труд македонската и словенечката лексика е класифицирана според поделбата претставена со субјективна оценка во монографијата „Лексичко-семантичка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик" (Јованова-Грујовска 2012: 72–127). Во табели се направени паралели на именки и придавки со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба. Овој труд се однесува на областа лексикологија, но доминира и **областа морфологија**, бидејќи се обработени именките и придавките со ист корен во два јужнословенски јазика, со нивното лексичкото значење. **Зошто** не е објаснето од **Комисијата во евалуацијата на трудот** дека лексемите со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик се класифицирани во 15 групи, а секоја група содржи по две или повеќе подгрупи?

**Аризанковска Лидија, Додевска Македонка (2017).** *Нов труд од областа на зборообразувањето*. Литературен збор. **Филолошки факултет „Блаже Конески"** во Скопје, Год. LXIV, Бр. 1-6, стр. 129–132.

**Евалуација на трудот:** Рецензентската комисија повторно прави грешка во насловот на научниот труд, не наведува дека списанието „Литературен збор" е списание на Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје, како и во евалуацијата на трудот прави големи пропусти и грешки. Во научниот труд со наслов *„Нов труд од*

*областа на зборообразувањето*"е дадено приказ на монографијата со наслов „*Очерки о языке современных славянских СМИ" (семантико-словообразовательный и лингвокультурологический аспекты)* од Елена И. Коряковцева од Полска. **Комисијата** ја цитира само последната реченица напишана во трудот: Оваа монографија „е дел од повеќедецениско научно истражување на авторката, посветена на теми од областа на зборообразувањето и лексикологијата, при што ги следи современите лингвистички текови и претставува голем придонес кон славистичката лингвистичка наука". **Зошто** Комисијата нецелосно и несоодветно го образложува **приказот на монографијата** од **авторката Елена И. Коряковцева од Полска**?

Монографијата „*Очерки о языке современных славянских СМИ" (семантико-словообразовательный и лингвокультурологический аспекты)* од Елена И. Коряковцева **содржи вовед, 12 статии, а не 11 статии како што пишува Комисијата,** заклучок, резиме, а завршува со библиографија, користени речници и информации за авторката. Во воведот е даден преглед на јазичен корпус составен од неодеривати во рускиот, полскиот и чешкиот јазик. За оваа монографија е дискутирано на XIV и XV меѓународен конгрес за слависти (Македонија, Охрид, 2008 год; Белорусија, Минск, 2013 год.).

Во приказот на монографијата е даден преглед на руски, полски и чешки неодеривати образувани со суфиксни и префиксни форманти, образување на хибридни неодеривати, образување на неоуниверби со интернационални форманти во украинскиот јазик, преглед на начините на образување универбати во рускиот, полскиот и чешкиот јазик, образување на универбати со и без суфиксни форманти, преглед на неодеривати образувани врз база на неоуниверби, преглед на афиксоидацијата, префиксоидацијата и суфиксоидацијата, како и преглед на тесната поврзаност на зборообразувањето и на лексикологијата.

**Николовска Виолета, Додевска Македонка (2018).** *Лексиката при производство на млечни продукти во говорот на с. Црнилиште и с. Ѓуѓанце – Светиниколско.* **Зборник на трудови:** „Јазикот како запис на културата во етнолошката и лингвистичката анализа на релација Србија – Македонија", стр. 39–58. Белград: Српска академија на науките и уметностите; Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

**Евалуација на трудот:** И во последниот труд **Комисијата** прави пропуст, бидејќи **не споменува дека трудот е испечатен во зборник на меѓународно ниво**. Во документацијата проверете ги сите мои трудови и ќе забележите дека се фотокопирани заедно со корицата и содржината на сите испечатени трудови, дали се работи за списание или за зборник на трудови. Овој труд е оригинален етнолингвистички труд и е објавен во меѓународен зборник на трудови Том 1. Трудот е со значаен лексички материјал од направени теренски истражувања, кои даваат интересен преглед и анализа на лексемите за именување на млечни производи и посатки за преработка на млеко во светиниколскиот крај во североисточна Македонија. **Зошто Комисијата** не го образложи делот во трудот со наслов **Анализа на лексиката со процесот на изработка на млечни производи**? Лексемите за посатките се споредени со лексеми преземени од повеќе етимолошки речници, коишто се наведени во делот **Литература**. Овој труд е богат со 10 (десет) транскрибирани текстови со фонетска транскрипција од с. Црнилиште и с. Ѓуѓанце – Светиниколско.

1. Зошто Рецензентската комисија во евалуацијата на трудовите на кандидатката м-р Македонка Додевска не ја споменува **областа морфологија**, иако доминира во дел од нив?
2. Дали е вистина дека во евалуацијата на трудовите на кандидатката д-р Марија Гркова доминира **областа морфологија** во сите трудови, па затоа е предложена за **асистент за научната област Македонистика и Морфологија**?

**Образложение за комисијата:** Не се согласувам со вашиот предлог дека во сите научни трудови на кандидатката д-р Марија Гркова доминира **областа морфологија**, бидејќи го прочитав и анализирав и нејзиниот **Извештај**.

**Приказ на дипломскиот труд на кандидатката м-р Македонка Додевска:**

Во мојата приложена документација има доставено примерок од дипломскиот труд со наслов „Еровите во македонските црковнословенски текстови (со посебен осврт на Карпинско евангелие и Македонско четвороевангелие)", под менторство на проф. д-р Емилија Црвенковска (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје). **Зошто во Извештајот не е споменат дипломскиот труд** и **зошто не е направен приказ** на трудот од Рецензентската комисија? Во Конкурсот за вработување се бараше да се приложи комплетна, соодветна и валидна документација од прв и втор циклус на академски студии. **Дали** приложениот **дипломски труд** не е документ за **прв циклус на академски студии**?

Дипломскиот труд со наслов „Еровите во македонските црковнословенски текстови (со посебен осврт на Карпинско евангелие и Македонско четвороевангелие)", под менторство на проф. д-р Емилија Црвенковска (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје) содржи вкупно 32 страни. Во него се обработени еровите во македонските црковнословенски текстови (со посебен осврт на Карпинско евангелие и Македонско четвороевангелие).

Трудот е составен од Вовед, Предмет на истражување, Карпинско евангелие, Македонско четвороевангелие, Еровите во ракописите од македонска редакција, Еровите во Карпинско евангелие и во Македонско четвороевангелие, Употреба на еровите во Карпинско евангелие и во Македонско четвороевангелие, Вокализација на еровите во Карпинско евангелие и во Македонско четвороевангелие, Рефлексите на еровите во македонските дијалекти, Заклучок, Резиме, Скратеници на користени извори, Користени речници и Библиографија.

Целта на овој труд е да се разгледаат разликите при губење на еровите, при чување на еровите и при вокализација на еровите во силна и слаба позиција во Карпинско евангелие и во Македонско четвороевангелие. Направен е избор на текстови од три евангелија: евангелие по Лука, евангелие по Марко и евангелие по Матеј. Во овој труд се застапени повеќе научни области: старословенски јазик, дијалектологија, **морфологија**, фонетика и фонологија, зборообразување, лексика, македонистика, славистика.

**Приказ на магистерскиот труд на кандидатката м-р Македонка Додевска:**

**Рецензентската комисија** повторно пишува некомплетен и несоодветен приказ на магистерскиот труд со наслов „Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет", под менторство на проф. д-

р Лидија Аризанковска (редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје) на кандидатката м-р Македонка Додевска.

Во приказот на магистерскиот труд Комисијата споменува само неколку факти: целта на трудот преземена од Воведот (паралели на еден североисточен дијалект „овчеполскиот" и еден словеначки североисточен дијалект „словенечкогоришкиот-горичански"), табелите со лексеми со ист или со различен корен карактеристични за двата јужнословенски дијалекта, воедно карактеристични и за македонскиот и за словенечкиот стандарден јазик и завршува со Заклучокот дека овчеполскиот дијалект е „преоден говор". Овој труд го поврзува со неколку научни области дијалектологија, македонистика, словенистика, славистика, компаративна лингвистика, се прашувам каде се останатите научни области ... **Почитувана комисијо! Дали** воопшто го анализиравте и проучивте мојот магистерски труд? **Дали** може **Комисија** да напише на толку прост начин приказ на магистерски труд од една страна, а магистерскиот труд е составен од 186 страници? **Зошто Комисијата** во магистерскиот труд не ја споменува **научната област морфологија** и останатите разработени области?

Во прилог Ви ја доставувам **Содржината на мојот магистерски труд** како доказ за Наставно-научниот совет да види и да се увери **каква дискриминација е извршена врз кандидатката м-р Македонка Додевска** од Рецензентската комисија во напишаниот Извештај. Во мојата приложена документација може да го побарате примерокот од дипломскиот и од магистерскиот труд за да ги проучите и да заклучите на кој начин соодветната кандидатка м-р Македонка Додевска не е предложена за асистент од Комисијата.

**СОДРЖИНА:**


0. ВОВЕД
1. Од историскиот развиток на Свети Николе
1.1. Местоположбата на општина Свети Николе
2. ФОНЕТСКО-ФОНОЛОШКИ ОСОБЕНОСТИ НА ОВЧЕПОЛСКИОТ ДИЈАЛЕКТ
2.1. Вокален систем
2.2. Консонантски систем
2.3. АКЦЕНТ
3. МОРФОЛОШКИ И ЗБОРООБРАЗУВАЧИ ОСОБЕНОСТИ НА ОВЧЕПОЛСКИОТ И НА СЛОВЕНЕЧКОГОРИШКИОТ (ГОРИЧАНСКИ) ДИЈАЛЕКТ
3.1. Морфолошки особености на овчеполскиот дијалект
3.1.1. ИМЕНКИ
3.1.2. ПРИДАВКИ
3.1.3. ЗАМЕНКИ
3.1.4. БРОЕВИ
3.1.5. ПРИЛОЗИ
3.1.6. ПРЕДЛОЗИ
3.1.7. ГЛАГОЛИ
3.2. Зборообразувачки особености на овчеполскиот и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект
3.2.1. Образување на именките во овчеполскиот и во словенечкогоришкиот (горичански) дијалект

3.2.2. Образување на придавките во овчеполскиот и во словеневчкогоришкиот (горичански) дијалект
4. ЛЕКСИЧКИ ОСОБЕНОСТИ НА ОВЧЕПОЛСКИОТ И НА СЛОВЕНЕЧКОГОРИШКИОТ (ГОРИЧАНСКИ) ДИЈАЛЕКТ
4.1. Преглед на лексичкиот состав на овчеполскиот дијалект
4.2. Преглед на лексичкиот состав на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект
4.3. ТАБЕЛИ
5. ЗАКЛУЧОК
ФОНЕТСКА ТРАНСКРИПЦИЈА НА ОВЧЕПОЛСКИОТ ДИЈАЛЕКТ
ФОНЕТСКА ТРАНСКРИПЦИЈА НА СЛОВЕНЕЧКОГОРИШКИОТ (ГОРИЧАНСКИ) ДИЈАЛЕКТ
ТЕКСТОВИ
Карта 1
Карта 2 и 3
СКРАТЕНИЦИ НА КИРИЛИЦА
СКРАТЕНИЦИ НА ЛАТИНИЦА
КОРИСТЕНИ РЕЧНИЦИ НА КИРИЛИЦА
КОРИСТЕНИ РЕЧНИЦИ НА ЛАТИНИЦА
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА НА КИРИЛИЦА
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА НА ЛАТИНИЦА

**Поставени прашања до Рецензентската комисија за приказот на кандидатката д-р Марија Гркова:**

1. Дали на една страница и на толку прост начин беше напишан приказот на кандидатката д-р Марија Гркова или на повеќе од две страници?
2. Дали во приказот на кандидатката д-р Марија Гркова не беше спомената структурата на магистерскиот труд (3 глави, вовед и заклучни забелешки)?
3. Дали во приказот на кандидатката д-р Марија Гркова беше **исфрлена областа морфологија**?

**Образложение до Рецензентската комисија од м-р Македонка Додевска:**

Почитувана комисијо, не значи ако темата на магистерскиот труд е морфолошка и темата на докторската дисертација е морфолошка на кандидатката д-р Марија Гркова во трудовите се обработува само **областа морфологија**. Во приказот на магистерскиот труд на д-р Гркова се обработени трите глави, коишто укажуваат дека кандидатката посветува повеќе внимание на македонскиот јазик како странски. Темата на трудот „Усвојување на граматичките категории  кај именките во македонскиот јазик како странски" покажува дека усвојувањето е дел од научната област методика на јазик. Докторската дисертација со наслов „Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско", според мене насловот е морфолошки ... Во академската 2016/2017 год. кога кандидатката д-р Марија Гркова ја претставуваше нејзината презентација на последната докторска конференција од трет циклус на академски студии во една од предавалните на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, ☒ беше поставено прашањето од тричлената Комисија: **Зошто** темата за докторска дисертација повеќе е **педагошка**, а не од областа на филологијата?

**Образложение на одобрената тема за изработка на докторска дисертација на м-р Македонка Додевска**

Во 2018 год. ми беше одобрена темата за изработка на докторска дисертација со наслов „Терминологијата низ процесот на зборообразувањето во македонскиот и во словенечкиот јазик (со акцент на дел од медицинската терминологија)", под менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска.

Сакам да Ви образложам во кратки црти за темата за изработка на докторската дисертација за да Ви биде јасно дека и кај кандидатката м-р Македонка Додевска е застапена областа **морфологија**. Зборообразувањето во македонскиот јазик е дел од **морфологијата** и лексикологијата. Почетоците на зборообразувањето во македонскиот јазик почнуваат со објавената монографија „Зборообразувањето во македонскиот јазик" (1995 год.) од проф. д-р Кирил Конески. Според македонската теорија за зборообразување на Кирил Конески имаме **морфолошки начин** на зборообразување во македонскиот јазик. Сакам да Ѝ докажам на Рецензентската комисија дека дел од моите научни статии, мојот дипломски и магистерски труд, па дури и докторската дисертација на која работам во моментот ја содржат **научната област морфологија**. Зошто во **Извештајот** како надлежна **Комисија** не ја споменавте **научната област морфологија** кај кандидатката м-р Македонка Додевска?

За крај да потенцирам до Комисијата дека современите лингвистички научни истражувања и научни трудови не се фокусираат само на **областа морфологија**, бидејќи веќе имаме напишани граматики (првата Граматика на македонски јазик од Круме Кепески, Граматиката на македонскиот литературен јазик од проф. д-р Блаже Конески, Општата граматика на македонскиот јазик од група универзитетски професори од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје). Морфологијата имплицитно е вклучена во современите лингвистички научни истражувања и научни трудови, како што е и во моите научни истражувања и научни трудови.

Во приложениот **Приговор** до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, јас, м-р Македонка Додевска барам да биде разгледан и усвоен мојот **Приговор**, бидејќи сум дискриминирана во донесениот **Извештај** од поранешната тричлена **Рецензентска комисија**. Барам од новоформираната Комисија да донесе праведна Одлука, со која ќе биде предложена соодветната кандидатка м-р Македонка Додевска за асистент за научната област Македонистика и Морфологија на Филолошкиот факултет во Штип, бидејќи кандидатката м-р Македонка Додевска е со завршено соодветно високо образование (додипломски, постдипломски и докторски студии, во тек е изработката на докторската дисертација) и со најдобри резултати според наведените критериуми во Конкурсот за вработување.

Штип, 01.08.2019 год.

Со почит,

м-р Македонка Додевска

...УБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
...ВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 1905-110/1
09. 08 20 19 год.
Ш Т И П

**ДО НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ**
**НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

**Предмет:** Одговор во врска со приговорот од кандидатката м-р Македонка Додевска против реферaтот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, објавен во Универзитетски билтен бр. 236 од 12 јули 2019 година.

Приговорот на кандидатката м-р Македонка Додевска е поднесен на 1.8.2019 година и заверен под архивски број 1907-108/1 на Филолошкиот факултет во Штип. Овој приговор се однесува на рефератот за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски билтен бр. 236 од 12 јули 2019 година).

Рецензентската комисија во состав проф. д-р Виолета Јанушева, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола – претседател, доц. д-р Марина Спасовска, доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Тетово – член и проф. д-р Ранко Младеноски, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип – член, во врска со поднесениот приговор од кандидатката м-р Македонка Додевска го констатира следното:

1. Приговорот на кандидатката м-р Македонка Додевска е поднесен (доставен) по изминувањето на рокот за доставување на приговори за објавениот реферат и затоа рецензентската комисија го отфрла овој приговор. Рокот за доставување на приговори за објавените реферати во Универзитетскиот билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е утврден во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник, година VIII, број 33, јуни 2015 година, стр. 7-30) со членот 46: „Во рок од 15 дена од денот на објавувањето на рефератот на рецензентската комисија во Универзитетски билтен, заинтересираните лица (учесници во постапката, наставно-научни работници и соработници од единицата на Универзитетот и од соодветна наставно-научна област на други високообразовни установи) можат да поднесат приговор на објавените реферати за избор во наставно-научни, наставни звања". (Универзитетски гласник, година VIII, број 33, јуни 2015 година, стр. 24). Рефератот (извештајот) на рецензентската комисија за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип беше објавен на 12 јули 2019 година во Универзитетскиот билтен бр. 236, а приговорот на кандидатката м-р Македонка Додевска е доставен на 1.8.2019 година, што значи по истекот на предвидениот рок од 15 дена од објавувањето на рефератот во Универзитетскиот билтен.

2. Рецензентската комисија утврди дека приговорот на м-р Македонка Додевска во одделни негови сегменти содржи злонамерни, недолични и недостоинствени коментари поврзани со членовите на комисијата, со други учесници во конкретната постапка за избор на асистент, со Филолошкиот факултет и со Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното, рецензентската комисија заклучува дека приговорот на кандидатката м-р Македонка Додевска е поднесен по изминувањето на рокот за доставување на приговори и го отфрла како неоснован.

Комисијата, исто така, поради злонамерните и недоличните коментари во содржината од приговорот, му предлага на деканот на Филолошкиот факултет приговорот на кандидатката м-р Македонка Додевска да не се објавува во Универзитетскиот билтен, врз основа на член 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип: „Доколку рецензентската комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката

1905-110/1
09. 08. 19

или на рецензентите, или се навредува јавниот морал, за објавувањето на приговорот одлучува деканот, односно директорот". (Универзитетски гласник, година VIII, број 33, јуни 2015 година, стр. 24).

**Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го отфрли приговорот на м-р Македонка Додевска како неоснован и да го земе предвид заклучокот и предлогот од комисијата во референатот објавен во Универзитетски билтен бр. 236 од 12 јули 2019 година и кандидатката д-р Марија Гркова да биде избрана во соработничкото звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**проф. д-р Виолета Јанушева, вонреден професор – претседател;**

______________________________

**доц. д-р Марина Спасовска, доцент – член;**

______________________________

**проф. д-р Ранко Младеноски, вонреден професор – член.**

______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ
Примено: 23.7.2019
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 2005 | 125/3 | | |

**ДО**
**Наставнонаучниот совет на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**
**Членови на рецензентската комисија**
**Деканот на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**
**Ректорот на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

**ПРЕДМЕТ: ПРИГОВОР**

**НА РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО НАУЧНА ОБЛАСТ ТОКСИКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ„ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

**О Д**: Проф.д-р Даниела Чапароска, редовен професор на Медицинскиот факултет при Уким во Скопје, вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија.

**Почитувани,**

Факултетот за Медицински науки при Универзитетот Гоце Делчев во Штип на 1.3.2019 година објавил конкурс во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ за избор на редовен професор за наставно-научна област **токсикологија** и во предвидениот рок се пријавил д-р Андон Чибишев.

Со Одлука бр 2007-76/1 од 18.3.2019 година донесена на 217. седница на Наставнонаучниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 17.3.2019 година, определена е Рецензентска комисија која со својот предлог и заклучок, д-р Андон Чибишев да биде избран во звање редовен професор во наставно-научната област токсикологија.

Факултетот за Медицински науки и Рецензентската комисија постапиле спротивно на законските прописи од следниве причини:

- Проф.др Даниела Чапароска во ниту еден момент, на ниеден начин, не се **согласила да биде член на Рецензентската комисија.** За да биде инкорпориран член на Рецензентска комисија потребно е да постои пишана изјава за согласност од рецензентот.
- Со објавувањето на рецензијата со три потписи , се добива привид дека трите рецензенти учествувале во изготвувањето на истата, што не е точно. Јасно е од се ова, дека јас не сум учествувала во работата на Рецензентската комисија.

- За да се објави рецензија потребно е сите членови на Рецензентската комисија да се изјаснат, позитивно, негативно, или пак да се има издвоено мислење.
- Спротивно на Законот за високото образование е да се објави рецензија само со два потписа на Рецензентската комисија од 3 члена.
- Според тоа, оваа рецензија потпишана само од 2 члена од Рецензентската комисија е **ништавна** и потребно е да е поништи.
- Злоупотребено е моето име, статус и углед, објавено како член на Рецензентска комсија, без претходно добиена моја согласност, за избор на кандидатот д-р Андон Чибишев за Редовен професор на Факултет за медицински науки со просен успех **6.**

**Заклучок е, направена е тешка злоупотреба на службената положба и овластувања, прво од тие што ја објавиле Рецензијата во Билтенот на УГД без мое знаење и мој потпис,но со мое име, и второ направена е исто така злоупотреба на мојата личност, авторитет и углед во акаедемската заедница, поради што ќе поднесам тужба до надлежните институции .**

19.07.2019

Со почит,

Проф.д-р Даниела Чапароска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ
Примено: 31.7.2019
Орг. единица: 2005- | Број: 125/4 | Прилог: | Вредност:

До
Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Деканот на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Ректорот на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**ПРЕДМЕТ:** одговор на приговор

Одговор на приговорот поднесен од проф др Даниела Чапароска заведен под број 2005-125/3 од 23.07.2019 година во врска со заклучокот на рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област токсикологија (интерна медицина) на Факултетот за медицински науки. објавен во Билтенот на Универзитетот „ Гоце Делчев„ во Штип , број 236 од 12.07.2019 година.

Рецензетската комисија во состав : проф. д-р Никола Лабачевски и проф. д-р Мирјана Ѓукиќ ( третиот член на Рецензентската комисија не се наведува бидејќи приговорот е од членот професор Чапароска која не учествуваше во евалуација на документите и не го потпиша рефератот) го поднесуваат следниот одговор на приговорот:

При разгледување на приложената документација на кандидатот пријавен на конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област токсикологија (интерна медицина) согласно објавениот конкурс во дневните весници „ Нова Македонија„ и „ Коха„ на 01.03.2019 година, рецензентската комисија се раководеше единствено според П Р А В И Л Н И К О Т ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА И АСИСТЕНТИ ДОКТОРАНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП , усвоен на Универзитетски сенат (број на седница: 148 датум: 08.05.2018 година) и Законот за Високо образование ( Сл.весник 82/2018 од 08.05.2018 година).
Рецензентската комисија по разгледување на приговорот констатира дека тој е неоснован по сите наводи и затоа останува на својот став образложен во заклучокот на рефератот.
Рецензентската комисија на почетокот пред да го образложи своето мислење по овој приговор сака да напомене дека почитуваната Проф. Чапароска е член на Рецензентска комисија која имаше обврска да го евалуира и рецензира кандидатот Андон Чибишев кој единствен се пријави на овој конкурс , меѓутоа таа од непознати причини не учествуваше во работата на комисијата и во законски определениот рок не напиша позитивно, негативно или издвоено мислење, што е спротивно на позитивните законски прописи.
Претседателот на рецензентската комисија Проф.д-р Никола Лабачевски во неколку наврати телефонски и електронски ја повика професор Чапароска да учествува во работата на комисијата меѓутоа, за жал, на неговите пораки не доби ниту позитивен, ниту негативен одговор. ( е-маил пораките од 18.05.2019 година и 29.05.2019 година се составен дел од овој одговор на приговорот).

Sent from myMail for iOS

-------- Forwarded message --------
From: <nikola.labacevski@medf.ukim.edu.mk>
To: chaparoskadani@gmail.com <chaparoskadani@gmail.com>
Date: Tuesday, May 28, 2019, 20:30 +0200
Subject: Referat za recenzija

Pocituvana Profesorke, Vo svojstvo na pretsedatel na komisijata za izbor vo nastavno- naucno zvanje od naucnata oblast toksikologija pri UGD-Stip, Ve izvestuvam deka clenot na komisijata, Prof.d-r Mirjana Gjukic vo celost go prifati referatot so sodrzina koja i vam vi ja isprativ i istiot go potpisa. Bidejki Vie ne dadovte zabeleski na sodrzinata na referatot vo rokovite koi vi bea dadeni, Ve pokanuvam na sostanok utre ( 29.05.2019-sreda) vo 12.00 casot vo prostoriite na Institutot za pretklinicka i klinicka farmakologija so toksikologija, Medicinski fakultet, Skopje kako bi go potpisale predlozeniot referat ili bi dostavile izdvoeno mislenje na sto imate pravo soglasno zakonot. So pocit, prof.d-r Nikola Labachevski

Sent from myMail for iOS

Рецензентската комисија смета дека постои законски основ овој приговор да не се објави бидејќи содржи злонамерни наводи кои немаат поврзаност со постапката за избор по ниту еден основ, се навредуваат учесници во постапката, содржи јавни закани за наводно незаконско постапување . ( во склад со член 45 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНОНАУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА И АСИСТЕНТИ ДОКТОРАНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП )

**Член 45**

*Доколку Рецензионата комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, или се навредува јавниот морал, за објавувањето на приговорот одлучува деканот.*

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ПО ПРИГОВОРОТ:

Согласно текстот на приговорот во кој од подносителот се тврди дека Рецензентската комисија постапила незаконски и спротивно на Законот за високо образование го даваме следното образложение:

1. На наводот дека професор Чапароска не дала писмена согласност дека прифаќа да биде член на Рецензентската комисија, мислиме дека забелешката нема законски основ во Законот за високо образование и Правилникот за избор во звања на УГД.
( подносителот се повикува на одредба од правилник на друга високобразовна институција).
2. На наводот дека со објавување на Рефератот со трите имиња на рецензентите се прави привид дека таа учествувала во работата на комисијата, потенцираме дека Рефератот е објавен со трите имиња на рецензентите , меѓутоа, позади имињата на членовите кои ја потпишаа рецензијата стои кратенката с.р.( своерачно), што не е случај позади името на подносителот на приговорот.
3. На наводот дека рецензијата треба да биде потпишана од сите членови на рецензентската комисија, или тие да се изјаснат позитивно, негативно или да имаат издвоено мислење, нагласуваме дека тоа е законска обврска која подносителот на приговорот не ја испочитувал ( член 36,37 и 40 од Правилникот за избор во звања на УГД) . Не изјаснување на член на рецензентска комисија позитивно или негативно предвидува санкции согласно член 207, став 5 од Законот за високо образование .
4. На наводот дека објавувањето на рецензија само со два потписа е спротивно на Законот за високо образование, појаснуваме дека таква одредба во законот не постои, а истото е регулирано со подзаконски акт. Рецензентската комисија се придржуваше кон одредбите од член 38 од Правилникот за избор во звања на УГД.

**Член 38**

***Рецензентската комисија предлогот за избор на кандидатот го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.***
Ако рецензентската комисија нема предлог, согласно со претходниот став, за тоа го известува наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички совет за да се спроведе постапка за избор на нова рецензентска комисија.

5. На наводот дека рецензијата е ништавна и треба да се поништи, сметаме дека постапката за избор е спроведена согласно позитивните законски прописи и подзаконските акти на УГД.

Рецензензетската комисија го задржува правото да не ги коментира останатите наводи во приговорот кои немаат поврзаност со постапката.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Никола Лабачевски, претседател, с.р.

Проф. Д-р Даниела Чапароска, член

Проф. д-р Мирјана Ѓукиќ ,член, с.р